# ПРАВИЛА ЗА РАДИКАЛИТЕ

**Практичен вовед за реалистичните радикали**

**Соул Д. Алински**

Издавач:
Фондација Отворено општество – Македонија

FOUNDATION ФОНДАЦИЈА
OPEN ОТВОРЕНО
SOCIETY ОПШТЕСТВО
MACEDONIA МАКЕДОНИЈА

За издавачот:
Владимир Милчин

Превод од англиски јазик:
Ана Лазаревска

Стручна и јазична редакција:
Анета Маркоска-Чубриновска

Дизајн и подготовка:
Бригада дизајн

Печат:
Скенпоинт

Година:
2014

Тираж:
1.000

**Изданието е некомерцијално.**

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“, Скопје

316.423.3
323.22/.27

АЛИНСКИ, Соул
Правила за радикалите : практичен вовед за реалистичните радикали / Соул Д. Алински ; [превод од англиски Ана Лазаревска]. - Скопје : Фондација Отворено општество - Македонија, 2014. - 180 стр. ; 24 см

Превод на делото: Rules for Radicals : A Practical Primer for Realistic Radicals / Saul D. Alinsky. - Фусноти кон текстот

ISBN 978-608-218-208-7
I. Alinsky, Saul види Алински, Соул
а) Радикали во политиката - Граѓански отпор - Револуција
COBISS.MK-ID 97015562

**Лична благодарност**

До Џејсон Епстеин за неговото подбуцнување, трпеливост и разбирање и за тоа што е прекрасен уредник.

До Сисли Николс за сите часови макотрпна уредувачка помош.

До Сузан Рабинер затоа што ги апсорбираше судирите меѓу корпоративната структура на Рандом хаус и овој писател.

До Џорџа Харпер, благодарност од сесрце за месеците минати во непрекинато чукање и пречукување на машина и затоа што остана со мене сите овие години додека не излезе книгава.

**Благодарност**

Поглавјето „За средствата и целите“ беше презентирано во рамките на Обурновата серија предавања при Синдикалниот теолошки семинар. Некои од другите делови на книгава се делумно презентирани на предавањата од серијата Лидери на Америка при Калифорнискиот технолошки институт во Пасадена, Калифорнија, Политичкиот синдикат на Јеил, Њухевн, Конектикат, април 1970; предавањето од стипендијата Вилис Д. Вуд, Колеџот Амерст, Амерст, Масачусец, мај 1969; Американското друштво на уредниците на дневни весници, Вашингтон, 1968; А. Ф. од Л. - Ц. И. О. Лејбор прес асосиејшон, Мајами, Флорида, декември 1967; Американското друштво Виг-Клајо, Универзитетот Принстон, Принстон, Њу Џерси, 1967; Стогодишно обраќање, Епископален теолошки семинар, Кембриџ, Масачусетс, 1968; Харвардска медицинска конференција, Кембриџ, Масачусетс, 1969.

10 9 8 7 6 5 4

Copyright © 1971 by Saul D. Alinsky All rights reserved under International and Pan-American Copyright Conventions. Published in the United States by Random House, Inc., New York, and simultaneously in Canada by Random House of Canada Limited, Toronto. ISBN: 0-394-44341-1 Library of Congress Catalog Card Number: 70-117651

“On the Importance of Being Unprincipled,” од John Herman Randall, Jr., е објавено со дозвола на издавачите од The American Scholar, Volume 7, Number 2, Spring 1938. Copyright 1938 на the United Chapters of Phi Beta Kappa.

Изборот од Industrial Valley, на Ruth McKenney, е објавен со дозвола на Curtis Brown Ltd. Copyright © 1939 на Ruth McKenney.

Изработено во САД од The Haddon Craftsmen.

*На Ајрин*

*„Онаму каде што нема луѓе, ти биди човек“.*

— Рабин Хилел

*„Нека ме викаат бунтовник ако сакаат, тоа не ме загрижува; но нека одам по ѓаволите, ако си ја продадам душата...“*

— Томас Пејн

*Да не заборавиме барем патем да му оддадеме признание на првиот радикал воопшто: од сите наши легенди, митологија и историја (а кој ли знае каде завршува митологијата и почнува историјата, или што е што), првиот радикал за кој знае човештвото, кој се побунил против поредокот и тоа го сторил толку ефикасно што, ако ништо друго, се здобил со свое кралство – Луцифер.*

— Соул Алински

# Содржина


Пролог ........ 11
Намена ........ 23
За средствата и целите ........ 41
Збор за зборовите ........ 61
Образувањето организатори ........ 73
Комуникација ........ 88
На почетокот ........ 101
Тактики ........ 123
Генеза на тактиката со овластувања ........ 153
Патот пред нас ........ 169

# ПРОЛОГ

РЕВОЛУЦИОНЕРНИТЕ СИЛИ денес имаат две цели, морална и материјална. Нивните млади протагонисти во еден момент потсетуваат на раните христијани идеалисти, но тие во исто време повикуваат на насилство и извикуваат „Спали го системот!“. Тие немаат никакви илузии за системот, но имаат многу илузии за тоа како да го сменат нашиот свет. Токму затоа ја напишав оваа книга. Овие зборови се напишани во очај, делумно и затоа што токму она што тие го прават и ќе го прават ќе му даде значење на она што јас и радикалите од мојата генерација го направивме со нашите животи.

Тие сега се авангардата и мораа да започнат речиси од нула. Малкумина од нас го преживеаја Макартиевиот холокауст од раните 1950-ти, а уште помалку се оние чие разбирање и согледби отишле подалеку од дијалектичкиот материјализам на ортодоксниот марксизам. Моите другари радикали, кои требаше да го пренесат факелот на искуството и сознанијата на новата генерација, едноставно не беа таму. Кога младите го гледаа општеството околу себе, тоа, според нив, беше целото „материјалистичко, декадентно, буржуаско по своите вредности, банкротирано и насилно“. Дали тогаш воопшто е чудно што тие целосно сè отфрлија.

Денешната генерација очајно се труди да најде смисла во својот живот и во светот. Повеќето од нив се производ на средната класа. Тие го отфрлиле своето материјалистичко наследство, ја отфрлиле целта да имаат добро платена работа, дом во некое предградие, автомобил, членство во голф-клуб, патување со прва класа, статус, сигурност и сето она што им значело успех на нивните родители. Го минале сето тоа. Гледале како тоа ги води нивните родители кон средства за смирување, алкохол, долготрајни несреќни бракови, или разводи, висок крвен притисок, чирови, фрустрации и разочарување од „добриот живот“. Ја виделе речиси неверојатната идиотштина на нашето политичко раководство – порано политичките лидери, од градоначалници и гувернери до Белата куќа, беа гледани со почит, па дури и со богобојазност, а денес на нив се гледа со презир. Овој

негативизам денес е проширен и на сите институции, од полицијата и судовите до самиот „систем". Живееме во свет на масовни медиуми кои секојдневно го разоткриваат вроденото лицемерие на системот, неговите противречности и очигледниот неуспех на безмалку секој аспект на нашиот општествен и политички живот. Младите виделе како нивната „активистичка" партиципаторна демократија се претвора во своја антитеза – нихилистичко бомбардирање и убиство. Политичките решенија од минатото, како што се револуциите во Русија и Кина, станаа истата стара работа, само под друго име. Се чини дека потрагата по слобода нема никаква насока или крајно одредиште. Младите се преплавени со толкава тирада од информации и факти што светот почнува да личи на целосен хаос, поради кој панично почнуваат да го бараат она што човекот отсекогаш го барал, начин на живеење кој има некакво значење или смисла. Начин на живеење значи определен степен на ред во кој нештата имаат некакви односи и може да се состават заедно во систем кој барем дава некои индикации за тоа која е смислата на животот. Луѓето отсекогаш копнееле и барале насока, кога создавале религии и политички филозофии, кога создавале научни системи како Њутоновиот или кога формулирале разновидни идеологии. Тоа е она што лежи зад познатото клише „да се средиш" – и покрај сознанието дека сите вредности и фактори се релативни, флуидни и променливи и дека може „да се средиш" само релативно. Елементите ќе се менуваат и ќе се придвижуваат заедно исто како што се менуваат формите при вртење на калеидоскопот.

Во минатото, „светот" бил многу помал, поедноставен и поуреден и во физичка и во интелектуална смисла. Инспирирал кредибилитет. Денес сè е толку сложено што е несфатливо. Каква смисла има човекот да оди по Месечината додека другите луѓе стојат во ред за социјална помош или во Виетнам убиваат и умираат во име на слободата за некоја корумпирана диктатура? Ова се времиња кога човек посега по убавината, а до гуша е заглавен во лудилото. Владејачката структура е на многу начини еднакво самоубиствена колку и некои од крајната левица, со таа разлика што е таа многу подеструктивна отколку што крајната левица воопшто може да биде. Исходот од безнадежноста и очајот е морбидноста. Над нацијата лебди чувство на смрт.

Денешната генерација се соочува со сето ова и вели: „Не сакам да го поминам животот онака како што го минале моето семејство и

нивните пријатели. Сакам да сторам нешто, да создавам, да бидам јас, да правам ʼпо моеʻ, да живеам. Постарата генерација не разбира, но и, што е уште полошо, не сака да разбере. Не сакам да сум само податок што ќе биде внесен во компјутер или статистика во анкета на јавното мислење, само гласач кој има кредитна картичка". На младите светот им изгледа луд и во распаѓање.

Наспроти нив е постарата генерација, чии припадници не се ништо помалку збунети. Тоа што не се толку гласни или свесни е можеби затоа што можат да побегнат во минатото кога светот бил поедноставен. Сѐ уште можат да се држат до старите вредности просто надевајќи се дека сѐ некако ќе се среди. Дека помладата генерација со време некако „ќе си легне на брашното". Не можејќи да се соочат со светот онаков каков што е, тие од секоја конфронтација со помладата генерација се повлекуваат со иритирачкото клише: „*Кога ќе дојдеш на мои години, тогаш ќе разбереш*". Се прашувам каква ли би била нивната реакција ако некој од младите им одговори: „*Кога ќе дојдеш на мои години*, што нема никогаш да се случи, *тогаш ќе разбереш*, што значи никогаш нема да разбереш". Оние од постарата генерација кои тврдат дека сакаат да разберат велат: „Кога разговарам со децата или со нивните другари, им велам: ʼВиди, верувам дека тоа што сакате да ми го кажете е битно и го почитувам тоа. Ме нарекувате „неискулиран" и велите дека „не капирам", или „не ја знам шемата", или „дека не ви го разбирам филмот" и сите други зборови што ги користите. Еве, добро, ќе се согласам со вас. Па, да претпоставиме дека ќе ми кажете. Што сакате? Што мислите кога велите: „Сакам да правам по мое". Како е, по ѓаволите, тоа по ваше? Велите дека сакате подобар свет. Каков, на пример? Само немојте да ми кажувате дека сакате свет на мирот и љубовта и сите други такви работи, зашто луѓето се луѓе, како што и самите ќе откриете кога ќе бидете постари – се извинувам, не мислев да зборувам ништо за тоа кога ќе бидете постари. Навистина го почитувам она што сакате да го кажете. Зошто сега не ми одговорите? Знаете ли што сакате? Дали знаете за што зборувате? Зошто не можеме да најдеме заеднички јазик?ʻ" Тоа е она што го нарекуваме генерациски јаз.

Она што сегашнава генерација го сака е она што сите генерации отсекогаш го сакале – значење, некакво сознание за тоа што е светот и животот – можност да се борат за некаков поредок.

Кога младите денес би ја пишувале нашата Декларација за независност, тие би започнале вака: „Кога во нечовечната историја...“[*], и на нивната листа на поединечни проблеми би се нашле Виетнам и нашите црнечки, мексикански и порторикански гета, но и работниците мигранти, Апалачија, омразата, необразованоста, болестите и гладот во светот. Таквата листа на проблеми би ја потенцирала апсурдноста на човечките работи и безнадежноста и празнотијата, страшната осаменост која доаѓа од тоа што не знаеме дали нашите животи имаат некакво значење.

Кога зборуваат за вредности, тие бараат причина. Тие бараат одговор, барем и привремен, за најголемото прашање на човекот: „Зошто сум овде?“

Младите на различни начини реагираат на нивниот хаотичен свет. Некои бегаат во паника, рационализирајќи дека, како и да е, системот ќе колабира од сопствената скапаност и корупција и затоа тие се снаоѓаат, стануваат хипи или јипи, земаат дроги, влегуваат во комуни, сè само да избегаат. Други се зафаќаат со беспредметни конфронтации кои се однапред изгубени, за да можат да си го зајакнат своето оправдување и да речат: „Па, се обидовме и си ја одигравме нашата улога“, а потоа и тие да се повлечат. Други полудуваат, обземени од вина и не знаејќи каде да се завртат и што да прават. Такви беа ведермените[**] и слични на нив: тие го одбраа најголемото бегство, самоубиството. На овие немам што да им кажам или сторам, освен да ги сожалувам – и во некои случаи да ги презирам, како оние што ги напуштаат своите мртви другари и бегаат во Алжир или на други места.

Она што сакам да го кажам во оваа книга не е арогантноста на небараната поука. Тоа е искуството и советот што од мене го бараа голем број млади луѓе за време на целовечерните сесии по стотици кампуси низ Америка. Тоа е за оние млади радикали кои се посветени на борбата, посветени на животот.

Не заборавајте дека зборуваме за револуција, не за откровение; целта може да ја промашите и ако пукате превисоко и ако пукате прениско. Прво, нема правила за револуција, исто како што нема правила за

[*] Американската Декларација за независност од 1776 година започнува со зборовите: „Кога во човечката историја ќе стане нужно...“ (*заб. на ред.*).

[**] *The Weathermen* – американска радикална левичарска организација, формирана 1969 година (*заб. на ред.*).

љубов или правила за среќа, *но* има правила за радикалите кои сакаат да го променат нивниот свет; постојат определени централни поими на дејствување во човечката политика кои функционираат без оглед на сцената или времето. Да се знаат тие е основно за секој прагматичен напад врз системот. Овие правила го разликуваат реалистичниот радикал од реторичкиот радикал кој ги користи истрошените стари зборови и слогани, ги нарекува полицајците „свињи", или „бели фашистички расисти", или „гомнари" и дотаму станал стереотипен што другите реагираат велејќи: „Ах, тој е еден од оние" и потоа веднаш се тргаат од него.

Ова неразбирање на уметноста на комуницирањето од страна на многумина меѓу нашите млади активисти е катастрофално. Дури и најелементарното познавање на фундаменталната идеја дека човек комуницира во рамките на искуството на неговата публика – и целосно ги почитува вредностите на другиот – ќе ги исклучеше нападите врз американското знаме. Одговорниот организатор ќе знаеше дека властите се тие што го изневериле знамето, додека самото знаме останува славен симбол на надежите и аспирациите на Америка, и ќе ја пренесеше оваа порака до публиката. На друго ниво на комуникација битен е хуморот, затоа што преку хуморот се прифаќаат многу нешта кои би биле одбиени доколку се прикажат сериозно. Ова е тажна и осамена генерација. Многу малку се смее, а тоа е трагично. За вистинскиот радикал, да прави „по негово" значи да ја прави општествената работа за и со луѓе. Во свет во кој сè е толку меѓусебно поврзано што човек се чувствува беспомошен да реши од каде и како да почне да дејствува, се вгнездува поразот; со години има луѓе за кои општеството е премногу моќно и кои се повлекуваат, концентрирајќи се на тоа да си „тераат по свое". Нив обично ги ставаме во душевни болници и им даваме дијагноза на шизофреници. Ако вистинскиот радикал осознае дека носењето долга коса поставува психолошки бариери во комуникацијата и организирањето, тој ќе ја скрати косата. Кога би организирал во заедница на ортодоксни Евреи, сигурно не би отишол таму јадејќи сендвич со шунка, освен ако не сум сакал да ме одбијат за да имам оправдување да се повлечам. Ако сакам да организирам „по мое", тоа ќе биде низ цврста комуникација со луѓето во заедницата. Без комуникација, јас во реалноста молчам; низ историјата молчењето се сметало за согласување – во овој случај согласување со системот.

Како организатор, почнувам од онаму каде што светот е, и каков што е, а не каков што јас би сакал да биде. Тоа што светот го прифаќаме онаков каков што е никако не ја ослабува нашата желба да го промениме во она што мислиме дека треба да биде – неопходно е да се почне онаму каде што светот е доколку сакаме да го промениме во она што мислиме дека треба да биде. Ова значи работење во системот.

Има и друга причина зошто треба да се работи во системот. Достоевски рекол дека луѓето најмногу се плашат од преземањето на првиот чекор. На секоја револуционерна промена мора да ѝ претходи пасивен, афирмативен, непредизвикувачки став кон промената во масите на нашиот народ. Тие мора да се чувствуваат толку фрустрирани, толку поразени, толку изгубени и толку без иднина во постоечкиот систем, што се подготвени да го остават минатото и да ѝ дадат шанса на иднината. Ова прифаќање е реформацијата која е од суштинска важност за секоја револуција. За да се дојде до оваа реформација, потребно е организаторот да работи во рамките на системот, не само меѓу средната класа, туку меѓу четириесетте проценти американски семејства – повеќе од седумдесет милиони луѓе – чии приходи се движат меѓу 5.000 и 10.000 долари годишно. Нив не може да ги исклучиме со тоа што ќе ги етикетираме како сини јаки или шлемови*. Тие нема да продолжат да бидат релативно пасивни и умерено предизвикувачки. Ако не успееме со нив да искомуницираме, ако не ги охрабриме да формираат сојузи со нас, тие ќе преминат кај десницата. Тоа на крајот може секако да се случи, но да не дозволиме да се случи само по себе.

Нашата младина нема трпение за подготовките кои се битни за една целисходна акција. Пречка за ефективна организација претставува желбата за моментална и драматична промена, или како што кажав на едно друго место, барањето откровение наместо револуција. Тоа го гледаме во драматургијата; во првиот чин се претставуваат ликовите и заплетот, во вториот чин заплетот и ликовите се развиваат, како што драмата се труди да го задржи вниманието на публиката. Во последниот чин се случува драматичната конфронтација и разрешницата меѓу доброто и злото. Денешната генерација сака веднаш да оди

* Сините јаки (*blue-collar workers*) се физичките неквалификувани работници, а шлемовите (*hard-hat workers*), работниците по градилиштата и рудниците (*заб. на ред.*).

на третиот чин, прескокнувајќи ги првите два, во кој случај воопшто немаме драма, имаме само конфронтација заради конфронтација – едно жарче и назад во мракот. За да се изгради моќна организација е потребно време. Макотрпно е, но така се игра играта – ако сакаш да играш, а не само да врескаш: „Убиј го судијата“*.

Која е алтернативата на работењето „внатре“ во системот? Збирштина од реторичко ѓубре како „Запали го системот!“, скандирања од типот „Напред!“ или „Терај по свое!“ Што друго? Бомби? Снајпери? Молк кога убиваат полицајци и врескање „Крволочни фашистички свињи“ кога убиваат други? Напаѓање и предизвикување на полицијата? Јавно самоубиство? „Моќта произлегува од цевката на пиштолот!“ е апсурден протестен крик кога другата страна ја има моќта. Ленин бил прагматичар; кога се вратил од егзил во тогашниот Петроград, рекол дека болшевиците биле за освојување на власта преку избори, но дека ќе размислат повторно за тоа откако ги добиле пушките! Воена реторика? Бранувачки цитати од Мао, Кастро и Че Гевара, кои се исто толку релевантни за нашето високо технолошко, компјутеризирано, кибернетичко, нуклеарно, масмедиумско општество колку и кочијата на писта на аеродромот „Кенеди“?

Да не заборавиме, во името на радикалниот прагматизам, дека во нашиот систем со сета негова репресија, сѐ уште можеме јавно да зборуваме и да ја осудуваме власта, да ја напаѓаме нејзината политика и да работиме на формирањето опозициска политичка база. Вистина, постои малтретирање од страна на власта, но сепак постои и таа релативна слобода за борба. Јас можам да ја нападнам мојата власт и да се обидам да организирам нејзина промена. Тоа е многу повеќе од она што можам да го сторам во Москва, Пекинг или Хавана. Ја паметите реакцијата на Црвената гарда на „културната револуција“ и судбината на кинеските студенти. Само неколку од насилните епизоди на бомбашки напади или престрелки во судница што сме ги имале овде, во Русија, Кина или Куба ќе резултираа во чистки и масовни егзекуции. Да бидеме реални.

Ќе започнеме со системот бидејќи не постои друго место да се почне освен политичкото лудило. За оние меѓу нас кои сакаат револуционерна промена е најважно да сфатат дека на револуцијата мора да ѝ претходи реформација. Да се претпостави дека политичката

* Се мисли на спортски судија (*заб. на ред.*).

револуција може да преживее без да се потпира на поддршката на некоја популарна реформација значи да се бара невозможното во политиката.

Луѓето не сакаат прекутрупа да излезат од сигурноста на познатото искуство; потребен им е мост за да преминат од своето искуство на новиот пат. Организаторот на револуција мора да им го размрда преовладувачкиот модел на живот – да агитира, да создаде разочараност и незадоволство со актуелните вредности, да произведе, ако не жед за промена, тогаш барем пасивна, афирмативна, непредизвикувачка клима.

„Револуцијата течеше уште пред да започне војната", напишал Џон Адамс*. „Револуцијата беше во срцата и мислите на луѓето... Оваа радикална промена на принципите, ставовите, сентиментите и чувствата на луѓето беше вистинската Американска револуција". Секоја револуција без претходна реформација ќе пропадне или ќе се претвори во тоталитарна тиранија.

Реформација значи дека нашиот народ масовно го достигнал нивото на разочараност од минатите методи и вредности. Луѓето не знаат што ќе функционира подобро, но знаат дека постоечкиот систем е самоуништувачки, фрустрирачки и безнадежен. Тие нема да дејствуваат за промени, но нема да им се противстават на оние што ќе го направат тоа. Тогаш времето за револуција е созреано.

Оние кои од какви и да е причини се против реформацијата стануваат несвесни сојузници на крајната десница. Делови на крајната левица отишле толку далеку во политичкиот круг што сега воопшто не се разликуваат од екстремната десница. Тоа ме потсетува на деновите кога Хитлер, новодојденец на политичката сцена, добил оправдување од „хуманитарците" врз основа на тоа што бил отфрлен од таткото и имал трауми во детството. Кога некој го поддржува убиството на сенаторот Роберт Кенеди или убиството на Тејт, киднапирањето и убиствата во судницата на областа Марин или бомбашкиот напад и убиство на Универзитетот во Висконсин како „револуционерно дело", тогаш имаме работа со човек кој зад политичката маска само крие некаква психоза. Народните маси се повлекуваат преплашено и си

---

* Џон Адамс (John Adams, 1735-1826) е еден од водечките личности на Американската револуција и вториот по ред претседател на САД (*заб. на ред.*).

велат: „Нашава состојба е лоша и бевме подготвени да дозволиме да се промени, но секако не по цена на ова убиствено лудило – без оглед колку се сега лоши работите, тие се подобри од тоа". И така почнуваат да се повлекуваат. Одат наназад кон прифаќање на претстојната огромна репресија во име на „законот и редот".

Во екот на нападите со солзавец и насилството на чикашката полиција и Националната гарда за време на Демократската конвенција во 1968 година, многу студенти ме прашуваа: „Дали сѐ уште верувате дека треба да се обидеме да работиме внатре во нашиов систем?"

Тоа беа студенти кои биле заедно со Јуџин Макарти во Њу Хемшир и го следеле насекаде низ земјата. Некои од нив биле и со Роберт Кенеди кога беше убиен во Лос Анџелес. Многу од солзите пролеани во Чикаго не беа предизвикани од солзавецот. „Господине Алински, се боревме во многу кругови на партиски избори и луѓето гласаа против Виетнам. Погледнете ја конвенцијата. Тие воопшто не се осврнуваат на гласот на народот. Погледнете ја вашата полиција и армијата. Сѐ уште сакате да работиме во системот?"

Ме боли кога гледам како американската армија со извлечени бајонети се нафрла на американските момчиња и девојчиња. Но, одговорот што им го дадов на младите радикали ми се чинеше единствено реалистично нешто: „Направете една од овие три работи. Прво, најдете ѕид за плачење и сожалувајте се самите себеси. Второ, полудете и почнете да подметнувате бомби – но тоа само ќе ги натера луѓето да се приклонат кон десницата. Трето, научете ја лекцијава. Одете дома, организирајте се, изградете сила и на следната конвенција *вие бидеīе делеīаīиīе*".

Запомнете: штом еднаш ќе ги организирате луѓето околу нешто за кое постои општа согласност, како на пример, загадувањето, тогаш е на потег организираниот народ. Оттаму има само мал и природен чекор до политичко загадување, до загадување од Пентагон.

Не е доволно само да ги изберете вашите кандидати. Мора да продолжите со притисокот. Радикалите мора да го имаат на ум одговорот на Френклин Д. Рузвелт до една реформска делегација. „Добро, ме убедивте. Сега излезете надвор и извршете ми притисок!" Акциите произлегуваат од одржувањето на температурата. Ниеден политичар не може да забошоти некоја жешка тема ако добро сте ја разгореле.

Што се однесува до Виетнам, би сакал нашава нација да биде прва во историјата која јавно ќе каже: „Згрешивме! Тоа што го направивме е ужасно. Влеговме и потоа заглавувавме сè подлабоко и подлабоко, а при секој чекор измислувавме нови причини зошто треба да останеме. Ја плативме цената со 44.000 загинати Американци. Не можеме да направиме ништо со што би им надоместиле на луѓето од Индокина или на нашиот народ, но ќе се потрудиме. Веруваме дека светот е денес доволно зрел, па повеќе не е знак на слабост или пораз да се напушти детската гордост и суета и да се признае дека не сме биле во право“. Таквото признание би ги разнишало надворешно-политичките поими на сите нации и би ја отворило вратата за нов меѓународен поредок. Тоа е нашата алтернатива на Виетнам – сè друго се старите импровизирани крпеници. Кога тоа би се случило, можеби и нешто позитивно ќе произлезе од Виетнам.

И на крајот, уште нешто за нашиот систем. Демократскиот идеал произлегува од идеите за слобода, еднаквост, владеење на мнозинството преку слободни избори, заштита на правата на малцинствата и слобода да се биде лојален на повеќе полиња во поглед на религијата, економијата и политиката, наместо да се биде целосно лојален кон државата. Духот на демократијата се состои во идејата за важноста и вредноста на поединецот и во вербата во свет во кој поединецот може максимално да го развие својот потенцијал.

Големите можности секогаш се придружени од големи опасности. Можноста за деструкција е секогаш имплицитна во создавањето. Затоа, најголемиот непријател на слободата на поединецот е самиот поединец.

Отсекогаш, и слабоста и силата на демократскиот идеал биле луѓето. Луѓето не можат да бидат слободни ако не се подготвени да жртвуваат дел од своите интереси за да ја гарантираат слободата на другите. Цената на демократијата е сегашната потрага по општото добро од страна на *сите* луѓе. Пред сто триесет и пет години Токвил[1]

[1] Не смее да се заборави дека е особено опасно луѓето да се поробуваат во ситните детали на животот. Јас лично го претпочитам мислењето дека слободата е помалку нужна кај големите нешта отколку кај малите, доколку е воопшто можно да се обезбеди едното без да се поседува другото.

„Потчинетоста во мали работи се случува секојдневно и тоа еднакво го доживува целата заедница. Тоа не ги тера луѓето на отпор, но ги пресретнува на секој свиок, сè додека не бидат приморани да се откажат од спроведувањето на својата волја. Така постепено се крши нивниот

сериозно предупредил дека доколку поединечните граѓани не се редовно вклучени во активностите на владеење, самоуправувањето ќе исчезне. Граѓанското учество е движечкиот дух и сила во општеството засновано на волонтеризам.

Ние не се занимаваме овде со луѓе кои пропагираат демократска вера, а копнеат по мрачната безбедност на зависноста каде не мора да го носат товарот на одлуките. Неподготвени да пораснат, или неспособни за тоа, тие сакаат да останат деца и некој друг да се грижи за нив. Оние кои можат, треба да бидат поттикнувани да растат; за другите, вината не лежи во системот, туку во нив самите.

Ние сме овде крајно загрижени за огромната маса наши луѓе кои поради немањето интерес или можности, или и од двете причини, не учествуваат во бесконечните одговорности на граѓанството и се помирени со тоа да живеат како што ќе определат други. Да го загубите „идентитетот" како граѓанин на една демократија е само чекор до губењето на вашиот идентитет како личност. Луѓето реагираат на оваа фрустрација така што не прават ништо. Одделувањето на луѓето од рутинските дневни граѓански функции е тажен настан за секоја демократија.

Крајно сериозна ситуација е кога народот се откажува од граѓанството или кога жителот на голем град, иако можеби посакува да има збор, нема услови да учествува. Тој граѓанин тоне во апатија, анонимност и деперсонализација. Како резултат, тој станува зависен од јавниот авторитет и настапува состојба на граѓанска склероза.

Од време на време сме имале надворешни непријатели пред нашите порти; секогаш сме имале внатрешен непријател – скриената и малигна инерција која наговестува посигурна деструкција на нашиот живот и иднината од нуклеарната боева глава. Нема помрачна или покатастрофална трагедија од смртта на човечката верба во самиот себе и во неговата моќ да си ја определи иднината.

---

дух и слабее нивниот карактер; за разлика од тоа, послушноста, којашто се изнудува во неколку важни, но ретки ситуации, искажува сервилност само во определени интервали и товарот од тоа го фрла врз мал број луѓе. Залудно е да се повикува народ кој станал толку зависен од централната власт, да избира од време на време претставници на таа власт; овој редок и краток израз на нивниот слободен избор, колку и да е важен, нема да го спречи нивното постепено губење на способноста за самостојно мислење, чувствување и дејствување, а на тој начин и до постепено паѓање под нивото на човечност".

- Алексис де Токвил, *Демократијата во Америка*

**Правила за радикалите**

Ја поздравувам сегашната генерација. Чувајте го најскапоцениот дел на младоста, смеата – немојте никако да ја загубите, како што, изгледа, на многумина од вас веќе им се случило, зашто ќе ви треба. Заедно можеби ќе го најдеме она што го бараме – смеата, убавината, љубовта и можноста за создавање.

*Соул Алински*

# НАМЕНА

***Не е ли војување човековиот живот на земјата...***

***— Јов 7:1***

ОВА ШТО СЛЕДИ Е за оние кои сакаат да го сменат светот од тоа каков е во тоа каков мислат дека треба да биде. *Владетелот* бил напишан од Макијавели како совет за имотните како да ја задржат власта. *Правила за радикалите* е напишана како совет за безимотните како да им ја одземат.

Во оваа книга се занимаваме со тоа како да се создаде масовна организација за да се преземе власта и да му се даде на народот; да се оствари демократскиот сон за еднаквост, правда, мир, соработка, еднакви и целосни можности за образование, целосно и корисно вработување, здравство и создавање околности во кои човек ќе има шанса да живее според вредностите кои му даваат смисла на животот. Зборуваме за масовна моќна организација која ќе го промени светот во место каде што сите мажи и жени ќе чекорат исправено, во духот на кредото на Шпанската граѓанска војна: „Подобро да умреш на нозе отколку да живееш на колена“. Тоа значи револуција.

Значајните промени во историјата се случиле со револуции. Има луѓе кои велат дека промените не доаѓаат со револуција, туку со еволуција – но, *еволуција е само израз што го користат надворешните набљудувачи за да означат определена серија на револуции кои се споиле во специфична голема општествена промена*. Во оваа книга предлагам некои општи опсервации, искази и поими на механиката на масовните движења и различните стадиуми на кругот на акции и реакции во револуцијата. Ова не е идеолошка книга, освен ако заложбата за промена наспроти статус кво не ја нарекувате идеологија; различни луѓе, на различни места, во различни ситуации и различни времиња, создаваат свои решенија и симболи на спасот за тие времиња. Оваа книга нема да содржи никакви лекови или догми; јас мразам догми и имам страв од нив. Знам дека сите револуции мора да имаат идеологии кои ќе ги поттикнат. Но трагично е тоа дека, во жарот на конфликтот,

овие идеологии имаат тенденција да се претопат во крути догми кои тврдат дека ексклузивно ја поседуваат вистината и ги имаат клучевите од рајот. Догмата е непријател на човечката слобода. На догмата мора да се внимава и да се препознае при секоја промена и пресврт во револуционерното движење. Човечкиот дух зрачи од таа мала внатрешна светлина на сомнежот во тоа дали сме во право, додека оние кои се сосема сигурни дека имаат право, се мрачни внатре во себе и го помрачуваат светот надвор од себе со суровост, болка и неправда. Оние кои ги идеологизираат сиромашните или безимотните се исто толку виновни и опасни колку и другите догматици. За да се намали опасноста дека идеологијата ќе западне во догма и за да се заштити слободниот, отворен, истражувачки и креативен ум на човекот, како и за да се овозможи промена, ниедна идеологија не би требало да биде поконкретна од онаа на американските татковци на нацијата: „За општата благосостојба".

Големиот атомски физичар Нилс Бор прекрасно ја искажал цивилизираната позиција за догматизмот: „Секоја реченица што ја изговарам мора да се разбере не како тврдење, туку како прашање". Јас ќе покажам дека човечката надеж лежи во прифаќањето на големиот закон на промената; дека општото познавање на принципите на промената ќе обезбеди насоки за рационална акција и свест за реалистичниот однос меѓу средствата и целта и како тие се определуваат едно со друго. Се надевам дека овие страници ќе придонесат за едукација на денешните радикали и за претворање на жешките, емотивни и импулсивни страсти кои се импотентни и фрустрирачки, во дејства кои ќе бидат пресметани, целисходни и ефикасни.

Пример за политичката нечувствителност на многутемина денешни таканаречени радикали и на изгубените шанси наоѓаме во овој приказ на една епизода од судењето на Седумтемина од Чикаго:

> За време на викендот во Чикаго се собрале околу сто и педесет адвокати од сите делови на земјата и ја запоседнале Федералната зграда во знак на протест против одлуката на судијата Хофман за [апсење на] четворицата адвокати. Оваа делегација, која беше поддржана од тринаесетмина професори на Правниот факултет Харвард и во која имаше и професори од други места, поднела пријателско писмо до Судот во кое одлуката на судијата Хофман се нарекува „карикирање на правдата [кое] се заканува да ја уништи довербата на американскиот

> народ во целиот правосуден процес...“. До десет часот, лутите адвокати почнале да маршираат околу федералната зграда, каде им се придружиле стотина студенти радикали, неколкумина членови на Црните пантери и стотици чикашки полицајци со сини шлемови.
>
> Нешто пред пладне, околу четириесетмина од адвокатите влегле со транспарентите во лобито на Федералната зграда, и покрај известувањето залепено на влезот и потпишано од судијата Кембел дека такви демонстрации се забранети во внатрешноста на зградата. Адвокатите речиси уште не биле ни влезени во зградата кога во лобито се спуштил судијата Кембел, облечен во судската црна одежда и во придружба на федерален маршал, стенограф и неговиот судски помошник. Опколен од гневните адвокати, кои пак биле опкружени со полиција и федерални маршали, судијата во тој момент и на тоа место продолжил со судењето. Тој најавил дека ако демонстрантите не се повлечат веднаш, тој ќе ги обвини за непочитување на судот. Овој пат, ги предупредил, нема да има никакво сомневање дека нивното непочитување се случува во присуство на Судот и на тој начин ќе биде подложно на директна казна. Веднаш по оваа негова изјава се чул глас од толпата: „Еби се Кембел“. По краткотраен тензичен молк, уследиле восклици на поддршка од толпата и забележително згуснување во полициските редови, а судијата Кембел се повлекол. Потоа и адвокатите го напуштиле лобито и повторно им се придружиле на протестите пред зградата.
>
> — Џејсон Епстеин, *Судскиот процес против големата конспирација* (Jason Epstein, *The Great Conspiracy Trial*, Random House, 1970).

Адвокатите демонстранти пропуштиле одлична можност да отворат проблем на национално ниво. На прв поглед се чини дека имало две решенија, и двете такви што ќе го принудиле судијата да тропне со чеканчето и расправата ќе продолжела: некој од адвокатите можел да му пријде на судијата откако се чул гласот што рекол „Еби се Кембел“, да рече дека тука собраните адвокати не прифаќаат лични навреди, но и дека нема да си одат; или можело сите адвокати заедно во хор да извикаат: „Еби се Кембел!“ Тие не го сториле ни едното ни другото, туку дозволиле иницијативата да ја преземе судијата и на тој начин не постигнале ништо.

Радикалите мора да бидат издржливи, прилагодливи на променливите политички околности и доволно чувствителни на процесот на

акција и реакција да не се уловат во сопствената тактика па да мора да одат по пат кој не го избрале самите. Накратко, радикалите мора да имаат определен степен на контрола врз текот на настаните.

Овде предлагам да претставиме определени факти и општи поими на промената, што ќе претставува еден чекор кон формулирање наука за револуцијата.

Сите општества ги обесхрабруваат и казнуваат идеите и текстовите кои се закана за владејачкото статус кво. Затоа е разбирливо што литературата на едно општество на имотни е вистинска пустина ако бараме текстови за општествените промени. По завршувањето на Американската револуција нема многу документи со таква содржина, освен правото на револуција изложено во Декларацијата за независност како основно право, седумдесет и три години подоцна краткиот есеј на Торо на тема „Должноста за граѓанска непослушност“ и по него Линколновата реафирмација на револуционерното право во 1861 година[2]. Има многу фрази со кои се велича светоста на револуцијата – т.е. револуциите од минатото. Како изминува времето, нашиот ентузијазам за светото право на револуција расте и зајакнува. Колку што е постара револуцијата, толку повеќе заминува во историјата и толку посвета станува. Освен неколкуте забелешки на Торо, нашето општество не ни дало многу совети и предлози за тоа како да се поттикне општествена промена.

Од друга страна, од кај имотните имаме наплив на литература со која се оправдува статус квото: религиозни, економски, општествени, политички и правни трактати кои бескрајно ги напаѓаат сите револуционерни идеи и акции за промена како неморални, погрешни и против бога, земјата и мајката. Ова литературно замајување од страна на статус квото ја вклучува и заканата дека поддржувачите на таквите движења ќе ги стаса страшна казна, бидејќи сите тие се непатриотски, субверзивни, зачнати во пеколот и злобни во нивното ширење лаги. Сите големи револуции, вклучително и христијанството, разните реформации, демократијата, капитализмот и социјализмот, во нивниот зародиш биле етикетирани со овие епитети. На статус квото кое се

[2] Првиот инаугурациски говор на Линколн. „Оваа земја, со нејзините институции, им припаѓа на луѓето што ја населиле. Секогаш кога ќе се заморат од постоечката власт, тие може да го употребат нивното уставно право да ја променат, или нивното револуционерно право да ја расчленат или соборат“.

грижи за својот јавен имиџ, револуцијата му е единствената сила која нема слика, но фрла темна, злокобна сенка на она што доаѓа.

Безимотните од сите земји, заглавени во нивните актуелни проблеми и очајно барајќи револуционерни текстови, можат да добијат таква литература само од комунистите, и црвените и жолтите. Таму може да прочитаат за тактиките, маневрите, стратегиите и принципите на дејствување во создавањето револуции. Со оглед на тоа што во оваа литература сите идеи се интегрирани во јазикот на комунизмот, револуцијата се доживува како синоним на комунизмот.[3] Кога безимотните, обземени со нивната револуционерна жар, желно ни се обраќаат правејќи ги првите чекори од гладување кон егзистенција, ние одговараме со збунувачки, неверојатен и бесмислен куп апстракции за слободата, моралот, еднаквоста и опасноста од интелектаулно поробување од страна на комунистичката идеологија! На тоа додаваме и изобилство летоци украсени со панделки од морални принципи и „слобода", чија цена изнесува неограничена политичка лојалност кон нас. Со доаѓањето на револуциите во Русија и Кина ние наеднаш доживеавме морална конверзија и се загриживме за благосостојбата на нашите браќа низ светот. *Револуцијата на безимотните може да поттикне морално откровение кај имотните.*

Револуцијата на безимотните исто така предизвикува параноиден страв; затоа денес имаме ситуација кога секоја корумпирана и репресивна влада во светот ни вели: „Дајте ни пари и војска или ќе има револуција и новите лидери ќе бидат ваши непријатели". Стравувајќи од револуција и идентификувајќи се себеси со статус квото, им дозволивме на комунистите да го преземат револуционерниот ореол на правдата за безимотните. Потоа ја запечативме оваа грешка

[3] Американскиот врховен судија Вилијам О. Даглас, „САД и револуцијата", Центарот за истражување на демократските инситуции, Краток извештај бр. 116: „На патувањата во Азија често ги прашував луѓето на возраст од триесет до педесет години што читале на осумнаесет години. Обично ми одговараа: ʼКарл Марксʻ, а кога ќе ги прашав зошто, тие одговараа: ʼЗатоа што бевме под колонијално владеење и баравме излез. Сакавме независност. За да ја добиеме, моравме да кренеме револуција. Единствените книги за револуција беа објавени од комунититеʻ. Овие луѓе речиси секогаш го отфрлале комунизмот како политички култ, задржувајќи, сепак, една нијанса на социјализам. Во разговорите со нив осознав колку големи можности сме пропуштиле кога борејќи се против комунизмот, станавме преокупирани со бомби и долари, наместо со идеите за револуција, слобода и правда".

претпоставувајќи дека статус квото насекаде мора да се брани и да се заштитува од револуцијата. Денес, револуцијата стана синоним на комунизмот, додека капитализмот е синоним на статус квото. Повремено, може и да прифатиме некоја револуција ако има гаранции дека ќе биде на наша страна и само ако сметаме дека револуцијата е неизбежна. Мразиме револуции.

Дозволивме да се случи самоубиствена ситуација во која револуцијата и комунизмот станале едно. Овие страници се обврзуваат да го поделат овој политички атом, одвојувајќи ја оваа ексклузивна идентификација на комунизмот со револуцијата. Кога би можеле безимотните во светот да ја сознаат и прифатат идејата дека револуцијата не мора да значи дека од САД ќе доаѓа омраза и војна, топло или ладно, тоа само по себе би било голема револуција во светската политика и иднината на човештвото. Ова е една од главните причини за мојот обид да направам револуционерен прирачник кој нема да биде вкалапен во комунистичка *или* капиталистичка матрица, туку ќе биде прирачник за безимотните во светот без разлика на нивната боја на кожа или на нивната политика. Мојата цел тука е да предложам како да се организираат за власт, како да ја добијат и како да ја користат. Ќе покажам дека доколку власта не се искористи за поправична распределба на средствата за живот меѓу сите луѓе, тоа ќе значи крај на револуцијата и почеток на контрареволуција.

Револуцијата секогаш напредувала со идеолошко копје, исто како што статус квото ја испишува својата идеологија на својот штит. Целиот живот е партизиран. Нема непристрасна објективност. Револуционерната идеологија не е ограничена на специфична ограничена формула. Таа е низа од општи принципи, вкоренети во Линколновата изјава од 19 мај 1856 година: „Не лажете се. Револуциите не одат наназад“.

## ИДЕОЛОГИЈАТА НА ПРОМЕНА

Ова го отвора прашањето: доколку имам идеологија, која е таа? И воопшто, каква идеологија може да има еден организатор кој работи во слободно општество и за слободно општество? Предусловот за идеологија е да се поседува основна вистина. На пример, марксистот започнува со неговата прва вистина дека сите зла се предизвикани

од експлоатацијата на пролетеријатот од страна на капиталистите. Оттука, тој логично оди кон револуција за да му стави крај на капитализмот, потоа во третата фаза на реорганизација се преминува во нов социјален поредок или диктатура на пролетеријатот и, конечно, последната фаза е – политичкиот рај на комунизамот. И христијаните, исто така, започнуваат со нивната прва вистина: божественоста на Исус и тројната природа на Господ. Од овие „први вистини“ следува една скалеста идеологија.

Организаторот кој работи во отворено општество и за отворено општество е во идеолошка дилема. Прво, тој нема некоја фиксирана вистина – вистината за него е релативна и променлива; за него *сè* е релативно и променливо. Тој е политички релативист. Тој ја прифаќа изјавата на покојниот судија Лернд Хенд дека „знакот за слободен човек е онаа несигурност дали е во право или не, која постојано го нагризува однатре“. Како последица на тоа, тој е постојано во потрага по причините за човечките маки и по општите предлози кои помагаат да се најде некаква смисла во ирационалниот свет на човекот. Тој мора постојано да го истражува животот, вклучително и сопствениот, за да разбере за што се работи и мора да ги предизвикува и тестира своите сознанија. Потребна е беспоштедност, која е суштинска за преиспитувањето. Љубопитноста станува задолжителна. Неговиот најчесто употребуван збор е „зошто“?[4]

Дали тогаш ова значи дека организаторот на слободно општетсво во слободно општество е без ориентација? Не, јас мислам дека тој има многу подобар осет за насока и компас отколку организаторот на затворено општество со неговата крута политичка идеологија. Прво, организаторот на слободно општество е необврзан, отпорен, флексибилен и во движење во општество кое и самото е во состојба на константна промена. Колку што е ослободен од оковите на догмата, толку може да одговори на реалноста на најразлични ситуации кои се среќаваат во нашето општество. На крајот, убеден е само во едно – вербата дека ако луѓето имаат моќ да дејствуваат, тие најчесто на крајот ги носат вистинските одлуки. Алтернатива на ова би било владеењето на елитата – било диктатура или некаква форма на политичка

[4] Некои велат дека не е случајност тоа што прашалникот е превртено рало, кое ја крши цврстата земја на старите верувања и ја подготвува за нова рожба.

аристократија. Не ме загрижува тоа што доколку оваа верба во луѓето се смета за прва вистина, тоа ќе му противречи на она што досега го напишав, бидејќи животот е приказна на спротивности. Верувајќи во луѓето, радикалот треба нив да ги организира така што ќе имаат и моќ и можност на најдобар начин да ја решат секоја непредвидлива идна криза на нивниот пат на вечна потрага по вредностите на еднаквост, правда, слобода, мир и длабока грижа за скапоценоста на човечкиот живот, како и сите оние права и вредности што ги проповедаат јудеохристијанството и демократската политичка традиција. Демократијата не е цел туку најдоброто средство за постигнување на овие вредности. Ова е моето кредо за кое живеам и, ако треба, ќе умрам.

Основен услов за разбирање на политиката на промена е да се признае светот онаков каков што е. Ние мора со светот да работиме според неговите правила ако сакаме да го промениме во свет каков што сакаме да биде. Прво, светот мора да го видиме онаков каков што е, а не каков што би сакале да биде. Мора да го видиме како што го виделе сите политички реалисти, во смисла „што прават луѓето, а не што треба да прават", како што рекле Макијавели и останатите.

Тешко е целосно да се прифати едноставниот факт дека сѐ почнува од онаму каде што си и дека мора да се ослободиш од пајажината на илузии што ја плетеш за животот. Повеќето од нас го гледаат светот онаков каков што сакаме да биде, а не каков што е. Посакуваниот свет може да се види секоја вечер на телевизија во низата програми во кои доброто секогаш победува – поточно, сѐ до вечерните вести кога наеднаш сме втурнати во светот онаков каков што е.[5]

Политичките реалисти го гледаат светот онаков каков што е: арена на политиката на моќ, придвижувана првенствено од непосредните лични интереси, каде моралот е реторичко оправдување за брзата акција и личниот интерес. Два такви примери би биле свештеникот кој сакајќи да стане владика си го пробива патот со додворување и политиканство, а тоа го оправдува со образложението: „Откако ќе

[5] Со некои исклучоци. Во местото Кармел на Море, на брегот на прекрасниот полуостров Монтереј во Калифорнија, кое претставува едно од американските шангрили за бегство од светот, локалната радиостаница КРМЛ емитувала „Сончеви вести – кои ви го пренесуваат позитивното, само добрите вести од светот!" Интелектуалците кои им се потсмеваа на „Сончевите вести", не се исклучок во однос на претпочитањето веќе формулирани одговори.

станам владика, ќе ја употребам мојата позиција за христијанска реформација", или бизнисменот кој расудува: „Прво ќе си заработам едно милионче, а потоа ќе се посветам на вистинските нешта во животот". За жал, човек многу се менува на патот до епархиската позиција или до првиот милион, а потоа си вели: „Ќе почекам додека да станам архиепископ, оти тогаш ќе бидам поефикасен", или „Можам многу повеќе работи да постигнам откога ќе заработам два милиона" и така оди тоа.[6] Во овој свет, законите се напишани за возвишената цел на „општото добро" и потоа имплементирани во животот врз основа на општата алчност. Во овој свет, ирационалноста го следи човека како сенка, така што вистинските работи се прават од погрешни причини – отпосле ги вадиме вистинските причини за правдање. Ова не е свет на ангели туку на агли, каде што луѓето зборуваат за морални принципи, но дејствуваат според принципите на моќта; свет во кој ние сме секогаш морални, а нашите непријатели секогаш неморални; свет во кој „помирување" значи дека кога едната страна ќе добие власт, а другата ќе се помири со тоа, тогаш имаме помирување; свет на религиозни институции кои главно го поддржуваат и оправдуваат статус квото така што денес организираната религија е материјално солвентна и духовно банкротирана. Живееме со јудео-христијанска етика која не само што се прилагодила на ропството, војната и секој друг вид грда човечка експлоатација во која преовладува статус квото, туку и ги оправдува.

Живееме во свет во кој „доброто" е вредност која зависи од тоа дали го сакаме. Во светот, онаков каков што е, решението на секој проблем неизбежно креира нов. Во светот, онаков каков што е, нема

[6] Секоја година, повеќе години по ред, активистите од завршниот клас на една голема католичка богословија близу Чикаго, непосредно пред нивното назначување ми правеа еднодневна посета, со прашања за вредностите, револуционерните тактики и слично. Еднаш, на крајот на еден таков ден, еден од посетителите рече: „Господине Алински, пред да дојдеме овде се состанавме и се сложивме дека има едно прашање кое особено сакаме да ви го поставиме. Ќе бидеме именувани и потоа распоредени на служба во различни парохии, како помошници на, искрено речено, многу заостанати и конзервативни, стари свештеници. Тие ќе бидат против многу работи во кои вие и ние веруваме и ќе нѐ стават во убиствена рутина. Нашето прашање е: како да ја зачуваме нашата вера во вистинските христијански вредности, во сето она што би сакале да го направиме за да го промениме системот?
Прашањето беше лесно. Им одговорив: „Штом излезете низ таа врата, само решете си секој за себе дали сакате да бидете бискуп или свештеник и сѐ друго ќе следи од тоа".

постојано среќен или тажен крај. Ваквите краеви му припаѓаат на светот на фантазијата, светот каков што би сакале да биде, светот на детските бајки каде што „живееле среќно до крајот на животот". Во светот онаков каков што е, настаните непрекинато течат напред кон смртта како единствена крајна станица. Човек никогаш не стигнува до хоризонтот; хоризонтот е секогаш пред него, постојано повикувајќи го да продолжи, тоа е самото живеење на животот. Тоа е светот таков каков што е. Оттука почнувате.

Ова не е свет на мир, убавина и непристрасна рационалност, туку како што напишал Хенри Џејмс: „Животот, всушност, *е* битка. Злото е дрско и силно, убавината е волшебна но ретка, добрината е мошне кадарна да биде слаба, лудоста мошне кадарна да пркоси, злобата да излегува победник, имбецилите да бидат на одлични места, разумните на безначајни места, а човештвото во принцип несреќно. Но, светот каков што е не е ограничена илузија, не е фантазија, не е лош ноќен сон; ние постојано се будиме во него и не можеме ни да го заборавиме, ни да го негираме, ни да го укинеме". Изјавата на Хенри Џејмс е потврда на изјавата на Јов: „Не е ли војување човековиот живот на земјата..." Дизраели тоа го срочи јадровито: „Политичкиот живот мора да го прифатите онаков каков што сте го затекле".

Откако сме го прифатиле светот онаков каков што е, почнуваме да трупаме заблуда по заблуда. Главната илузија од која мора да се ослободиме е конвенционалното гледиште од каде нештата се гледаат одвоени од нивните неизбежни парови. Разумски гледано, знаеме дека сѐ е меѓусебно функционално поврзано, но при нашите активности, ние ги издвојуваме и изолираме сите вредности и прашања. На сѐ во врска со нас мора да се гледа како на неделив партнер на неговата спротивност, светлина и темнина, добро и зло, живот и смрт. Од моментот на нашето раѓање почнуваме да умираме. Среќата и несреќата се неразделни. Исто како мирот и војната. Заканата од уништување со нуклеарна енергија ја носи и обратната можност за мир и изобилие, а слично е и со секој друг составен дел на овој универзум; сѐ има свој пар во оваа огромна Ноева арка на животот.

Животот изгледа како да нема ни своја рима ни причина, па дури ни трага од ред, додека не му пристапиме со клучот на спротивностите. Гледајќи на сѐ преку принципот на двојност, почнуваме да наѕираме насока и смисла. Креативноста почнува токму во овие противречности

и нивните непрекинати заемни тензии. Како што почнуваме да го прифаќаме поимот на противречностите, секој проблем или прашање го здогледуваме во неговата целосна, заемно поврзана смисла. Тогаш признаваме дека за секој позитив постои и негатив,[7] и дека нема ништо позитивно без неговиот негативен придружник, ниту пак политички рај без неговата негативна страна.

Нилс Бор истакнал дека појавата на спротивности била сигнал дека експериментот е на правиот пат: „Нема многу надеж ако сме соочени само со една тешкотија, но ако имаме две, тогаш можеме да ги сообразиме една со друга". Бор го нарекол тоа „комплементарност", што значи дека интеракцијата на навидум конфликтни сили или противставености е вистинската хармонија на природата. Слично забележал и Вајтхед: „Во формалната логика, секоја противречност е знак за пораз, но во еволуцијата на вистинското знаење, таа го означува првиот чекор напред кон победата".

Каде и да погледнете, сите промени ја покажуваат оваа комплементарност. Во Чикаго, луѓето од романот *Џунгла* на Аптон Синклер – во тоа време најбедниот слој во Америка – скршени од ниските плати, деморализирани, болни, живеејќи во гнили колиби, се организирале. Нивните транспаренти прокламирале еднаквост за сите раси, безбедна работа и достоен живот за сите. Се бореле со својата сила и победиле. Денес, како дел на средната класа, тие се истовремено дел и на нашата расистичка и дискриминаторска култура.

*Тенеси вели аутхорити*[*] бил еден од скапоцените камења на демократската круна. Посетителите од разни краеви на светот доаѓале да го видат, да му се восхитуваат и да го проучат ова материјално и општествено достигнување на слободното општество. Денес тоа ја уништува планината Камберленд, нанесувајќи пустош врз природата со своите јагленокопи.

---

[7] Кинезите знаат за принципот на комплементарност во нивниот филозофски живот веќе четири илјади години. Тие веруваат дека од безграничното (природа, Господ или богови) произлегол принципот на создавање кој тие го викаат Големиот екстрем, а од него настанале Двата принципа или Двете сили, Јанг и Јин, од кои произлегло сѐ друго. Јанг и Јин се дефинирани како позитивно и негативно, светло и темно, машко и женско, или други многубројни примери на спротивности, или обратни парови.

[*] *Tennessee Valley Authority*, американска државна корпорација за енергетика и развој на аграрот, формирана по Големата депресија во 1933 година за да го помогне заздравувањето на економијата во регионот на Тенеси (*заб. на ред*).

КИО* бил милитантен предводник на американските работници. Во неговите редови, директно или индиректно, биле сите американски радикали; се бореле против корпоративните структури на нацијата и победиле. Денес, споени со АФЛ**, се интегрален дел на естаблишментот и нивниот лидер ја поддржува војната во Виетнам.

Друг пример се актуелните проекти за изградба на висококатници со државни станови. Првобитно замислени и изведени како проекти со цел градовите да се ослободат од сиромашните четврти, тие се состоеле од уривање на старите гнили куќи и на нивно место изградба на модерни згради со станови. Се славеле како американско одбивање да ги остави своите граѓани да живеат по валканите колиби во гетата. На сите им е познато дека тие се претворија во џунгли на стравот и сега се соочуваме со проблемот како да ги промениме или да се ослободиме од нив. Тие станаа места на двојна сегрегација – и врз економска и врз расна основа – и опасност за секој кој е приморан да живее во нив. Убавиот позитивен сон прерасна во негативна ноќна мора.

Тоа е универзалната приказна за револуцијата и реакцијата. Тоа е постојаната борба меѓу позитивното и нему обратното негативно, што вклучува и замена на улогите, така што она што е позитивно денес е негативност на утрешнината и обратно.

Ова сфаќање на природата признава дека реалноста е двојна. Принципите на квантната механика во физиката уште подраматично важат во механиката на масовните движења. Ова важи не само за „комплементарноста“, туку и за отфрлањето на досега универзалниот поим на каузалноста, со кој материјата и физиката се разбираа преку односот на причина и последица, каде за секоја последица мора да има причина и едното секогаш го создава другото. Во квантната механика, каузалноста е во голема мера заменета со веројатноста: електронот или атомот не мора да прави ништо посебно како одговор на определена сила, туку постојат само некои веројатности дека ќе реагира на овој или оној начин. Ова е основно и во опсервациите и предлозите кои следат. Во ниеден момент во дискусиите или анализите на масовните

* Конгрес на индустриските организации (C.I.O. – Congress of Industrial Organizations) била федерација на синдикални организации во САД и Канада (*заб. на йрев.*).

** Американска федерација на трудот (A.F.L. – American Federation of Labor) е една од првите синдикални федерации во САД, основана во 1886 година (*заб. на йрев.*).

движења, тактики или некои други фази на проблемот, не може да се каже дека ако ова се направи, ќе резултира со тоа и тоа. Најмногу што може да се постигне е разбирање на веројатностите кои следат од определени дејствија.

Ваквото сфаќање на двојноста на сите феномени е витално за нашето разбирање на политиката. Нè ослободува од митот дека еден пристап е позитивен, а друг негативен. Такво нешто нема во животот. Нешто позитивно кај еден човек е негативно кај друг. Означувањето на една процедура како „позитивна“ или „негативна“ е знак за политичка неписменост. Штом природата на револуцијата ќе се разбере од дуалистички аспект, го губиме едностраниот поглед на револуцијата и ја гледаме во комбинација со неизбежната контрареволуција. Штом ќе ја прифатиме неизбежната контрареволуција и научиме да ја предвидиме, тогаш ќе можеме да ја промениме историската шема на револуција и контрареволуција, од традиционално бавниот напредок со два чекора напред и еден назад, во минимизирање на чекорот назад. Секој елемент со неговата позитивна и обратна страна се спојува со другите поврзани елементи во бескрајна серија на сè, така што обратното на револуцијата од една страна е контрареволуција, а од друга страна е реформација, и така натаму во бескраен синџир на поврзани обратности.

## КЛАСНИ РАЗЛИКИ: ТРОЈСТВОТО

Сцената за драмата на промени никогаш не варирала. Човештвото од секогаш било и е поделено на три дела: на имотни, безимотни и малкуимотни желни за повеќе.

На врвот се имотните со моќ, пари, храна, безбедност и луксуз. Тие се дават во нивните вишоци, додека безимотните гладуваат. Статистички, имотните секогаш биле помалобројни. Имотните сакаат да ги задржат нештата онакви какви што се и се против промена. Термополитички, тие се ладни и решени да го замрзнат статус квото.

На дното се безимотните на светот. На светската сцена тие се далеку најбројни. Заедно се оковани во општата мизерија на сиромаштијата, гнилите живеалишта, болестите, незнаењето, политичката импотенција и очајот; доколку се вработени, тие се најмалку платени и трпат

немаштија во сите области основни за човечкиот раст. Ограничени поради својата боја, било телесна или политичка, тие се лишени од секаква можност да се претставaт во политиката на животот. Имотните сакаат да задржат, безимотните да добијат. Термополитички, тие се маса на студена пепел на резигнација и фатализам, но внатре светкаат жарчиња на надеж кои може да се разгорат со создавањето средства за добивање моќ. Откако ќе започне треската, ќе следи и огнот. Тие нема каде да одат освен нагоре.

Тие ја мразат власта на имотните со нивната арогантна раскош, нивната полиција, судови и цркви. Правда, морал, закон и ред се празни зборови кога излегуваат од устите на имотните, кои со нив го оправдуваат и обезбедуваат статус квото. Моќта на безимотните лежи само во нивната бројност. Се вели дека имотните, живеејќи во кошмарот на можната закана за нивното богатство, секогаш се соочени со прашањето: „Кога да спиеме?“, додека вечното прашање на безимотните е: „Кога ќе јадеме?“ Крикот на безимотните никогаш не бил: „Дајте ни ги вашите срца“, туку секогаш е: „Симнете ни се од грбот“; тие не бараат љубов, туку простор за дишење.

Меѓу имотните и безимотните се малкуимотните желни за повеќе – средната класа. Растргнати меѓу одржувањето на статус квото за да го заштитат она малку што го имаат, а посакувајќи промена за да можат да добијат повеќе, тие стануваат поделени личности. Би можеле да се опишат како општествени, економски и политички лудаци. Во принцип, тие го бараат сигурниот пат, каде ќе можат да профитираат од промената, а сепак да не ризикуваат да го загубат она малку што го имаат. Тие инсистираат на минимум три аса пред да одиграат рака во покерот на револуцијата. Термополитички, тие се млаки и вкоренети во инертност. Во западното општество и особено во САД, тие денес го сочинуваат мнозинството на нашето население.

Сепак, токму во конфликтните интереси и противречности меѓу малкуимотните желни за повеќе е генезата на креативноста. Од оваа класа, со мали исключоци, произлегле големите светски лидери на промената во изминатите векови: Мојсеј, апостол Павле, Мартин Лутер, Робеспјер, Жорж Дантон, Семјуел Адамс, Александар Хамилтон, Томас Џеферсон, Наполеон Бонапарта, Џузепе Гарибалди, Ленин, Махатма Ганди, Фидел Кастро, Мао Ѕедунг и други.

Како што судирот на интереси меѓу малкуимотните желни за повеќе изродил толкав број големи лидери, тој исто така произвел и една определена сорта луѓе кои поради испреплетените интереси се доведени до неактивност. Овие таканаречени безделници проповедаат определба за општествени промени заради идеалите на правдата, еднаквоста и можностите, а потоа самите апстинираат и ги обесхрабруваат другите од секаква делотворна акција за промена. Тие се познати по нивното мото: „Се согласувам со твојата цел, но не и со твоите средства“. Тие функционираат како средство за гасење, задушувајќи ги, каде што е тоа можно, искрите на несогласување кои навестуваат дека ќе се разгорат во акција. Овие таканаречени безделници јавно изгледаат како добри луѓе, хуманитарци, загрижени за правдата и достоинството. Во пракса, пак, се злобни. На нив мислел Едмунд Берк кога рекол саркастично: „Единствената работа неопходна за триумф на злото е добрите луѓе да не прават ништо“. На овие страници ќе ги анализираме и револуционерните лидери, т.е. дејците, и безделниците.

Историјата на преовладувачките статус квоа покажува дека богатиот материјализам на имотните го зафаќа гниење и декаденција. Духовниот живот на имотните е ритуално оправдување на нивните имоти.

Пред нешто повеќе од сто години, Токвил коментирал, исто како и други изучувачи на Америка од тоа време, дека самопреокупираноста придружена од грижата исклучиво за личната материјална благосостојба, биле главниот непријател на американската иднина. Во *Авантури на идеите*, Вајтхед забележал: „Уживањето моќ е фатално за суптилностите на животот. Владејачките класи се изопачуваат поради нивното мрзеливо уживање во очигледни задоволства“. Може да се каже дека во таква состојба луѓето заспиваат, бидејќи во сонот излегуваме од светот околу нас и влегуваме во свои приватни светови.[8] Морам да цитирам уште една книга релевантна за оваа тема: во *Алиса во земјата на чудата*, Лилија ѝ објаснува на Алиса за цвеќињата што зборуваат. Лилија истакнува дека цвеќињата кои зборуваат растат од тврда земја и додава дека „во повеќето градини земјата ја прават премногу мека, така што цвеќињата се секогаш заспани“. Тоа е како

[8] Хераклит, *Фрагменти*: „Будните имаат еден заеднички свет; заспаните имаат секој свој свет“.

големиот закон на промената да ја подготвил анестезијата за жртвата пред општествената операција.

Промената значи движење. Движењето значи триење. Само во безотпорниот вакуум на непостоечкиот апстрактен свет може да има движење или промена без подјадувачкото триење на конфликтот. На овие страници, нашата отворена политичка цел е да соработуваме со големиот закон на промената; секоја поинаква цел би била како кога кралот Кнут Велики им наредил на плимата и брановите да запрат.

Неколку збора за мојата лична филозофија. Таа е втемелена на оптимизам. Мора да е така, бидејќи оптимизмот носи надеж, носи иднина која има цел, и со тоа и волја за борба за подобар свет. Без овој оптимизам нема причина да се продолжи понатаму. Ако ја замислиме борбата како качување на планина, тогаш мора да замислиме планина без врв. Гледаме врв, но кога конечно ќе го достигнеме, облакот се крева и ние гледаме дека сме само на стрмнина. Планината уште продолжува нагоре. Сега го гледаме „вистинскиот" врв пред нас, се стремиме кон него и повторно сфаќаме дека сме достигнале нова стрмнина, а врвот е сè уште над нас. И тоа така оди до бескрај.

Знаејќи дека планината нема врв, дека е тоа непрекината потрага од едно до друго ниво, се прашуваме: „Чуму борбата, конфликтот, разочарувањето, опасноста, жртвувањето. Чуму постојаното искачување?" Нашиот одговор е ист како одговорот што го дава вистинскиот планинар кога ќе го прашаат зошто го прави тоа што го прави. „Бидејќи е тука". Бидејќи животот е тука, пред тебе, па или ќе се тестираш во неговите предизвици, или ќе се склопчиш во долините на секојдневната егзистенција без сон, чија единствена цел е зачувување на привидната сигурност и безбедност. Ова второво е она што одбираат да го прават поголемиот дел од луѓето, стравувајќи од авантура во непознатото. Парадоксално е дека тие се откажуваат од сонот за тоа што може да лежи на височините на утрешнината заради еден вечен кошмар – една бескрајна низа од денови, плашејќи се да не ја загубат безначајната безбедност.

За разлика од задачата на митскиот Сизиф, овој предизвик не е бескрајно туркање на голем камен кон врвот на планината кој веднаш се тркала надолу, задача која треба вечно да се повторува. И ова е туркање на голем камен угоре по бескрајна планина, но за разлика од Сизиф, секогаш одиме погоре. Исто така за разлика од Сизиф, секој

стадиум на патеката нагоре е различен, одново драматичен и секојпат нова авантура.

Од време на време паѓаме наназад и се обесхрабруваме, но тоа не значи дека немаме прогрес. Едноставно, тоа е природата на животот – искачување – а решавањето на секое прашање од своја страна создава други прашања, родени од проблеми кои денес се незамисливи. Потрагата по среќа никогаш не завршува, среќата лежи во потрагата.

Соочени со материјалистичката декаденција на статус квото, човек не треба да го изненадува сознанието дека сите револуционерни движења се првенствено настанати од духовните вредности и грижата за правда, еднаквост, мир и братство. Историјата е штафета од револуции, факел на идеализмот носен од револуционерната група сè додека таа група не стане естаблишмент, а факелот тогаш тивко се остава во мирување додека не го подигне некоја нова револуционерна група за наредната етапа на трчање. Така продолжува циклусот на револуциите.

Една голема револуција која треба да се извојува во блиската иднина е разбивањето на човековата илузија дека неговата лична благосостојба може да се издвои од благосостојбата на сите други. Сè додека човекот е прикован за овој мит, дотогаш и човечкиот дух ќе чмае. Загриженоста за нашата лична, материјална благосостојба без да се има предвид благосостојбата на другите е неморална според претпоставките на нашата јудео-христијанска цивилизација, но и уште полошо, таа е глупост достојна на пониските животински видови. Тоа е човековата нога што тој уште си ја влечка по древната кал на неговите почетоци, во незнаење и речиси животински. Но, не биле мудри оние кои знаејќи дека човековата меѓузависност е негова голема предност во битката за излегување од калта, убедувале и давале морални прогласи дека човекот е чувар на својот брат*. Бројките во однос на тој резултат од минатите векови се катастрофални, бидејќи се покажала погрешна претпоставката дека човек може да биде морален на повисоко ниво од она што го бара секојдневниот живот; на иднината ѝ била направена лоша услуга со тоа што моралноста била одвоена од секојдневните желби на човекот и подигната на ниво на алтруизам и

* Оваа метафора за љубов спрема ближниот е алузија на библиската реплика на братоубиецот Каин. Откако завидливиот Каин го убил брата си Авел, Господ го запрашал каде е Авел, а Каин одговорил: „Не знам, не сум му јас чувар на брат ми!“ (*заб. на ред.*).

самопожртвуваност. Факт е дека не е човековата „подобра природа“ таа што бара тој да му биде чувар на својот брат, туку неговиот личен интерес. Денес живееме во свет каде што не може некој да има парче леб, а неговиот сосед да нема ни трошка. Ако не го споделил лебот, не смее да заспие, бидејќи соседот ќе го убие. За да јаде и спие безбедно, човек мора да постапува добро, макар и од сосема погрешни причини и во пракса да биде чувар на својот брат.

Верувам дека човекот е на пат да научи дека е најпрактично да живее морално и дека моралниот живот е единствениот пат кон опстанок. Тој почнува да сфаќа дека или ќе сподели дел од своето материјално богатство или ќе го загуби целото, и дека ќе мора да ги почитува и да живее со другите политички идеологии ако сака цивилизацијата да продолжи да постои. Ова е аргументација која човекот може да ја разбере и прифати бидејќи е заснована на неговото актуелно искуство. *Тоа е низок пат до моралноста. Но, нема друг.*

# ЗА СРЕДСТВАТА И ЦЕЛИТЕ

*Не можеме прво да мислиме, а потоа да дејствуваме. Од моментот на нашето раѓање, ние сме нурнати во акција и можеме само повремено да ја насочувме со нашето мислење.*

— Алфред Норт Вајтхед

ВЕЧНОТО ПРАШАЊЕ: „Дали целта ги оправдува средствата?", вака поставено, е бесмислено; вистинското и единствено прашање за етиката на средствата и целите е, и всушност секогаш било: „Дали оваа *конкретна* цел ги оправдува овие *конкретни* средства?"

Животот и начинот како го живеете е приказна за целта и средствата. *Целта* е она што го сакате, а *средствата* се начинот како ја остварувате. Секогаш кога мислиме на општествени промени, се појавува прашањето за целта и средствата. Човекот од акција гледа на проблемот на целите и средствата во прагматични и стратешки рамки. Тој нема други проблеми, мисли само на неговите постоечки ресурси и можностите за различен избор на дејствување. За целите прашува само дали се достижни и дали вредат повеќе од трошоците, а за средствата пак прашува само дали функционираат. Да се каже дека корумпираните средства ги корумпираат целите, значи да се верува во безгрешното зачнување на целите и принципите. Вистинската арена е корумпирана и крвава. Животот е корумпирачки процес уште од времето кога детето учи како да ја изигра мајка си против татка си во политиката кога да оди на спиење; тој што се плаши од корупција, се плаши од животот.

Револуционерот практичар ќе ја разбере Гетеовата мисла дека „совеста е доблест на набљудувачите, а не на носителите на дејството". При дејствувањето, човек го нема секогаш тој луксуз одлуката да му биде во согласност и со неговата индивидуална совест и со доброто на човештвото. Изборот мора секогаш да биде за второто. Дејствувањето е за масовно спасение, а не за личното спасение на индивидуата. Оној кој го жртвува масовното добро за својата лична совест има посебно разбирање на „личното спасение"; не се грижи за луѓето доволно за да дозволи да биде „корумпиран" за нив.

Луѓето кои генерираат купови дискусии и литература за етиката на целите и средствата – која со ретки исклучоци е позната по својата стерилност – ретко пишуваат за своето искуство во вечната борба на животот и промените. Ним им се туѓи товарот и проблемите на оперативната одговорност и непрекинатиот притисок за итни одлуки. Тие се страсно определени да бидат мистериозно објективни кога страстите се под сомневање. Тие претпоставуваат непостоечки ситуации во кои луѓето без никакви чувства и само со разум замислуваат и конструираат средства и цели, како да проучуваат поморска мапа на копно. Може да се препознаат по еден од овие два вербални бренда: „Се согласуваме со целите, но не и со средствата", или: „Сега не е време за тоа". *Моралистите за средствата и целите, т.е. безделниците, секогаш завршуваат на своите цели без никакви средства.*

Овие моралисти за средствата и целите, постојано опседнати со етиката на средствата што ги користат безимотните против имотните, треба да се преиспитаат која е нивната вистинска политичка позиција. Всушност, тие се пасивни, но вистински сојузници на имотните. Тие се оние за кои зборува Жак Маритен во неговата изјава: „Стравот дека ќе се извалкаме ако влеземе во контекстот на историјата не е доблест, туку начин на избегнување на доблеста". Овие недејствувачи се оние кои избрале да не се борат против нацистите на единствениот начин на кој тие можеа да бидат победени, тие се оние кои ги затвориле кепенците за да не го гледаат срамниот спектакл на влечкањето на Евреите и останатите политички затвореници по улиците, тие се оние кои во себеси го осудиле целиот тој хорор, но не презеле ништо. Тоа е најниската точка на неморалноста. Најнеморално од сите средства е неупотребата на ниедно средство. Тоа се оној вид луѓе кои толку жестоко и борбено учествувале во класичната идеалистичка дебата во старата Лига на народите во врска со етичките разлики меѓу дефанзивно и офанзивно оружје. Нивниот страв од дејствување ги тера да се засолнат во една етика толку далеку од политиката на животот што може да се примени само на ангели, а не на луѓе. Стандардите на судовите мора да бидат втемелени врз причините и последиците на животот каков што се живее, на светот онаков каков што е, не на нашата посакувана фантазија за светот каков што треба да биде.

Тука ќе претставам серија правила кои се однесуваат на етиката на средствата и целите: прво, *човековото занимавање со етиката на*

*средствата и целите варира обратно пропорционално на неговиот личен интерес во проблемот.* Кога не сме директно засегнати, нашиот морал е огромен или, како што тоа го изразил Ларошфуко: „Имаме доволно сила да ја издржиме несреќата на другите". На ова се надоврзува и паралелното правило дека *човековото занимавање со етиката на средствата и целите варира обратно пропорционално на неговата дистанца од местото на конфликтот.*

*Второто правило на етиката на средствата и целите гласи дека судот во етиката на средствата и целите зависи од политичката позиција на оние кои го носат судот.* Ако активно сте ѝ се противставиле на нацистичката окупација и сте му се придружиле на илегалниот Отпор, тогаш сте ги прифатиле средствата на убиство, терор, уништување на имот, подметнување бомби во тунели и возови и киднапирање, како и подготвеност да се жртвуваат невини заложници со цел да се победат нацистите. Оние кои им се противставиле на нацистичките освојувачи, го сметале Отпорот за тајна армија на несебични, патриотски идеалисти, неочекувано храбри и подготвени да ги жртвуваат своите животи за своите морални убедувања. Но, за окупаторските власти, овие луѓе биле незаконски терористи, убијци, саботери и атентатори, кои верувале дека целта ги оправдува средствата и биле крајно неетични според мистичните правила на војната. Секоја странска окупација вака етички би ја осудила својата опозиција. Но, во таквиот конфликт ни едниот ни другиот протагонист не го интересира никаква друга вредност освен победа. Се работи за живот или смрт.

За нас, Декларацијата за независност е величествен документ и афирмација на човековите права. Од друга страна, за Британците тоа бил документ познат по неговата измама со полувистини. Во Декларацијата за независност, Листата на поединечни проблеми, со која се потврдуваат причините за револуцијата, ги наведува сите неправди за кои колонистите сметале дека е виновна Англија, но не наведува ниедна од придобивките. Не е спомната храната што колониите ја добивале од Британската Империја кога владеела глад, лекови кога владееле заразни болести, војници кога се водела војна со Индијците и други непријатели, како и многу други видови индиректна или директна помош за опстанокот на колониите. Не е спомнат ни растечкиот број на сојузници и пријатели на колонистите

во Британскиот долен дом, како ни очекувањето да се донесат итни закони за помош со кои би се исправиле нееднаквостите од кои страдале колониите.

Џеферсон, Френклин и други биле чесни луѓе, но тие знаеле дека Декларацијата за независност била повик на војна. Тие исто така знаеле дека доколку се направела листа на многубројните конструктивни придобивки од Британската Империја за колонистите, тоа толку многу ќе ја намалело итноста на повикот на оружје за револуцијата, што ќе било како самите да си нанеле пораз. Резултатот ќе бил документ со кој фактички се тврдело дека правдата е 60 отсто на наша страна, а само 40 отсто на нивната страна и дека револуција ќе имаме поради тие 20 отсто разлика. Да очекувате дека некој би си ја оставил сопругата, децата и домот, дека би ја оставил жетвата на нива, би зел оружје в рака и би се приклучил на Револуционерната армија поради 20 отсто отстапување од балансот на човечката правда е надвор од здравиот разум.

Како декларација на војна, Декларацијата за независност морало да биде таква каква што била, 100 проценти изјава за праведност на каузата на колонистите и 100 проценти осуда на улогата на британската влада како зла и неправедна. Нашата кауза морало целата да биде блескава правда во сојуз со ангелите, а нивната требало да биде целата зла поврзана со ѓаволот; нема војна во која непријателот или неговата кауза биле сиви. Затоа, полувистината од една страна била оправдана, а од друга, пак, била намерна измама.

Историјата е создадена од „морални“ судови засновани на политика. Сме го осудиле Лениновото прифаќање пари од Германците во 1917 година, но дискретно сме премолчале кога истата година нашиот полковник Вилијам Б. Томсон им дал еден милион долари на антиболшевиците во Русија. Како сојузници на Советите во Втората светска војна, сме ја славеле и величале комунистичката герилска тактика кога Русите ја употребиле против нацистите за време на нацистичката инвазија на Советскиот Сојуз, а истата таа тактика ја осудуваме кога ја употребуваат комунистички сили во други делови на светот против нас. Средствата на опозицијата, употребени против нас, се секогаш неморални, а нашите средства се секогаш етички и втемелени врз најголемите човечки вредности. Во драмата *Човек и натчовек*, Џорџ Бернард Шо укажува на менувањето на етичките

дефиниции според позицијата што се зазема. Мендоза му вели на Танер: „Јас сум ајдук. Живеам од ограбување на богатите“. Танер одговара: „Јас сум џентлмен. Живеам од ограбување на сиромашните. Да се ракуваме“.

*Третото правило на етиката на средствата и целите гласи дека во војна целите ги оправдуваат речиси сите средства.* Женевските договори за третман на затвореници или употреба на нуклеарно оружје се почитуваат само затоа што непријателот или неговите потенцијални сојузници може да се одмаздат.

Забелешките што Винстон Черчил му ги кажал на својот личен секретар неколку часа пред нацистите да го нападнат Советскиот Сојуз, сликовито ја покажуваат политиката на средствата и целите во војна. Информиран за претстојниот развој на настаните, секретарот се интересирал како Черчил, водечкиот британски антикомунист, ќе се помири со тоа да биде на иста страна со Советите. Нема ли на Черчил да му биде непријатно и тешко да побара од својата влада поддршка за комунистите? Одговорот на Черчил бил јасен и недвосмислен: „Не, воопшто. Имам само една цел, уништување на Хитлер, и со тоа мојот живот е многу поедноставен. Кога Хитлер би го нападнал пеколот, и за ѓаволот ќе кажам нешто добро во Долниот дом“.

За време на Граѓанската војна, претседателот Линколн не се двоумел да го суспендира правото на *хабеас корпус** и да ја игнорира наредбата на Врховниот судија на САД. Повторно, кога Линколн бил убеден дека е нужно воени комисии да им судат на цивили, го отфрлил обвинението за незаконитост на оваа постапка со изјавата дека е тоа „неопходно за јавната безбедност“. Тој верувал дека граѓанските судови немале моќ да излезат на крај со бунтовничката дејност на цивилите. „Да морам да го застрелам наивниот млад војник кој дезертирал, а да не смеам ни да го допрам лукавиот агитатор кој го натерал да дезертира...“

*Четвртото правило на етиката на средствата и целите гласи дека судот мора да се донесе во контекстот на времето во кое се случило дејството, а не од некоја друга хронолошка точка.* Бостонскиот

* Право на уапсениот да биде изведен пред судија кој ќе ја оцени основаноста на неговото притворање. Во 1679 година, Англискиот парламент го преточил ова право во закон, познат како Закон за хабеас корпус (*заб. на ред.*).

масакр[*] е вистински пример за тоа. „Британските злосторства сами по себе не биле доволни луѓето да се уверат дека на 5 март се случило убиство: на смртната постела, Патрик Кар признал дека локалното население било агресорот и дека војниците пукале во самоодбрана. Ова непобарано признание на еден од мачениците кој умрел под аурата на светост што им ја дарил Сем Адамс[**], проструило алармантно низ патриотските редови. Но, Адамс го разбил сведоштвото на Кар пред очите на сите побожни Новоангличани укажувајќи им дека Кар бил ирски „папист" кој веројатно умрел предаден на Римокатоличката црква. Откако Сем Адамс го раскринкал Патрик Кар, дури ни ториевците не се осмелувале да го цитираат за да докажат дека бостонците се одговорни за масакрот".[9] За Британците тоа било расипана, извитоперена употреба на фанатизам и неморални средства карактеристични за револуционерите, или Синовите на слободата. За Синовите на слободата и за патриотите, постапката на Сем Адамс била одлична стратегија и спас испратен од Господа. Кога денес гледаме на постапките на Адамс, би можеле да ги оцениме во иста светлина како што ги оцениле и Британците, но притоа имајте на ум дека ние денес не водиме револуција против Британската Империја.

Етичките стандарди мора да бидат еластични за да може да се растегаат низ разни времиња. Во политиката, етиката на средствата и целите може да се разбере преку овде опишаните правила. Историјата ја сочинуваат безмалку исти примери како што е нашата позиција во врска со слободата на отворено море во 1812 и 1917 година, споредена со нашата блокада на Куба во 1962 година, или пак нашето сојузништво со Советскиот Сојуз против Германија, Јапонија и Италија во 1942 година и менувањето на страните по помалку од една деценија.

---

[*] Бостонскиот масакр се случил на 5 март 1770 година, кога група британски војници кои ги заштитувале претставниците на колонијалната власт, биле опколени од толпа гневни граѓани и без наредба пукале во нив, убивајќи петмина. Една од жртвите, Патрик Кар, кој умрел подоцна во болница, посведочил дека војниците биле испровоцирани од насобраниот народ (*заб. на ред.*).

[**] Семјуел Адамс (Samuel Adams, 1722-1803) бил еден од првите лидери на американското движење за независност и активен организатор на отпорот против британската административна контрола (*заб. на ред.*).

[9] Сем Адамс, *Пионер во пропагандата*, од Џон Ч. Милер (John C. Miller, Sam Adams, *Pioneer in Propaganda*).

Линколновото суспендирање на *хабеас корпусот*, неговото непочитување на наредбата на Врховниот судија на САД и нелегалното користење воени комисии за судење цивили биле дело на истиот оној човек кој петнаесет години порано, во Спрингфилд, изјавил: „Немојте да помислите дека велам нема лоши закони, или дека не можат да се поднесат поплаки во врска со прекршувања за кои нема правни одредби. Не сакам да кажам нешто такво. Но, сакам да кажам дека иако лошите закони, доколку има такви, треба да се укинуваат, сепак, додека се на сила, треба верно да се почитуваат, со цел да се даде пример".

Ова е и истиот оној Линколн кој само неколку години пред да го потпише Прогласот за еманципација*, во својот прв инаугуративен говор изјавил: „Постојано цитирам од еден од оние говори кога објавив дека немам намера директно или индиректно да се мешам во институцијата на ропството во оние држави каде што таа постои. Верувам дека немам законско право на тоа, а немам ни намера да го правам тоа. Оние кои ме номинираа и ме избраа, го сторија тоа знаејќи дека јас сум ја дал оваа и многу слични изјави и дека никогаш не сум ги повлекол".

Секој што ја критикува етиката на Линколновата промена на ставовите, поседува чудно нереална слика на статичен непроменлив свет, каде луѓето остануваат цврсто и непоколебливо на некои таканаречени принципи или позиции. Во политиката на човековиот живот, доследноста не е доблест. Да се биде доследен, според Оксфордовиот универзален речник, значи „да стоиш мирен, или да не се мрдаш". Човек мора да се менува со текот на времето, или да умре.

Промената во ориентацијата на Џеферсон кога станал претседател е релевантен пример за ова. Џеферсон постојано го напаѓал претседателот Вашингтон што го користи националниот интерес како појдовна точка за сите одлуки. Тој жестоко го критикувал претседателот дека е тесноград и себичен и тврдел дека одлуките треба да бидат засновани на светскиот интерес, за да се поттикне ширењето на идеите на Американската револуција и дека Вашингтоновото држење до критериумите на националниот интерес е предавство на

* *Emancipation Proclamation:* указ на претседателот Линколн од 1 јануари 1863 година до сите извршни и воени органи на САД, во својство на главен комадант на војската, со кој се прогласило ослободување на робовите и во десетте држави кои сè уште војувале против Унијата. Указот немал сила на закон одобрен од Конгресот (*заб. на ред.*).

Американската револуција. Но, од првиот момент кога Џеферсон го презел претседателствувањето со САД, секоја негова одлука била диктирана од националниот интерес. Оваа приказна која датира од еден друг век, има свои паралели и во нашиот и во секој друг век.

*Петтото правило на етика на средствата и целите гласи дека занимавањето со етиката расте заедно со зголемувањето на бројот расположиви средства и обратно.* За човекот од акција, првиот критерум при утврдувањето кои средства да ги употреби е да оцени кои средства ги има на располагање. Прегледот и изборот на расположливите средства се врши врз чисто утилитаристичка основа – дали средството ќе функционира? Моралните прашања може да настапат кога се одбира меѓу подеднакво ефикасни алтернативни средства. Но, кога човек го нема луксузот на избор и располага само со едно средство, тогаш етичкото прашање нема никогаш да се појави; осаменото средство автоматски добива морален дух. Неговата одбрана лежи во извикот: „Што можев друго да сторам?“ И обратно, сигурната позиција во која човек може да избира меѓу повеќе ефикасни и моќни средства, секогаш е придружена од онаа етичка грижа и спокојство на совеста што Марк Твен извонредно ги опишал како „мирна сигурност на христијанинот кој во рацете држи четири аса“.

За мене етика е да се прави она што е најдобро за мнозинството. За време на еден спор со една голема корпорација, бев соочен со закана за јавно обелоденување фотографија на мотелска сметка на име „господин и госпоѓа“ и фотографии со мене и мојата девојка. Им реков: „Слободно дајте им ја на медиумите. Мислам дека е таа убава на сликите, а јас никогаш не сум рекол дека сум заречен на целибат. Ајде!“ Со тоа заканата заврши.

Речиси на крајот на овој судир дојде да ме види еден од пониските извршни директори во корпорацијата. Излезе дека тој потајно ја симпатизирал нашата страна. Покажувајќи кон актовката рече: „Овде внатре има изобилство докази дека тој и тој [лидер на опозицијата] сака повеќе момчиња отколку девојки“. Јас реков: „Благодарам, но не ми требаат. Јас не се борам на тој начин. Не сакам да ги видам. Пријатно“. Тој се побуни: „Но тие тукушто се обидоа да те фатат на таа девојка“. Му одговорив: „Тоа што тие се борат на таков начин не значи дека и јас морам да го правам истото. За мене вовлекувањето нечиј приватен живот во оваа кал е одвратно и гадно“. Си замина.

Бев, значи, достоинствен, *но* што ако бев убеден дека единствениот начин да победиме е да го употребам понуденото – тогаш без размислување ќе го употребев. Каква алтернатива ќе имав? Да западнам во оправдана „морална“ огорченост велејќи: „Поскоро би загубил отколку да си ги погазам принципите“ и потоа да си одам дома со мојот етички химен нечепнат? Премногу беше трагичен фактот дека 40.000 сиромашни ќе ја загубат војната против безнадежноста и очајот. Страшно и жално беше и тоа што нивната состојба дури и ќе се влошеше со одмаздливоста на корпорацијата, но тоа е животот. На крајот на краиштата, човек не смее да ги заборави средствата и целите. Точно е дека може да имам проблем да заспијам бидејќи ми треба време додека си ги пикнам големите, ангелски, морални крилја под покривката. За мене тоа би било крајно неморално.

*Шестото правило на етиката на средствата и целите гласи дека колку е помалку важно посакувањето на целта, толку повеќе човек може да си дозволи да се впушти во етичко вреднување на средствата.*

*Седмото правило на етиката на средствата и целите гласи дека генерално успехот, односно неуспехот е моќна детерминанта на етичноста.* Историските судови во голема мера се темелат на успешниот или неуспешниот исход; тоа ја дефинира разликата меѓу предавникот и патриотскиот херој. *Не постојат успешни предавници, бидејќи штом човек успее, тој станува татко на нацијата.*

*Осмото правило на етиката на средствата и целите гласи дека моралноста на едно средство зависи од тоа дали средството се употребува во време непосредно пред пораз или непосредно пред победа.* Едно исто средство употребено со навидум обезбедена победа може да се дефинира како неморално, а пак ако се употреби во очајни околности за да се избегне пораз, прашањето на неговата моралнност воопшто нема ни да се постави. Накратко, етиката ја определува тоа дали се губи или се победува. Од секогаш се сметало дека убиството може да се оправда ако е извршено во самоодбрана.

Ајде да го соочиме овој принцип со најстрашното етичко прашање на модерното време: дали САД имале право да ја употребат атомската бомба врз Хирошима?

Кога сме ја фрлиле атомската бомба, САД си ја осигуриле победата. Во Пацификот, Јапонија беше претрпела непрекината серија порази. Сега ние сме биле на Окинава со воздухопловна база од која сме можеле

постојано да го бомбардираме непријателот. Јапонските воздушни сили биле десеткувани, исто како и нивната морнарица. Победата веќе била дојдена во Европа и севкупните европски воздухопловни сили, морнарица и армија биле слободни да се префрлат на Пацификот. И Русија почнала да оди натаму барајќи дел од колачот. Поразот на Јапонија бил сосема извесен и единственото прашање било како и кога ќе се изведе завршниот удар. Од познати причини сме ја фрлиле бомбата и со тоа предизвикавме универзална дебата за моралноста на употребата на ова средство со цел да ѝ се стави крај на војната.

Тврдам дека доколку атомската бомба беше готова брзо по нападот на Перл Харбур каде останавме незаштитени, кога поголемиот дел од нашата пацифичка флота беше на дното на морето, кога нацијата стравуваше од можна инвазија на пацифичкиот брег и кога истовремено бевме вовлечени и во војната во Европа, тогаш употребата на бомбата врз Јапонија во тој момент ќе беше универзално означена како праведна одмазда со бомбардирање, оган и сулфур. Тогаш, употребата на бомбата ќе беше доживеана како доказ дека доброто секогаш го победува злото. Прашањето за етичноста на употребата на бомбата во тоа време немаше никогаш да се постави и денес ќе се водеше многу поинаква дебата. Оние кои не би се согласиле со ова тврдење не се сеќаваат на состојбата во која беше светот во тоа време. Тие или се луди или се лажговци, или и едното и другото.

*Деветтото правило на етиката на средствата и целите гласи дека секое ефикасно средство автоматски е осудено од опозицијата како неетичко.* Еден од нашите најпознати револуционерни херои бил Франсис Марион од Јужна Каролина, кој во американската историја е запаметен како „Мочуришната лисица“. Марион бил револуционер герилец. Тој и неговите луѓе дејствувале според традицијата и тактиките кои обично се поврзуваат со денешните герилци. Корнвалис* и редовната Британска армија сметале дека герилската тактика на Марион ги разнишува и ги дезорганизира нивните планови и операции. Бесни поради ефикасноста на неговите операции и неспособни да им парираат, Британците го осудиле како криминалец и го обвиниле дека не ја води војната „џентлменски“,

* Ерлот Чарлс Корнвалис (Charles Cornwallis, 1738-1805) бил еден од водечките британски генерали во Американската граѓанска војна (*заб. на ред.*).

односно „христијански". Тој бил подложен на непрекинати осуди за немање етика и морал при употребата на герилските средства со цел да постигне победа на револуцијата.

*Десеттото правило на етиката на средствата и целите гласи дека го правиш она што можеш со она што го имаш и го пакуваш во морална обвивка.* На полето на дејствување, првото прашање кое се поставува при определувањето на средствата што ќе се употребат за остварување определени цели е кои средства ги има на располагање. Ова бара процена на постоечките сили или ресурси кои може да се употребат. Тоа подразбира одбирање на различните фактори кои се комбинираат за да ги создадат околностите во секој даден момент и прилагодување кон популарните ставови и клима. Мора да се разгледаат и прашањата за тоа колку време е неопходно, односно колку време имаме на располагање. Кој и колкумина ќе ја поддржат акцијата? Дали опозицијата има доволно моќ да ги укине или да ги промени законите? Дали нејзината контрола врз полициските сили се протега до степен кога е невозможна легалната и мирна промена? Доколку треба да се употреби оружје, дали соодветното оружје го има на располагање? Достапноста на средствата определува дали ќе дејствувате подземно или на отворено, дали ќе дејствувате брзо или полека, дали ќе дејствувате за големи промени или ограничени прилагодувања, дали ќе дејствувате со пасивен или со активен отпор, или дали воопшто ќе дејствувате. Отсуството на какво и да е средство може човека да го поттикне на саможртвување, во надеж дека тоа ќе биде катализатор што ќе предизвика синџир од реакции кои ќе кулминираат во масовно движење. Овде една едноставна етичка изјава е употребена како средство за доаѓање до власт.

Директна илустрација на оваа поента може да се најде во Троцкиевото резиме на познатите Априлски тези на Ленин, издадени набргу по Лениновото враќање од егзил. Ленин истакнал: „Задачата на болшевиците е да ја урнат империјалистичката власт. Но, оваа власт се потпира на поддршката на социјалреволуционерите и меншевиците, кои ја имаат поддршката и довербата на народните маси. Ние сме во малцинство. Во овие услови не може да стане збор за примена на насилство од наша страна". Суштината на Лениновите говори во овој период гласела: „Тие го имаат оружјето, па затоа ние сме за мир и реформи преку избори. Кога ние ќе го имаме оружјето, тогаш ќе бидат преку куршуми". Така и било.

Махатма Ганди и неговата употреба на пасивниот отпор во Индија претставуваат извонреден пример за избор на средствата. Тука, исто така, ја гледаме неизбежната алхемија на времето како работи според моралните еквиваленти како последица на менувањето на околностите и позициите од безимотните на имотните, со природната промена на целите од освојување кон зачувување.

Во Ганди светот гледа пример на највисокото морално однесување во врска со средствата и целите. Можеме да претпоставиме дека има луѓе кои веруваат дека ако Ганди останел жив, немало да има ни инвазија на Гоа, ни некоја друга воена инвазија. Слично, за политички наивните би било незамисливо дека големиот учител на ненасилството – Нехру, некогаш би дозволил инвазија на Гоа, бидејќи токму Нехру бил тој кој во 1955 година изјавил: „Кои се основните елементи на нашата политика во однос на Гоа? Прво, мора да постојат мирољубиви методи. Ова е од суштинска важност, освен ако не се откажеме од корените на сите наши политики и нашето однесување... Целосно ги отфрламе немирољубивите методи". Тој бил човек заколнат на ненасилство и наводно на љубов кон човештвото, вклучително и кон неговите непријатели. Негова цел била независноста на Индија од странска доминација, а негово средство бил пасивниот отпор. Историјата, како и религиозното и моралното мислење, толку го беа воздигнале Ганди во таа света матрица, што за многумина е богохулење да се прашува дали можеби целата таа процедура на пасивен отпор не била всушност единствената интелигентна, реалистичка и експедитивна програма што Ганди ја имал на располагање и дали „моралноста" што ја опкружувала оваа политика на пасивен отпор не била главно начин да се прикрие прагмтичната програма со посакувана и суштински морална наметка.

Да го анализираме овој случај. Прво, Ганди како и секој друг лидер на полето на социјалната акција, бил принуден да ги испита средствата што му се при рака. Да имал оружје, можеби и ќе го употребел во вооружена револуција против Британците, што ќе претставувале следење на традициите на револуциите за ослободување со употреба на сила. Ганди немал пушки, а дури и да ги имал, немало да има луѓе кои би ракувале со нив. Во својата *Автобиографија* Ганди ја забележува неговата запрепастеност од пасивноста и потчинетоста на неговиот народ во неодмаздувањето, па дури и во отсуството на секаква желба

за одмазда против Британците: „Како што навлегував сè подлабоко во истражувањето на злосторствата што биле извршени врз народот, слушав приказни за тиранијата на власта и произволниот деспотизам на нејзините службеници за какви што воопшто не бев подготвен и кои ме исполнија со длабока болка. Но, она што тогаш ме изненади и сè уште продолжува да ме изненадува, е фактот дека провинцијата која ѝ го дала најголемиот број војници на британската власт за време на војната, требаше да ги доживее овие брутални испади, легната на колена“.

Ганди и неговите соработници повеќе пати ја осудиле немоќта на својот народ да даде организиран, ефикасен, насилен отпор против неправдата и тиранијата. Неговото лично искуство го потврдила и една непрекината серија на исти изјави од сите лидери на Индија – дека Индија не може да води физичка војна против нејзините непријатели. Биле дадени многу причини за тоа, меѓу кои и слабоста, немањето оружје, принуденоста на покорност и други слични аргументи. Во интервју кое му го дал на Норман Казнс во 1961 гоина, Пандит Џавахарлал Нехру ги опишал тогашните Индијци како „деморализирана, посрамена и безнадежна маса, малтретирана и скршена од секој доминантен интерес и неспособна да даде отпор“.

Соочени со оваа ситуација, се враќаме сега кон Гандиевата проценка и преглед на средствата коишто му биле на располагање. Се вели дека да имал оружје, можеби и ќе го употребел; овој исказ се темели на Декларацијата за независност на Махатма Ганди издадена на 26 јануари 1930 година, во која тој расправа за „четирикратната катастрофа за нашата земја“. Четвртото обвинение против Британците гласи: „На духовен план, принудното разоружување нè направи слабаци, а присуството на странска окупаторска армија задолжена со смртоносен удар да ни го скрши духот на отпорот, нè доведе до тоа да мислиме дека не можеме самите да се грижиме за себе и дека не можеме да се одбраниме од странска агресија, па дури и дека не можеме да си ги одбраниме домовите и семејствата...“ Овие зборови повеќе од јасно укажуваат на тоа дека доколку Ганди имал оружје за насилен отпор и луѓе кои би ракувале со него, ова средство немало да биде така безрезервно отфрлено како што светот сака да си мисли.

Во таа смисла може да се забележи и тоа дека по обезбедувањето на независноста на Индија, кога Нехру бил соочен со конфликтот

со Пакистан околу Кашмир, тој без двоумење употребил вооружена сила. Сега односот на силите бил променет. Индија имала оружје и обучена војска да го користи тоа оружје.[10] Секоја сугестија дека Ганди не би ја одобрил употребата на насилство е негирана од изјавата на самиот Нехру во споменатото интервју од 1961 година: „Тое беше страшно време. Кога ја добив веста за Кашмир, знаев дека ќе морам да дејствувам веднаш, и тоа со сила. Но бев на големи маки и во умот и во духот, бидејќи знаев дека можеби ќе мора да се соочиме со војна – и тоа многу бргу по постигнувањето на нашата независност преку една филозофија на ненасилство. Самата помисла беше ужасна. Па сепак, презедов акција. Ганди не рече ништо што би укажало на негово неодобрување. Морам да кажам дека тоа ми беше големо олеснување. Кога Ганди, страсниот поборник на ненасилство не се противстави, тоа многу ми ја олесни работата. Ова го зајакна моето гледиште дека Ганди сепак може да биде адаптабилен“.

---

[10] Рејнхолд Нибур, „Британското искуство и американската моќ“, *Христијанството и кризите* (Reinhold Niebuhr, “British Experience and American Power,” *Christianity and Crisis*), бр. 16, 14 мај 1956, стр. 57:
*„Непочитувањето на Обединетите нации од страна на Индија во врска со прашањето на Кашмир помина релативно незабележано. Треба да се знае дека Кашмир, кој е спорна територија што ја присвојуваат и муслимански Пакистан и индуистичка Индија, има предоминантно муслиманско население, но индуистички владетел. За да се определи идната политичка ориентација на областа, ОН наредија да се одржи референдум. Во меѓувреме и Индија и Пакистан одбија да ги повлечат своите трупи од зоните кои претходно ги имаа окупирано. На крајот, Нехру го зеде законот во свои раце и го анектира поголемиот дел од Кашмир, мудро интегрирајќи го во индиската економија. Советот за безбедност, без Русија која се воздржа од гласање, едногласно го повика да ја почитува одлуката на ОН, но индиската влада одби. Нехру очигледно не сака референдум сега, бидејќи тој бездруго ќе излезе на штета на Индија, иако неодредено ветува дека ќе се одржи референдум во иднина.*
*Од морална гледна точка, овој инцидент го прикажува Нехру во лоша светлина... Кога виталните интереси на Индија беа доведени под прашање, Нехру ги заборави возвишените чувства, ги жртвува своите обожаватели од списанијата* New Statesman *и* Nation *и се подложи себеси на обвинението за недоследност.*
*Се работи за политика која е или макијавелистичка или државничка, зависно од вашата гледна точка. Нашата совест може да ја одмолчи, но од друга страна, и еминентните морални луѓе како премиерот Гледстон од минатото и секретарот Далес од денешницата би можеле да понудат многу паралели на политиката на г-нот Нехру, иако човек може да се сомнева дека кој и да е од овие државници може да понуди кохерентна анализа на разнообразието модуси кои влегле во политиката. Тоа е достигнување за кое не се способни ни високо морални луѓе“.*

Соочени со прашањето за тоа кои средства можел да ги употреби против Британците, доаѓаме до другиот претходно спомнат критериум, имено, дека кој вид средства ќе се одберат и како би можеле да бидат употребени значително зависи од ликот на непријателот или природата на неговата опозиција. Опозицијата на Ганди не само што овозможила пасивниот отпор да биде ефикасно употребен, туку и практично го поттикнала. Негов непријател била една британска администрација што ја карактеризирала стара, аристократска, либерална традиција која им давала големи слободи на своите колонии и која секогаш дејствувала по моделот на користење, апсорбирање, заведување или уништување преку ласкање или корупција на револуционерните лидери кои се издигнувале од колонијалните редови. Ова била токму таков вид опозиција која би толерирала и на крајот би капитулирала пред тактиката на пасивниот отпор.

Пасивниот отпор на Ганди никогаш немаше да успее против некоја тоталитарна држава како нацистичката. Не е сигурно дека во такви околности на Ганди воопшто ќе му паднела на ум идејата за пасивен отпор. Се вели дека Ганди, кој е роден во 1869 година, никогаш не го видел и не го разбрал тоталитаризмот и своето противставување целосно го дефинирал во рамките на карактерот на британската власт и она што таа го претставувала. Во својот есеј *Осврт на Ганди*, Џорџ Орвел има направено неколку релевантни забелешки на оваа тема: „...Тој веруваше во ʾбудење на светотʿ, кое е можно само ако светот добие шанса да чуе што правите. Тешко е да се замисли како методите на Ганди би можело да се применат во земја во која противниците на режимот исчезнуваат среде ноќ и за нив никогаш повеќе ништо не се слуша. Без слободни медиуми и право на собири не само што е невозможно да се обратите до надворешното мислење, туку и да активирате масовно движење, па дури и да му ги соопштите вашите намери на противникот“.

Од прагматична точка на гледање на нештата, не само што пасивниот отпор бил можен, туку бил и најефикасното средство што можело да се избере со цел Индија да се ослободи од британска контрола. При организирањето, главната негативност во дадената ситуација мора да се претвори во главна позитивност. Накратко, знаејќи дека не може да се очекува насилно дејствување од таа голема и тромава маса, Ганди ја организирал инерцијата: ѝ поставил цел со

што таа станала целисходна. Поради распространетото познавање на дармата*, пасивниот отпор им бил близок на Индусите. Кога би ги поедноставиле работите, Ганди всушност рекол: „Видете, вие и така сите таму седите, па наместо само таму да седите, дојдете седнете овде и додека седите, повторувајте – бараме независност!“

Ова отвора едно друго прашање во врска со моралноста на средствата и целите. Веќе забележавме дека во суштина човештвото се дели себеси на три групи: безимотни, малкуимотни желни за повеќе и имотни. Целта на имотните е да го задржат она што го имаат. Затоа имотните сакаат да го задржат статус квото, а безимотните сакаат да го променат. Имотните развиваат свој морал со кој си ги оправдуваат своите средства на репресија, како и сите останати средства кои се употребуваат за да се задржи статус квото. Имотните најчесто воспоставуваат закони и судии посветени на одржување на статус квото, а со оглед на тоа што секое ефикасно средство за промена на статус квото е најчесто илегално и/или неетично во очите на власта, безимотните отсекогаш биле приморани да се повикуваат на „закон повисок од законите што ги донел човекот“. Потоа, кога безимотните ќе постигнат успех и ќе станат имотни, тие се во позиција да се трудат да го задржат она што го имаат и нивниот морал се менува со промената на нивното место во шемата на моќта.

Осум месеци по обезбедувањето независност, Индискиот национален конгрес** го забранил пасивниот отпор и го направил кривично дело. За нив било една работа да го користат пасивниот отпор како средство против поранешните имотни, но сега кога биле на власт, сакале да се осигурат дека тоа нема да биде употребено против нив! Бидејќи повеќе не биле безимотни, не се повикувале на законите повисоки од законите што ги носи човекот. Сега кога тие ги изготвувале законите, тие биле на страната на законите што ги носи човекот! Сега поинаку се гледало и на штрајкот со глад, кој бил мошне ефикасно користен во револуцијата. Во погоре спомнатото интервју,

* Дарма е стар индиски филозофски поим, со централно место во индуизмот и будизмот, кој има голем број значења и широка примена, а меѓу другото се однесува и на вистинскиот пат, начин, должност или закон што води кон ред, односно го избегнува хаосот (*заб. на ред.*).

** Партијата на Индискиот национален конгрес била главниот учесник во движењето за независност на Индија од колонијалната британска власт, а по прогласувањето на независноста во 1947 година, станала доминантната политичка партија на власт (*заб. на ред.*).

Нехру рекол: „На владата нема да влијаат штрајкови со глад... Искрено да ви кажам, јас не го одобрував гладувањето како политичко оружје дури ни кога го практикуваше Ганди".

Јасен пример за ова повторно ни дава Сем Адамс, жестокиот радикал на американската револуција. Адамс меѓу првите го прокламирал правото на револуција. Но, по успехот на американската револуција, истиот тој Сем Адамс меѓу првите барал егзекуција на оние Американци кои учествувале во востанието на Шејс*, со објаснување дека никој нема право да води револуција против нас!

Морална рационализација е неопходна секогаш кога се врши некоја акција, било за да се оправда изборот или употребата на средствата или целите. Голема слабост на Макијавели било тоа што не ја согледал нужноста од морална обвивка за сите дејства и мотиви – рекол дека „политиката нема никаква врска со моралот".

Сите големи лидери, вклучувајќи ги и Черчил, Ганди, Линколн и Џеферсон, секогаш се повикувале на „морални принципи" за да ги покријат голите лични интереси со плаштот на „слободата", „еднаквоста на сите луѓе", „законот повисок од законите што ги носи човекот" и така натаму. Тоа се случувало дури и во услови на национална криза, кога е општо прифатено дека целта ги оправдува средствата. *Сите ефикасни акции бараат морална пропусница.*

Примери има насекаде. Во САД, подемот на граѓанското движење кон крајот на 1950-.тите го обележала употребата на пасивен отпор на Југот против сегрегацијата. Насилството на Југот ќе било самоубиствено, политичкиот притисок тогаш бил невозможен и единствениот пат бил преку економски притисок со неколку дополнителни активности. Правно блокирани од законите, непријателската полиција и судовите на поединечните држави, тие биле принудени како сите безимотни од памтивека да се повикаат на „закон над законот донесен од човекот". Во неговиот *Општествен договор,* Русо го забележал очигледното, имено дека „законот е многу добар за луѓето со имот и многу лош за луѓе без имот". Пасивниот отпор останал едно од неколкуте средства достапни на антисегрегационите сили пред да го осигурат правото на глас. Освен тоа, пасивниот отпор бил добра одбранбена тактика и со

* Востанието на Шејс (Shays' Rebellion) се случило 1786-1787 година во Масачусетс и претставувало вооружен бунт на ветераните на Американската револуција против даночната политика на новата независна американска власт (*заб. на ред.*).

оглед на тоа дека ги ограничувал можностите за употреба на ресурсите на моќ на статус квото за присилна репресија. Пасивниот отпор се одбирал од истите прагматични причини како и сите тактики. Но тој ги добива нужните морални и религиозни ордени.

Како и да е, кога пасивниот отпор ќе стане масовен и заканувачки, тој раѓа насилство. Црнците од Југот немаат традиција на дарма и се доволно блиски до своите сонародници од Северот, така што различните услови меѓу Северот и Југот се видливи исто како што се и постојан поттик. На ова додајте му го фактот дека сиромашните белци на Југот не дејствуваат според британската традиција, туку се одраз на цели генерации на насилство. Иднината не се залага за создавање посебна религија на ненасилството. Тоа ќе биде запомнето по она што било, најдобрата тактика за своето време и место.

Како што сè повеќе други ефикасни средства стануваат достапни, движењето за црнечките граѓански права ќе се откаже од овие ордени, заменувајќи ги со нова морална филозофија во согласност со своите нови средства и можности. Објаснувањето како и секогаш ќе биде: „Времињата се променија". Ова се случува денес.

*Единаесеттото правило на етиката на средствата и целите гласи дека целите мора да бидат изразени во општи рамки, како „Слобода, еднаквост, братство", „За заедничката благосостојба", „Потрага по среќа" или „Леб и мир".* Витман вака го дефинирал: „Еднаш најавената цел не може да се отповика." Претходно беше кажано дека мудрите луѓе од акција знаат дека често во текот на дејствувањето на средствата кон целите, се појавуваат сосема нови и неочекувани цели меѓу главните резултати на акцијата. Од Граѓанската војна што се водела со цел да се зачува Унијата, произлегол крајот на ропството.

Во оваа смисла мора да се запомни дека историјата ја сочинуваат акции во кои една цел резултира во други цели. Многу пати научните откритија се резултат на експериментални истражувања кои биле посветени на цели што немаат многу врска со откритијата. Работата на навидум мала практична програма резултирала со повратни информации со големи креативни основни идеи. Во делото *Човекот, моралот и општеството*, Џ. К. Флугел забележува дека „...ни во психологијата, исто така, немаме право да бидеме изненадени доколку откриеме дека додека сме се занимавале со средствата (на пример, лекувањето некој невротичен симптом, изнаоѓање поефикасен

начин на учење или ослободување од индустрискиот замор), сме го модифицирале нашиот однос спрема целта (сме се здобиле со некој нов увид во природата на менталното здравје, улогата на образованието или работното место во човечкиот живот)".

Менталната сенка што удира по темата на средствата и целите е типична за оние кои се набљудувачи, а не учесници на бојното поле на животот. Во делото *Јогот и комесарот*, Кестлер почнува со основната грешка на произволно разграничување меѓу *експедитивноста* и *моралот*, меѓу јогинот/јогот за кого целта никогаш не ги оправдува средствата и комесарот за кого целта секогаш ги оправдува средствата. Кестлер се обидува да се извлече од оваа самонаметната лудачка кошула со предлогот дека целта ги оправдува средствата само во рамките на тесни граници. Тука Кестлер дури и во академска конфронтација со дејството, бил приморан да го преземе првиот чекор во компромисот на патот кон дејствувањето и моќта. Колку „тесни" се границите и кој ги дефинира „тесните" граници се прашања со кои се отвора вратата за премисите што ги дискутираме овде. Личната безбедност и сигурност што ја бараат застапниците на светоста на средствата и целите лежи само во утробата на јогизмот или манастирот, па дури и таму е помрачена од отфрлањето на моралниот принцип дека тие се чувари на своите браќа.

Бертранд Расел, во неговата книга *Човечкото општество во етиката и политиката*, констатира дека „моралот е толку многу преокупиран со средствата што се чини речиси неморално нешто да се разгледува само во врска со неговата внатрешна вредност. Но, очигледно ништо нема вредност како средство, освен ако она за коешто е тоа средство нема некоја своја вредност. Следува дека неговата внатрешна вредност логички ѝ предходи на вредноста како средство".

Организаторот, револуционерот, активистот или наречето го како сакате, кој е посветен на слободното и отворено општество, во таа посветеност се потпира на едно сложено множество високи вредности. Меѓу овие вредности спаѓаат и основните морали на сите организирани религии, а нивна основа е скапоценоста на човечкиот живот. Во овие вредности се вбројуваат слободата, еднаквоста, правдата, мирот, правото на несогласување, сите вредности кои биле носители на надежта и копнежот на сите револуции на човештвото, од

повикот на Француската револуција за „Слобода, еднаквост, братство“, до повикот на Русите за „Леб и мир“, на храбриот шпански народ дека е „подобро да умреш на нозе, отколку да живееш на колена“, или на нашата револуција дека „Нема оданочување без застапеност“. Во нив спаѓаат и вредностите на нашата Повелба на правата. Кога некоја држава би гласала за сегрегација во училиштата, или некоја локална организација би гласала да ги отстрани црнците и тоа би го правдала со помош на „демократскиот процес“, тогаш ова кршење на вредноста на еднаквоста би ја претворило демократијата во проститутка. Демократијата не е цел, таа е најдоброто расположливо политичко средство за постигнување на овие вредности.

Средствата и целите се толку квалитативно поврзани, што вистинското прашање никогаш не била познатата поговорка: „Дали целта ги оправдува средствата?“ туку тоа отсекогаш гласело: „Дали оваа *конкретна* цел ги оправдува овие *конкретни* средства?“

# ЗБОР ЗА ЗБОРОВИТЕ

ЧОВЕКОВИТЕ СТРАСТИ се прелеале во сите области на политичкиот живот, вклучително и во неговиот речник. Најчестите зборови во политиката носат белези на човечките болки, надежи и фрустрации. Сите тие се обременети со општопозната обесчестеност и нивната употреба резултира со условена, негативна и емотивна реакција. Дури и самиот збор *йолишика,* кој според Вебстеровиот речник значи „наука и уметност на управувањето“, генерално се сфаќа во контекст на корупцијата. Иронично е дека неговите синоними во речникот се „дискретно, претпазливо, дипломатски, мудро“.

Слична обезличеност им се придава и на други зборови кои често се користат во јазикот на политиката, зборови како *моќ, личен иншерес, комйромис* и *конфликш.* Тие стануваат извртени и искривоколчени и се сфаќаат како зли. Никаде преовладувачката политичка неписменост не се покажува толку јасно колку во овие типични интерпретации на зборовите. Затоа овде ќе кажеме некој збор за зборовите.

## МОЌ

Легитимно може да се постави прашањето зошто да не се употребуваат други зборови – зборови кои имаат исто значење, но се мирољубиви и не резултираат со такви негативни емотивни реакции? Има повеќе основни причини за одбивање на таквата замена. Прво, кога користиме комбинација на зборови како „впрегнување на енергијата“ наместо единечниот збор „моќ“, започнуваме да го разводнуваме значењето, а кога употребуваме прочистени синоними, ги растопуваме горчливоста, маката, омразата и љубовта, агонијата и триумфот што им се прикачени на овие зборови, оставајќи зад себе стерилна имитација на животот. Во политиката на животот се занимаваме со робовите и кралевите, а не со девиците. И не само тоа, во комуникацијата, исто како и во мислите, секогаш се стремиме кон едноставност. (Ремек-делата на филозофските или научните формули обично не се повеќе од неколку збора, како, на пример, „$E=mc^2$“.) И уште нешто: наша определба е да не ја заобиколуваме реалноста.

Да се употреби кој и да е друг збор наместо моќ значи да се смени значењето на сè за што зборуваме. Како што рекол Марк Твен: „Разликата меѓу вистинскиот збор и безмалку вистинскиот збор е разликата меѓу светилка и светулка“.

Моќ е вистинскиот збор исто како што се и личен интерес, компромис и останатите едноставни политички зборови, затоа што тие се зачнати во политиката и отсекогаш биле нејзин дел. Да им се удоволува на оние кои не можат да го сварат директниот јазик и инсистираат на безвкусни, неконтроверзни зачини е само губење време. Тие или не можат или намерно не сакаат да разберат за што зборуваме овде. Се согласувам со изјавата на Ниче во *Генеалогијата на моралот* за ова прашање:

> Зошто да им ги мазниме суперчувствителните уши
> на нашите модерни слабаци? Зошто да се попушти макар и
> еден чекор... пред хипокризијата на зборови? За нас психолозите
> тоа би вклучувало хипокризија на дејство...
> Бидејќи, психологот денес го покажува својот добар вкус
> (други може да речат – својот интегритет) со тоа што се противи на
> срамниот *морализиран* начин на зборување,
> кој сите модерни судови за луѓето и нештата ги прави лигави.

Доаѓаме до критична точка кога нашите јазици ги заробуваат нашите умови. Јас не говорам за заробеност од обѕири на сметка на вистината. Стремејќи се да ја избегнеме силата, жестината и едноставноста на зборот „моќ“, ние набргу стануваме неподготвени да мислиме жестоко, едноставно и искрено. Се стремиме да измислуваме стерилизирани синоними, исчистени од бесчесноста на зборот *моќ* – но, новите зборови имаат некое поинакво значење, така што нè смируваат и почнуваат да го водат нашиот ментален процес надвор од главниот, конфликтен, валкан, реалистичен и со моќ асфалтиран автопат на животот. Патувањето по мирисливите, мирољубиви, општествено поприфатливи, попочитувани, неопределени споредни патишта, резултира со неуспех да се постигне искрено разбирање на прашањата со кои мора да се соочиме ако сакаме да ја сработиме работата.

Да го погледнеме зборот *моќ*. Моќ, во значење на „способност, без оглед дали физичка, ментална или морална, да се дејствува“, станал

лош збор, со призвук и поттекст кои укажуваат на нешто злобно, нездраво, макијавелиско. Укажува на фантазмагорија од оној свет. Во моментот кога ќе се спомне зборот *моќ* се чини како пеколот да се отворил, испуштајќи ја реата од ѓаволското ѓубриште на корупцијата. Тој предизвикува слики на суровост, нечесност, себичност, ароганција, диктатура и крајно страдање. Зборот *моќ* се поврзува со конфликт и е неприфатлив во санитаризираната хигиена на денешната авенија Медисон*, каде што контроверзноста е богохулие, а вредноста се состои во тоа да бидеш сакан и да не ги навредиш другите. Во нашите умови, моќта станала речиси синоним за корупција и неморал.

Кога и да се спомне зборот *моќ,* некој порано или подоцна ќе се повика на класичната изјава на Лорд Актон и ќе ја цитира на следниов начин: „Моќта корумпира, а апсолутната моќ корумпира апсолутно". Всушност, точниот цитат гласи: „Моќта *има тенденција* да корумпира, а апсолутната моќ корумпира апсолутно". Не можеме дури ни точно да ја прочитаме Актоновата изјава од тоа што ни се умовите збунети со нашето условување.

Корупцијата на моќта не е во моќта, туку во нас самите. Но, што е тоа што ја сочинува таа моќ со која и, во значителна мера, за која живеат луѓето? Моќта е суштината, генераторот на животот. Тоа е моќта што ја има срцето што пумпа крв и му дава живот на телото. Тоа е моќта на активното граѓанско учество кое пулсира нагоре, обезбедувајќи обединета сила за некоја заедничка цел. Моќта е битна животна сила која постојано работи или на менување на светот или против промена. Моќта, односно организираната енергија, може да биде убиствен експлозив или лек за спасување на животот. Моќта на оружјето може да биде употребена за воведување ропство или за постигнување слобода.

Моќта на човечкиот мозок може да ги создаде најблескавите достигнувања на човекот и да развие перспективи и идеи за природата на некои нови животни хоризонти кои дотогаш биле незамисливи. Моќта на човечкиот ум, исто така, може да развие филозофии и начини на живот кои се крајно деструктивни за иднината на човештвото. Во секој случај, моќта е генератор на животот.

---

* *Madison Avenue* – авенија на Менхетен во Њујорк, седиште на големите рекламни агенции (*заб. на ред.*).

Александар Хамилтон, во *Статиите во Федералист*[*], тоа вака го срочил: „Што е моќта, ако не способност или вештина да се направи нешто? Што е способноста да се направи нешто, ако не моќ за користење на *средствата* потребни за негово извршување?“ Паскал, кој сигурно не бил циник, забележал дека: „Правдата без моќ е немоќна, моќта без правда е тиранија“. Свети Игнациј, основачот на редот на исусовците, не се оградил од признавањето на моќта кога ја дал изјавата: „За да заврши некоја работа добро, човекот мора да има моќ и способност“. Ако ги погледнеме сите кои имале удел во историјата, во нивните говори и текстови ќе го најдеме зборот *моќ,* а не некоја негова замена.

Невозможно е да се замисли свет без моќ: единствениот избор на поими е меѓу организираната и неорганизираната моќ. Човештвото напредувало само така што учело како да развие и да ги организира инструментите на моќ за да постигне ред, безбедност, морал и цивилизиран живот наместо чиста борба за физичко преживување. Секоја организација за која знае човекот, од власта па надолу, имала само една причина за постоење, имено, организирање за моќ со цел да се оствари или да се промовира нејзината заедничка цел.

Кога зборуваме за тоа како некој „сам со своите две раце се изборил за нешто“, зборуваме за моќ. Доколку сакаме да ја разбереме моќта и на тој начин да ја сфатиме суштината на односите и функциите меѓу групите и организациите, особено во едно плуралистичко општетство, тогаш мораме да ја разбереме во целата нејзина смисла и низ улогите што таа ги има во сите области на нашиот живот. *Да ја познаваме моќта, а не да се плашиме од неа е од суштинско значење за нејзина контструктивна употреба и контрола.* Накратко, животот без моќ е смрт, а секој свет без моќ би бил сенишна пустелија, мртва планета!

[*] *The Federalist Papers* е популарното име на збирката есеи *Федералист* (*The Federalist*), објавена во 1788 година. Есеите биле напишани од А. Хамилтон и други федералисти, со цел да се промовира ратификувањето на федералниот устав на САД (*заб. на ред*).

# ЛИЧНИОТ ИНТЕРЕС

*Личниоѿ инѿерес,* исто како *моќѿа,* го носи црниот превез на негативизмот и сомнежот. За многумина, синонимот за личен интерес е себичност. Зборот се поврзува со еден одбивен конгломерат на пороци како што се тесноградоста, саможивоста и егоцентричноста, сè што е спротивно на доблестите на алтруизмот и несебичноста. Оваа вообичаена дефиниција е, секако, спротивна на нашето секојдневно искуство, како и на согледувањата на сите големи истражувачи на политиката и животот. Митот за алтруизмот како мотивирачки фактор на нашето однесување може да се појави и да преживее само во општество завиткано во стерилната газа на новоанглискиот пуританизам и протестантскиот морал и врзано со панделката на односите со јавноста произведени на авенијата Медисон. Тој е една од класичните американски бајки.

Почнувајќи од големите учители на јудео-христијанскиот морал, па сè до филозофите, економистите и мудрите набљудувачи на човековата политика, секогаш имало универзална согласност за улогата што личниот интерес ја игра како примарна движечка сила во човековото однесување. Важноста на личниот интерес никогаш не била доведена во прашање; тој е прифатен како неизбежен факт на животот. Според зборовите на Исус: „Човек нема повозвишена љубов од онаа да го положи животот за своите пријатели". Аристотел, во неговата *Полиѿика*, вели: „Секој мисли главно за сопствениот интерес, ретко кога за јавниот интерес". Адам Смит, во неговата книга *Боīаѿсѿвоѿо на народиѿе*, истакнува: „Нашиот ручек не доаѓа од добродушноста на касапот, винарот или пекарот, туку од нивната грижа за сопствените интереси. Ние не се повикуваме на нивната хуманост, туку на нивното самољубие и никогаш не им зборуваме за нашите потреби, туку за нивната корист". Меѓу расудувањето што го наоѓаме во *Федералисѿ*, нема поважна и поприфатена поента од онаа дека „и богатите и сиромашните се склони да дејствуваат импулсивно наместо чисто разумски, како и според тесногради концепции од личен интерес..." Да се сомневаме во силата на личниот интерес кој преовладува во сите делови на политичкиот живот значи да одбиеме да го видиме човекот онаков каков што е и да го гледаме само онаков каков што би сакале да биде.

Но, освен ова прифаќање на личниот интерес, има и неколку забелешки што сакам да ги додадам. Макијавели, со кого идејата за личниот интерес се чини ја добила својата најголема озлогласеност, барем кај оние кои не се свесни за традицијата, вели:

> За човекот општо треба да се рече дека е неблагодарен, непостојан, неискрен, кукавица, лаком и ако си успешен, тој целосно ти се предава; кога е потребата уште далеку, ќе ти ја понуди својата крв, имотот, животот и децата, но кога ќе се приближи времето, ќе се сврти против тебе.

Но, Макијавели прави смртна грешка кога го исклучува „моралот" како фактор во политиката и се држи само за личниот интерес, онака како што го дефинирал. Оваа грешка би можела да се објасни само врз основа на тоа дека Макијавели немал големо искуство како активен политичар, зашто инаку не би ја занемарил очигледната флуидност на човековиот личен интерес. Личниот интерес во општа смисла мора да има поширoки димензии отколку тесно дефинираниот личен интерес, мора да биде доволно широк за да ги вклучи и објасни и променливите димензии на личниот интерес. Може да се повикате на некој личен интерес за да ме донесете на бојното поле да се борам, но штом стигнам таму, мој примарен личен интерес станува тоа да останам жив, а доколку сме победници, мојот личен интерес може да ми наметне, и најчесто ми наметнува, некои сосема неочекувани цели на местото на оние кои сум ги имал пред војната. На пример, САД во Втората светска војна со ентузијазам се сојузија со Русија против Германија, Јапонија и Италија, а бргу по победата со ентузијазам се сојузија со своите дотогашни непријатели – Германија, Јапонија и Италија – против својот дотогашен сојузник, СССР.

Овие драстични промени на личниот интерес може да се оправдаат само во некои широки, неограничени рамки на општите „морални" принципи како правдата, слободата, некој закон над законот создаден од човекот и така натаму. Со промената на личните интереси, она што го нарекуваме морал станува континуум.

Но, внатре во овој морал постои еден раздорен конфликт, веројатно поради слоевите потиснувања во оваа наша своевидна моралистичка цивилизација – имено, бидејќи е засрамувачки да се

признае дека ние дејствуваме врз основа на голиот личен интерес, очајно се трудиме да ја помириме секоја промена на околностите која оди во наш личен интерес, во рамките на некоја широка морална оправданост или рационализација. Во еден здив посочуваме дека крајно се противиме на комунизмот, но дека го сакаме рускиот народ (сакањето луѓе е во согласност со начелата на нашата цивилизација). Ние ги мразиме атеизмот и потиснувањето на поединецот, нешта кои му ги припишуваме на комунизмот како карактеристики што го потврдуваат неговиот „неморал“. На ова е засновано нашето силно противставување. Ние не го признаваме реалниот факт: нашиот сопствен личен интерес. За сите овие негативни, ѓаволски руски карактеристики сме се изјасниле непосредно пред нацистите да извршат инвазија на Русија. Советите тогаш биле циничните деспоти кои направиле заговор за пактот за заемно ненапаѓање со Хитлер, немилосрдните агресори кои им донеле катастрофа на Полјаците и Финците. Тие биле народ окован во синџири и беда, држен во ропство со диктаторска сила, народ чии владетели имале толкава недоверба во него што на Црвената армија не ѝ било дозволено да носи бојна муниција бидејќи можело војниците да ги насочат нивните пушки против Кремљ. Сето тоа ја сочинувало нашата претстава за нив. Но, во моментот кога нацистите извршиле инвазија на Русија и кога личниот интерес ни предочил дека поразот на Русија ќе биде катастрофален за нашиот интерес, тогаш, одненадеж, тие станаа галантниот, широк, топол, сакан руски народ, диктаторот стана добронамерниот и сакан чичко Јосиф, а Црвената армија набргу се здоби со одликите на доверба и посветеност кон својата власт, борење со исклучителна храброст и користење против непријателот тактика на срамнување со земја. Господ мора да бил на страната на нашите руски сојузници, зашто, впрочем, беше и на наша. Промената на нашата позиција во јуни 1941 година била подраматична и поненадејна од промената на нашата позиција против Русија набргу по победата над нашиот заеднички непријател. И во обата случаи нашиот личен интерес бил камуфлиран кога се развиориле бајраците на слободата, независноста и пристојноста – прво против нацистите, а шест години подоцна против Русите.

Оттаму, во нашите сегашни односи со Тито и југословенските комунисти не дискутираме за тоа дека Тито го претставува комунизмот, туку дека тој не е дел на рускиот сојуз на силите. Тука ја

заземаме позицијата што сме ја зазеле и по нацистичката инвазија, кога одненадеж за комунизмот важело дека „тоа впрочем си е нивен начин на живот, а ние веруваме во правото на самоопределување, значи Русите имаат право да си изберат власт каква што сакаат“, *сè додека се на наша страна и не се закана за нашиот личен интерес.* Исто како што нема сомневање и дека, и покрај сета наша осуда на црвените Кинези, кога тие би објавиле дека веќе не се дел на светскиот комунистички заговор или сојуз на сили, преку ноќ би ни станале прифатливи, би ги фалеле и би им давале секаква помош, сè додека се на наша страна. Ние, всушност, велиме дека нам не ни е важно каков тип на комунисти сте, доколку не ни го загрозувате нашиот личен интерес.

Ќе ви дадам пример за тоа што подразбирам под некои од разликите меѓу светот каков што е и светот каков што би сакале да биде. Неодамна, по едно предавање на Универзитетот Станфорд, сретнав еден професор по политичка економија од Ленинградскиот универзитет. Почетокот на нашиот разговор беше илустрација на дефинициите и перспективите на оние кои живеат во светот онаков каков што е. Русинот прв почна со прашањето: „Каков е вашиот став во однос на комунизмот?“ Му одговорив: „Прашањето е лошо поставено, бидејќи под претпоставка дека и обајцата дејствуваме и мислиме на светот онаков каков што е, вистинското прашање гласи: ’Чии комунисти се тоа, ваши или наши?‘ Ако се наши, тогаш сите ние сме за нив. Ако се ваши, јасно е дека сме против нив. Комунизмот сам по себе е ирелевантен. Прашањето е дали тие се на наша страна или на ваша. Ако вие, Русите, не го донесевте Кастро на власт, ние сега ќе зборувавме за правото на Куба на самоопределување и за фактот дека не можете да имате слободни избори доколку првин немало период на едукација по репресијата на диктатурата на Батиста[*]. Всушност, ако почнете да вршите притисок за одржување слободни избори во Југославија, може да се случи да ги испратиме таму нашиве маринци за да ја спречиме таквата саботажа. Истото ќе се случи и ако се обидете тоа да го направите во Формоза[**]“. Русинот возврати со ново прашање: „Која е вашата дефиниција за слободни избори надвор од вашата земја?“ Му реков: „Видете, нашата дефиниција за слободни избори, да речеме, на пример, во Виетнам, е речиси иста со вашата дефиниција

[*] Генерал Батиста (1901 – 1973) бил кубанскиот диктатор чие владеење (1952 – 1959) довело до герлиската револуција предводена од Кастро и Че Гевара (*заб. на ред.*).

[**] Поранешното име на Тајван (*заб. на ред.*).

> во вашите земји сателити – ако сè сме наместиле така што ние ќе победиме, тогаш тоа се слободни избори. Во спротивно, се работи за проклет тероризам! Нели е тоа вашата дефиниција?“ Реакцијата на Русинот гласеше: „Па, горе-долу, да!“
>
> Соул Д. Алински, *Будење на радикалите*
> (Saul D. Alinsky, *Reveille for Radicals*, Random House, Vintage Books, New York, 1969, стр. 227)

Постојано запаѓаме во стапицата на овој конфликт меѓу нашите прокламирани морални принципи и вистинските причини поради кои ги правиме нештата – за да надмудриме, заради нашиот личен интерес. Секогаш сме способни да ги маскираме овие вистински причини со зборови на благотворната добрина – слобода, правда итн. Но солзите што се дел на материјалот од кој е направен овој морален маскенбал понекогаш нè засрамуваат.

Интересно е дека комунистите како да не се занимаваат со овие морални оправдувања за нивните дејствија водени чисто од личен интерес. И ова на некој начин станува засрамувачко, нè тера да мислиме дека другите можеби ни се смеат, знаејќи добро дека и ние сме мотивирани од личниот интерес, но сме решени да го прикриваме. Чуствуваме дека тие можеби ни се смеат додека така разголени се борат во морето на светската политика, додека ние невешто се вртиме наоколу, облечени во нашите фракови и бели вратоврски.

Но, и покрај сето тоа, сепак постои тој чудесен човеков квалитет кој од време на време се прелева преку природните брани на преживувањето и личниот интерес. Летото 1964 година бевме сведоци на тоа кога студентите белци го ризикуваа својот живот носејќи го факелот на човечката слобода во мрачната држава Мисисипи. Малку порано, Џорџ Орвел го опишува неговиот личен интерес да влезе во рововите за време на Шпанската граѓанска војна, со намера да се запре ширењето на фашистичкиот ужас. Но, штом се нашол во рововите, неговиот личен интерес се променил во намерата да преживее. Сепак, немам никакво сомневање дека доколку Орвел добиел воена задача во која лесно можел да загине, тој немало да се повлече во задните редови каде што можел да ги загрози животите на некои свои соборци, и во никој случај немало да го следи својот „личен интерес“. Ова се исклучоци од правилото, но ги има во доволен број како

светкаат низ темното минато на историјата, за да укажат дека овие епизодни промени на човечкиот дух се повеќе отколку само блесок на светулките.

## КОМПРОМИС

*Компромис* е уште еден збор кој носи нијанси на слабост, колебливост, изневерување на идеалите, предавство на моралните принципи. Во старата култура, кога невиноста била доблест, се зборувало дека жената е „компромитирана". Овој збор во принцип се смета за етички невкусен и грд.

Но, за организаторот, компромисот е клучен и убав збор. Секогаш е присутен во прагматиката на дејствувањето. Тој означува постигнување на договорот, земање на оној витален здив, најчесто освојување на победата. Ако почнете од ништо, барате 100 проценти и направите компромис за 30 проценти, тогаш сте напреднале 30 проценти.

Секое слободно и отворено општество е конфликт што се одвива, периодично прекинуван со компромиси – кои потоа стануваат почеток на продолжението на конфликтот, компромисот и сè така во бескрај. Контролата на власта се базира врз компромисот во нашиот Конгрес и меѓу извршната, законодавната и судската власт. Општеството во кое нема компромиси е тоталитаристичко. Ако треба со еден збор да го дефинирам слободното и отворено општество, тогаш тоа ќе биде зборот „компромис".

## ЕГО

Сите дефиниции на зборовите, како и сè друго, се релативни. Дефиницијата во голем степен зависи од вашата партиска позиција. Вашиот лидер е секогаш флексибилен, тој има гордост во достоинството на неговата кауза, тој е непоколеблив, искрен, генијален тактичар кој води добра борба. За опозицијата, тој е непринципиелен и оди онаму каде што ќе го дувне ветрот, неговата ароганција е маскирана со лажна скромност, тој е догматски тврдоглав, хипокрит, бескрупулозен

и неетичен, ќе направи сè само за да победи и ги предводи силите на злото. За едната страна тој е полубог, а за другата демагог.

Нема збор во сферата на животот за кој релативноста на дефиницијата важи толку колку што важи за зборот *его*. Секој кој работи против имотните секогаш се соочува со неизвесности, а често пати и со големи неизвесности. Ако немате целосна самодоверба (односно, его) дека ќе победите, тогаш битката е изгубена уште пред да започне. Сум видел таканаречени обучени организатори како одат во друг град со задача да организираат заедница од околу 100.000 луѓе, ќе погледнат наоколу и веднаш си поднесуваат оставка. Да бидеш способен да погледнеш една заедница на луѓе и да си речеш: „Ќе ги организирам за толку и толку недели", „Ќе ги преземам корпорациите, медиумите и сè друго", значи да бидеш вистински организатор.

„Егото" како што го сфаќаме и користиме овде не смее ни оддалеку да се помеша или да се поврзе со егоизмот. Никој кој сака да стане организатор, а е обземен со егоизам, нема да може да го скрие тоа од луѓето со кои работи, никаква лажна скромност не може тоа да го прикрие. Ништо толку не ги одбива и не ги отуѓува луѓето од идниот организатор колку здогледувањето искри на ароганција, суета, нетрпеливост и презир од личен егоизам.

Егото на организаторот е посилно и пограндиозно од егото на лидерот. Лидерот е воден од желбата за моќ, додека организаторот е воден од желбата да создава. Организаторот во вистинската смисла посега по највисокото ниво до кое човек може да допре – да создава, да биде „голем креатор", да го игра Господ.

Зазареноста со егоизам би оневозможила да се почитува достоинството на поединците, да се разберат луѓето или да се вложи напор за развивање на другите елементи кои го сочинуваат идеалниот организатор. Егоизмот е главно одбранбена реакција на чувството на лична несоодветност – егото е позитивно убедување и верба во својата способност, кои немаат потреба од егоистично однесување.

Егото се движи на секое ниво. Како организаторот ќе го почитува достоинството на поединецот, ако не го почитува сопственото достоинство? Како ќе верува во луѓето, ако не верува во себе? Како ќе ги убеди луѓето дека го имаат она што е потребно во себе, дека ја имаат моќта да се противстават и да победат, ако тој самиот за себе не мисли така? Егото мора да биде толку преовладувачко што ќе ја направи

личноста на организаторот заразна, така што таа ќе ги преобрази луѓето од очајни во непокорни, создавајќи едно масовно его.

## КОНФЛИКТ

*Конфликт* е друг лош збор во општото мислење. Тоа се должи на две влијанија во нашето општество: едното влијание го врши организираната религија, која ја усвоила реториката од типот „сврти го и другиот образ" и ги цитира светите списи во мерка во која ни ѓаволот не би се осмелил тоа да го прави, поради нивната поранешна битна функција на поддршка на власта. Второто влијание е веројатно најсубверзивно и најподмолно, и на американската сцена навлегло во последнава генерација: тоа се односите со јавноста произведени на авенијата Медисон, односно моралната хигиена на средната класа која од конфликтот или контроверзата направила нешто негативно и непожелно. Сето ова е дел на една рекламна култура која пропагира да се слагаш со луѓето и да избегнуваш несогласици. Ако ги погледнете нашите телевизиски реклами, добивате слика дека американското општество е во голема мера посветено на тоа да осигури дека од нашите усти или од под нашите пазуви нема да се шири никаква миризба. Консензусот е клучна точка – човек не смее да навреди друг човек, па така денес гледаме како луѓето во мас-медиумите ги бркаат од работа поради тоа што го искажале своето мислење или поради тоа што биле „контроверзни", како во црквите добиваат откази од истите причини, но таму за тоа се користат зборовите „недостиг на разумност", и како професорите ги бркаат од универзитетите поради истите причини, а зборовите што таму ги користат се „лични проблеми".

Конфликтот е суштинското јадро на едно слободно и отворено општество. Ако треба демократскиот начин на живот да се изрази во форма на музичка композиција, главната тема во неа ќе биде хармонија на дисонанцата.

# ОБРАЗУВАЊЕТО ОРГАНИЗАТОРИ

ИЗГРАДБАТА на голем број масовни организации кои би се споиле во една сенародна моќна сила, не може да се изведе без голем број организатори. Имајќи предвид дека организациите во најголем дел се создадени од организаторот, треба да разбереме што го создава организаторот. Ова беше еден од главните проблеми во моето повеќегодишно организаторско искуство: пронаоѓањето потенцијални организатори и нивната обука. Во изминативе две години водам специјално училиште за обука на организатори со редовна, 15-месечна програма.

Учесниците потекнуваат од најразлични слоеви, почнувајќи од активистки од средната класа, преку католички свештеници и протестантски проповедници од сите деноминации, потоа милитантни Индијанци, Мексиканци, Порториканци и Црнци од сите делови на спектрумот на црната сила – од Пантерите* до радикалните филозофи, најразлични студентски активисти, од С.Д.С.** и други, па сè до еден свештеник кој сакал да се приклучи на револуционерна партија во Јужна Америка. Географски, тие се дојдени од универзитетски кампуси и исусовски школи во Бостон, до Мексиканци од мали тексашки гратчиња, припадници на средната класа од Чикаго, Хартфорд и Сиетл и од речиси секое место помеѓу нив. Сè поголем број студенти доаѓаат од Канада, од Индијанците на северозапад до припадниците на средната класа во приморските области. Со години пред да биде отворена формалната школа, јас го минав поголемиот дел од моето време на тоа да го образувам секој член на мојот персонал како организатор.

Образувањето организатори бара чести, долги разговори за организациските проблеми, анализирањето на формите на моќ,

* Партијата на Црните пантери (The Black Panther Party) била револуционерно здружение на Црнците во САД, активно во периодот од 1966 до 1982 година (*заб. на ред.*).

** Студенти за демократско општество (Students for Democratic Society), американско студентско движење во 1960-тите, едно од главните претставници на Новата левица (*заб. на ред.*).

комуникациите, тактиките за конфликт, едукацијата и развојот на лидери на заедници, како и за методите на воведување нови прашања. Во овие дискусии сме се занимавале со најразлични прашања: внатрешните проблеми на една клика во една организација во Лос Анџелес која се обидува да се ослободи од својот организатор, фијаското на една акција за собирање средства преку продажба на божиќни елки во Сан Хозе и причините за нејзиниот неуспех, масивна кампања за регистрирање гласачи во еден проект во Чикаго, чиј почеток беше одложен, една група во Рочестер, Њујорк, која го напаѓа организаторот со цел да ги дограби фондовите наменети за организацијата итн.

Личното искуство на потенцијалниот организатор секогаш се користеше како основа за подучување. А откако ќе се решеше проблемот, секогаш се одржуваа долги сесии на кои со аутопсија се вршеше секцирање на спецификите и потоа тие се сошиваа во синтеза, во концептуална целина. Сите искуства се важни само доколку се поврзани со некој централен концепт и го расветлуваат. Историјата не повторува конкретни ситуации – доколку примерите на овие страници се читаат изолирано од општата идеја, тие ќе бидат само обична серија анегдоти. Сè стана поучно искуство.

Честопати, дел од средбите беа лични домашни дружења. Работниот распоред на организаторот е континуиран, така што времето е неважно, средбите и состаноците се растегнуваат и до раните утрински часови, секој распоред е одбележан со постојани неочекувани и ненајавени состаноци; работата го следи организаторот и дома, така што или е на телефон или му доаѓаат луѓе. Брачната состојба на организаторите, со ретки исклучоци, е катастрофална. Имено, тензиите, работното време, состојбата дома и можностите не придонесуваат кон верноста. Освен тоа, со ретки исклучоци, не познавам навистина способни организатори кои покажале интерес за целибат. Овде-онде се среќаваат сопруги и сопрузи, или оние во љубовна врска, кои имаат разбирање за работата и ѝ се предаваат, и претставуваат вистински извор на сила за организаторот.

Покрај оние со постојано работно време, имаше и лидери на заедници кои на самото работно место ги обучивме да бидат организатори. Организаторите не само што се клучни во основањето и изградбата на организацијата, туку се од суштинско значење и за нејзиното работење. Одржувањето на интересот и активноста, односно грижата за

тоа целите на групата да бидат истовремено и силни и флексибилни, е поинаква операција, но сепак е организација.

Кога ќе фрлам поглед врз резултатите од тие години, би ги оценил како мешавина од повеќе неуспеси отколку успеси. Тука и таму има организатори кои се одлични во областите што ги одбрале, а во печатот се претставени како мои „протежеа“, но мене севкупниот резултат не ми изгледа многу ветувачки.

Оние од локалните заедници кои беа обучувани на работното место, постигнаа определено ниво и ги исцрпеа своите капацитети. Ако го замислите организаторот како имагинативен и креативен архитект и инженер, тогаш најголемиот наш успех во обучувањето на работното место би биле квалитетни водоинсталатери, електричари и столари, кои се неопходни за конструирање и одржување на градбата на нивната заедница, но се неспособни да одат на друго место и таму да дизајнираат и реализираат нова градба во нова заедница.

Имаше и други кои научија да бидат одлични организатори во посебни видови заедници со посебни етнички групи, но во друга сцена со друга етничка група не можеа да организираат ништо.

Потоа, тука беа и оние ретки универзитетски активисти кои можеа да организираат огромен број студенти – но кога требаше да комуницираат со работници од пониската средна класа или да ги организираат, тие беа комплетно промашување.

Синдикалните организатори се покажаа како слаби организатори на заедници. Нивното искуство беше врзано за шема на фиксни точки, без разлика дали се работеше за дефинитивни барања за плати, пензии, одмори или други работни услови, или сето тоа беше условено со датумите на даден договор. Откако ќе се постигнеше согласност околу прашањата и ќе се потпишеше договорот, годините до следните преговори за нов договор беа исполнети со состаноци на кои се изнесуваа поплаки и обвинувања за прекршување на договорот од обете страни. Масовната организација е поинакво милениче, таа не е навикната на надворешни услови. Не постојат фиксни хронолошки точки или дефинитивни прашања. Барањата постојано се менуваат, состојбата е флуидна и променлива, а многу од целите не се дадени во конкретна форма на долари или часови, туку се психолошки и постојано се менуваат, како „она од кое потекнуваат соништата“. Сум видел синдикални организатори кои организирањето на заедницата речиси ги излудува.

Кога синдикалните лидери говорат за организирање на сиромашните, нивните говори се базираат на носталгија, на меланхоличен поглед station наназад кон синдикалните организатори на КИО* за време на Големата депресија од 1930-тите. Овие „синдикални организатори“ – како, на пример, Пауерс Хепгуд, Хенри Џонсон и Ли Пресман – биле пред сè революционерни активисти од средната класа, на кои обидот за синдикално организирање во КИО им било само една од многуте активности. Во агендите на масовните состаноци на овие синдикати, 10 проценти од темите се однесувале на конкретни проблеми на синдикатот, а 90 проценти биле говори за условите и потребите на сиромашните мигранти, Шпанската граѓанска војна и меѓународните бригади, собирањето средства за Црнците на кои им се судело во некои јужни држави, барањето помош за невработените, осуда на полициската бруталност, собирањето средства за антинацистички организации, барањето да се прекине продажбата на американски челик на јапонските воени комплекси итн. Тие биле радикали и биле добри во нивната работа: успеале да организираат огромни сектори на американската средна класа во поддршка на нивната програма. Но тие се сега минато и секоја сличност меѓу нив и денешниот професионален организатор е само во името.

Меѓу организаторите кои ги обучував без успех, имаше и такви кои ги запаметија зборовите и со нив поврзаните искуства и поими. Кога ги слушав нив имав чувство како да слушам лента на која се од збор до збор снимени моите презентации. Јасно е дека не разбрале многу и дека не беа способни за повеќе од основно организирање. Проблемот со огромен број од нив беше и сè уште е нивната неспособност да разберат дека една изјава за конкретна ситуација има смисла само доколку се однесува и доколку расветлува определен општ концепт. Наместо тоа, тие гледаат на конкретната акција како да е крајна точка. Тие не можат да го сфатат фактот дека нема ситуација која некогаш се повторува и дека ниедна тактика не може да биде сосема иста со некоја друга.

Потоа, имаше и такви кои биле обучувани во училишта за социјална работа за да станат организатори на заедница. Ги положиле

* Конгресот на индустриските организации (C. I. O. - Congress of Industrial Organizations) постоел како федерација на синдикални организации на САД и Канада од 1935 до 1955 година (*заб. на ред.*).

предметите Организација на заедница 101, 102 и 103, завршиле „практична работа" и се здобиле дури и со специјалистички речник. Тие го нарекуваат тоа „ОЗ" (што нам ни значи Освестен забележувач) или „Орг. на заедница" (што нам ни асоцира на голема фројдовска фантазија). Во основа, разликата меѓу нивните и нашите цели е во тоа што тие се организираат за да се ослободат од четириножните стаорци и тука застануваат, а ние се организираме за да ги елиминираме четириножните стаорци и потоа да можеме да ги елиминираме двоножните стаорци. Кај оние кои, разочарани, го отфрлаат формализираното ѓубре кое го учеле на училиште, мали се шансите дека ќе се развијат во ефикасни организатори. Една од причините за тоа е што и покрај вербалното одрекување од нивната претходна обука, постои силна потсвесна блокада против отфрлањето две или три години од животот минати на таа обука, како и на финансиските трошоци за тие курсеви.

Сиве овие години постојано се обидував да ги пронајдам причините за нашите неуспеси, како и за нашите повремени успеси во обучувањето организатори. Беа испитани и сè уште се испитуваат нашите методи на подучување и методите на другите, нашата лична компетентност за подучување и импровизираните нови пристапи во подучувањето; нашата сопствена самокритика е далеку поригорозна од самокритиката на нашите најостри критичари. Сите имаме недостатоци. Знам дека кога јас работам како организатор во заедница, имам бескрајно многу трпение да разговарам и да ги слушам локалните жители. Секој организатор мора да има такво трпение. Но, меѓу моите недостатоци е и тоа што кога сум во позиција на предавач во институтот за обука или по разните конференции, станувам интелектуален сноб со неимагинативни и ограничени студенти, нетрпелив, здодевен и неоправдано дрзок.

Сум импровизирал со наставниот пристап. На пример, бидејќи знаевме дека човек може да комуницира и да разбере само преку сопственото искуство, моравме да конструираме искуство за нашите студенти. Повеќето луѓе не акумулираат големо искуство. Повеќето луѓе минуваат низ животот преку серија случки кои поминуваат низ нивниот систем необработени. Случките стануваат искуство кога ќе се обработат, кога ќе се размисли за нив, кога ќе се споредат со општите форми и ќе се синтетизираат.

Клишето „учиме од искуството“ има свое значење. Наша задача беше да ги фрлиме тие случки назад во системот на ученикот, за да може да ги преработи во искуство. За време на семинарите ќе речев: „Животот е очекување на неочекуваното – работите за кои си загрижен ретко се случуваат. Новите нешта, неочекуваното, обично доаѓаат од подалеку. Сите вие климате со главите како да разбирате, но фактички ништо не разбирате. Она што го кажав за вас се само зборови. Сакам сега да се повлечете во своите приватни плакари и во наредните четири часа да размислувате. Обидете се да се сетите на сите работи за кои сте биле загрижени во последниве години и дали тие воопшто се случиле, или што всушност се случило – па потоа ќе зборуваме за тоа“.

На следното предавање, реакциите на студентите беа полни со возбуда: „Еј, во право сте. Од осумте големи грижи што сум ги имал, се има случено само една – а дури и таа една се случи на поинаков начин од тоа како јас бев загрижен дека ќе се случи. Сега разбирам што сакавте да кажете“. И навистина сфати.

Иако искуството од обидот да се едуцираат организатори во ниеден поглед не беше онолку успешно колку што се надевав, тоа сепак имаше големо едукативно значење за мене и моите соработници. Ние постојано бевме во состојба на самоиспитување. Прво, научивме кои се квалитетите на идеалниот организатор, а второ, бевме соочени со едно основно прашање: дали е возможно да се подучува или да се едуцира за постигнување на овие квалитети.

Искуството и комуникацијата се основни за организаторот. Организаторот може да комуницира само во областите во кои неговата публика има искуство; во спротивно, нема комуникација. Организаторот, во неговата постојана потрага по шеми, универзални принципи и значење, секогаш го гради своето искуство.

Преку неговата имагинација, тој постојано навлегува во случувањата на другите, се идентификува со нив и ги внесува нивните случки во својот ментален дигестивен систем, на тој начин акумулирајќи повеќе искуство. За комуникацијата е основно тој да ги знае нивните искуства. Со оглед на тоа дека човек може да комуницира единствено преку искуството на другите, јасно е дека организаторот почнува да развива и акумулира извонредно големо искуство.

Тој ги учи локалните легенди, анегдоти, вредности и изрази. Слуша маалски муабети. Се воздржува од реторика што е туѓа за локалната култура: тој знае дека излитените фрази како „бели расисти“, „фашистички свињи“ и „измамници“ се толку истрошени, што нивната употреба е сега во негативното искуство на локалното население и може само да послужи за тоа говорникот да се идентификува како „една од оние будали“ и да се прекине секаква понатамошна комуникација.

Но, организаторот не смее да се преправа. Мора да биде свој. Се сеќавам на првата средба со мексиканско-американските лидери во една калифорниска населба каде ме послужија со специјална мексиканска вечера. Кога бевме некаде до половина вечера, ги спуштив ножот и виљушката велејќи: „Господе боже! Вие ова го јадете затоа што ви се допаѓа или дека морате? Мислам дека е лошо исто колку и еврејската кошер-блујавица што морав да ја јадам како дете“. Настана шокантна тишина, а потоа сите почнаа да вреват. Наеднаш бариерите почнаа да паѓаат кога сите почнаа да зборуваат и да се смеат. Тие беа толку навикнати на тоа Англоамериканците да им ја воспеваат убавината на мексиканската храна и покрај тоа што се свесни дека таа им штети, на Англоамриканците што запаметиле неколку шпански фрази меѓу кои и неизбежната *hasta la vista*, што ова им дојде како освежувачки искрено искуство. Инцидентот прерасна во легенда за многумина, па можеше понекогаш да ги чуете како, на пример, велат: „Нему му се допаѓа човекон исто колку што на Алински му се допаѓа мексиканската храна“. Неколкумина од присутните Мексиканци-Американци признаа дека некои од тие јадења ги јадат само кога им се на гости Англо-Американци. Истото преправање се случува и кај белците во врска со некои црнечки „соул-јадења“.

Има разлика меѓу искреност и грубо непочитување на традицијата на другиот. Организаторот многу помалку ќе згреши ако биде свој, отколку ако употреби „професионални техники“ кога луѓето всушност знаат подобро од него. Искреноста е покажување почит спрема луѓето, како во епизодата со мексиканската вечера; тие се третирани како луѓе, а не како заморчиња врз кои се испробуваат техники. Исклучително важно е таквата постапка да се разбере во контекст. На мојата забелешка ѝ претходеше топла лична дискусија за проблемите на луѓето. Тие беа запознаени не само со мојата загриженост за нивните маки, туку и со тоа дека ги сакам како народ. Почувствував дека ми

возвраќаат со пријателство и бевме заедно. Токму во таа севкупност на ситуацијата изреагирав на начин кој инаку ќе звучеше навредливо.

Меѓу квалитетите што се трудевме да ги развиеме кај организаторите во годините кога се обидувавме да ги обучиме спаѓаа и некои квалитети кои најверојатно не може да се пренесат. Нив или веќе ги имаа или можеа да ги добијат само со помош на некое чудо одозгора или одоздола. Други квалитети можеше да се имаат како потенцијал кој може да се развие. Понекогаш развојот на еден квалитет предизвикуваше други неочекувани квалитети. Научив да ги споредувам со изготвена листа на квалитети и да ги забележувам негативностите, па доколку тој квалитет беше невозможно да се развие, можев барем да бидам свесен и да внимавам на тоа да се намали негативниот ефект врз работата.

Еве ја листата на идеалните елементи кои треба да ги има еден организатор – работите кои се бараат при идентификувањето потенцијални организатори и во оценувањето на идните можности за нови организатори и на клучните точки во секој вид образовна програма за организатори. Се разбира, станува збор за идеална листа – се сомневам дека такви квалитети, со таков интензитет, воопшто некогаш се споиле во една личност, било маж или жена, иако најдобрите организатори треба да ги имаат сите тие квалитети во изразена форма, а секој организатор треба да ги има сите нив барем на минимално ниво.

*Љубопитност.* Што го тера организаторот да организира? Тој е воден од несопирлива љубопитност која не знае за граници. Предупредувачките клишеа од типот „некој умрел од љубопитност“ за него се бесмислени, бидејќи животот за него е потрага по модел, потрага по сличности во навидум различните нешта, потрага по разлики во навидум сличните нешта, потрага по ред во хаосот околу нас, по значење на животот околу него и по однос со неговиот сопствен живот – и потрагата никогаш не завршува. Тој оди напред со прашањето како негов знак и претпоставува дека одговори воопшто нема, има само нови прашања. Организаторот станува носител на заразата со љубопитност, бидејќи народот кој прашува „зошто“ почнува да се бунтува. Преиспитувањето на дотогаш прифатените начини и вредности е реформскиот стадиум кој непосредно ѝ претходи на револуцијата и е од суштинско значење за неа.

Тука воопшто не се согласувам со Фројд. Тој во едно писмо до Мари Бонапарта вели: „Штом човек почне да ги преиспитува значењето и вредноста на животот, се разболува". Ако некаде воопшто постои одговор за животот, претпоставувам дека клучот за него лежи во откривањето на суштинското прашање.

Всушност, Сократ бил организатор. Функцијата на организаторот е да отвора прашања кои вознемируваат и пробиваат низ она што е прифатена форма. Сократ со неговиот повик „сознај се себеси" ги иницирал кај поединецот оние внатрешни прашања кои се од суштинско значење за револуцијата, која е нешто надворешно во однос на поединецот. Значи, Сократ го спроведувал првиот стадиум во создавањето револуционери. Ако му се дозволело да продолжи да отвора прашања за значењето на животот, да го испитува животот и да ги одбива конвенционалните вредности, наскоро внатрешната револуција ќе се преселела на политичката арена. Оние кои му суделе и кои го осудиле на смрт знаеле што прават.

*Непочитување.* Љубопитноста и непочитувањето одат заедно. Љубопитноста не може да постои без другото. Љубопитноста прашува: „Дали е ова точно? Дали само затоа што отсекогаш било вака, ова е најдобриот или вистинскиот начин на живот, најдобрата или вистинската религија, политички или економски вредности, морал?" За прашувачот ништо не е свето. Тој се гнаси од догмата, ја отфрла секоја конечна дефиниција на моралот, се бунтува против секаква репресија на слободната, отворена потрага по идеи без разлика каде тие би можеле да водат. Тој предизвикува, навредува, вознемирува, дискредитира. Тој подбуцнува немири. Ова претставува парадокс, како впрочем и животот, бидејќи тоа негово непочитување е вкоренето во една длабока почит кон енигмата на животот и во непрекината потрага по неговото значење. Некој може да приговори дека почитта кон другите, кон нивното ослободување од неправда, сиромаштија, неписменост, експлоатација, дискриминација, болести, војни, омраза и страв не е нужен квалитет на успешниот организатор. Сè што можам на тоа да кажам е дека таквата почит е квалитет кој морам да го видам кај секого што ќе се нафатам да го обучувам.

*Фантазија.* Фантазијата е неизбежен партнер на непочитувањето и љубопитноста. Како може некој да биде љубопитен ако нема фантазија?

Според Вебстеровиот речник, фантазија е „ментална синтеза на нови идеи од елементи кои се доживеани одделно... Поширокото значење... започнува со идејата за ментално сликање работи кои се навестени, но не и претходно доживеани, и оттука се проширува... сè до идејата за ментална креација и поетска идеализација [креативна фантазија]...“ За организаторот, фантазијата не е само сево ова, туку и нешто подлабоко. Тоа е динамиката која го започнува и го одржува целиот негов живот на дејствување како организатор. Таа ги вклучува и ги потхранува силите кои го тераат да организира за промени.

Едно време верував дека основниот квалитет што треба да го поседува еден организатор е длабокото чувство на гнев против неправда и дека тоа е примарната мотивација која го одржува во акција. Но, сега знам дека тоа е нешто друго: несекојдневната фантазија која го фрла во непосредна идентификација со луѓето и го пренесува во нивната состојба. Тој страда со нив, се жести поради неправдата и започнува да го организира бунтот. Кларенс Дероу го формулира тоа повеќе врз база на личниот интерес: „Имав бујна фантазија. Не само што можев да се замислам себеси на местото на другиот, туку и не можев а да не го правам тоа. Секогаш сочувствував со слабите, со страдалнците и со сиромашните. Чувствувајќи ја нивната жал, се обидував да ги ослободам од неа за да можам и самиот да се ослободам“.

Фантазијата не е само горивото за силата којашто ги одржува организаторите да организираат, таа е и основа за ефикасна тактика и акција. Организаторот знае дека вистинската акција е во реакцијата на опозицијата. За да може реалистично да ги оценува и предвидува најверојатните реакции на непријателот, тој мора да биде способен и да се идентификува со нив во својата фантазија и да ги предвидува нивните реакции на неговите акции.

*Смисла за хумор.* Повторно според Вебстеровиот речник, хуморот се дефинира како „ментална способност за откривање, изразување или признавање смешни или апсурдно несмасни елементи во идеите, ситуациите, случувањата или дејствијата...“ или „променлива и неизвесна состојба на умот...“

Истражувајќи со слободен и отворен ум кој е испразнет од извесности и мразејќи ја догмата, организаторот ја открива смеата не само како начин да го задржи своето ментално здравје, туку и како клуч за разбирање на животот. Во суштина, животот е трагедија, а

обратното од трагедијата е комедија. Човек може да промени неколку реплики во која и да е грчка трагедија и таа ќе стане комедија, и обратно. Знаејќи дека противречностите се знаци на напредокот, тој секогаш будно бара противречности. Смислата за хумор му помага да ги препознае и да им најде смисла.

Хуморот е од суштинско значење за успешниот тактичар, бидејќи најмоќното оружје за кое знае човештвото се сатирата и подбивот.

Смислата за хумор му овозможува да ја задржи перспективата и да се види себеси во реална светлина: како ситна ронка која согорува за дел од секундата. Смислата за хумор е неспоива со целосното прифаќање догми, односно религиозни, политички или економски рецепти за спасение. Таа се спојува со љубопитството, непочитувањето и фантазијата. Организаторот има свој личен идентитет кој не може да се изгуби со апсорбирање или прифаќање каква и да е групна дисциплина или организација. Сега почнувам да го разбирам значењето на мојата, делумно интуитивна изјава од пред речиси дваесет години во книгата *Будење на радикалите*, дека „за да биде дел од сè, организаторот може да биде дел од ништо“.

*Некаква нејасна визија на еден подобар свет.* Голем дел од секојдневната работа на организаторот е во детали, со повторување и убиствено монотона. Во целината на работите, тој е ангажиран во еден мал дел. Тоа е како тој да е уметник и да слика малечок лист. Неизбежно е дека во еден момент тој ќе изреагира со зборовите: „Што правам јас овде, си го трошам животот сликајќи само еден малечок лист? По ѓаволите со тоа, се откажувам“. Она што го тера да продолжи е една нејасна визија на некој голем мурал каде другите уметници – организатори – ги сликаат своите делови и секој дел е битен за целината.

*Организирана личнот.* Организаторот мора самиот да биде добро организиран за да може да се чувствува удобно во една неорганизирана ситуација, да биде рационален во морето ирационалности. Круцијално е да биде во состојба да ги прифати и да работи со ирационалностите во насока на промената.

Со многу ретки исклучоци, вистинските работи се прават од погрешни причини. Бесполезно е да се бара луѓето да ги прават вистинските работи од вистински причини – тоа е губење време на нереални цели. Организаторот треба да е свесен и да се помири со тоа дека вистинската причина всушност се воведува како морална

рационализација откако прво се постигнала вистинската цел, иако можеби се постигнала од погрешна причина – и затоа тој треба да бара и да ги користи погрешните причини за да ги постигне правите цели. Тој треба да може, со помош на вештина и пресметки, да ја користи ирационалноста во неговите обиди да напредува кон еден рационален свет.

Од разни причини, организаторот мора да развие повеќе теми. Прво, широко членство може да се изгради само врз основа на многу теми. Кога ја градевме нашата организација во Задните дворови*, ни се приклучија и полските римокатолички цркви во Чикаго, бидејќи беа загрижени поради растечката моќ на ирските римокатолички цркви. Синдикатот на работниците во собирачките центри за овошје беше со нас - па ни се приклучија и ним соперничките синдикати, обидувајќи се да го спречат одливот на членство и моќ. Се разбира, нам не ни беше важно зошто ни се приклучиле – само знаевме дека ќе ни биде подобро ако ни се приклучат.

Организаторот признава дека секоја личност или блок има хиерархија на вредности. На пример, да претпоставиме дека сме во гето заедница каде што сите се за граѓански права.

Еден црнец во таа заедница купил мала куќа уште кога населбата за прв пат се менувала и тогаш испаднало да плати крајно надуена цена – повеќе од четирикратна вредност на имотот. Сè што поседува е врзано во таа куќа. Сега се заканува да дојде урбаната обнова и да му ја земе куќата врз основа на проценка на вредноста според нивните критериуми, што ќе биде помалку од една четвртина од неговите инвестиции. Тој очајнички се обидува да си го спаси својот мал економски свет. Тој можеби оди на состанок за граѓанските права еднаш месечно, можеби ќе потпише по некоја петиција и ќе даде некој долар овде-онде, но на состаноците за борба против заканата на урбаната обнова дека ќе му го уништи имотот, тој би доаѓал секоја вечер.

До него живее жена под кирија. Таа не е загрижена поради урбаната обнова. Има три мали девојчиња и нејзината главна грижа се дилерите на дрога и макроата кои го загадуваат соседството и претставуваат

* *Back of the Yards*, стара индустриска населба во Чикаго, населена со имигранти од Источна Европа (*заб. на прев.*). Во 1930-тите, по Големата депресија, Соул Алински работел како активист во оваа заедница со цел да им се помогне на луѓето погодени од кризата (*заб. на ред.*).

закана за иднината на нејзините ќерки. И таа, исто така, е за граѓански права, но повеќе е заинтересирана за заедница без макроа и дилери, а сака и подобри училишта за нејзините деца. Тоа се нејзините главни приоритети.

До неа живее семејство кое прима социјална помош; нивниот главен приоритет е повеќе пари. Преку улица има семејство за кое би можело да се рече дека се работничка сиромаштија која се бори да излезе на крај со нивниот крајно ограничен буџет – за нив главни приоритети се цените на основните животни намирници и алчноста на локалните трговци. Секој потстанар кај скржав сопственик, кој живее меѓу стаорци и лебарки, веднаш ќе ви го каже неговиот главен приоритет – и сè така по ред. Во една организација која покрива повеќе прашања, секој му вели на другиот: „Бидејќи јас сам не можам да го добијам она што го сакам, а не можеш ни ти, ајде да се договориме: јас ќе те поддржувам во твоите барања, а ти поддржи ме во моите". Од овие договори настана програмата.

Со организација која покрива само едно или две прашања, не само што сте осудени на тоа организацијата да ви биде мала, туку и се подразбира дека штом организацијата работи само на едно прашање, таа нема долго да трае. На организацијата ѝ треба акција како што на човекот му треба кислород. Без повеќе прашања несомнено ќе дојде до замирање на активноста, а со тоа настапува и смртта. Повеќе прашања значат постојана активност и живот.

Организаторот мора да биде чувствителен кон сè што се случува околу него. Тој постојано учи и од секој инцидент дознава нешто ново. Тој забележува дека кога во автобусот има само неколку празни места, групата која се обидува да се качи, ќе турка и гази; ако има многу празни места, сите ќе бидат љубезни и обѕирни; и тој замислува како во свет во кој има можности за сите, човечкото однесување ќе се промени кон подобро. Постојано испитувајќи го животот и себе самиот, тој станува сè поорганизирана личност.

*Добро интегриран политички шизоид.* Организаторот мора да стане шизоид во политичка смисла, за да не западне во стапицата на вистински верник. Пред да може луѓето да дејствуваат, некое прашање мора да се поларизира. Луѓето ќе стапат во акција само откако ќе се уверат дека нивната кауза е 100 проценти ангелска, а каузата на противниците е 100 проценти ѓаволска. Тој знае дека не може да има

акција сè додека прашањата не се исполаризирани до овој степен. Веќе дискутирав за еден таков пример во Декларацијата за независност – имено, во Листата на поединечни проблеми е очевидно изоставена сета корист што колониите ја имале од владеењето на Британците и се наведуваат само штетните последици.

Она што сакам да го кажам е дека организаторот мора да е во состојба да се подели себеси на два дела – еден дел во арената на активностите каде што го поларизира прашањето до 100 спрема нула и им помага на неговите сили да дојдат во конфликт, додека другиот дел знае дека кога ќе дојде време за преговори, реалната разлика е само 10 проценти – а, сепак, и двете страни мора мирно да живеат заедно. Само добро организираната личност може да се подели, а сепак да остане единствена. Но, тоа е она што организаторот мора да го направи.

*Еīо.* Сите овие посакувани квалитети се проткаени со едно силно его, кое во поглед на цврстината може да се означи како монументално. Овде, терминот *еīо* го користиме онака како што беше опишано во претходното поглавје, јасно разграничено од егоизмот. Егото е безусловна доверба во своите способности да го сториме она за кое веруваме дека мора да се стори. Организаторот мора, без страв и грижа, да го прифати фактот дека неговите шанси за успех се секогаш помали од шансите за неуспех. Со вакво его, тој е дејствувач и дејствува. Помислата за повлекување никогаш не му останува во умот подолго од еден момент – животот е акција.

*Слободен и оīворен ум и ūолиīичка релаīивносī.* Организаторот, во неговиот начин на живот, со неговата љубопитност, непочитување, фантазија, смисла за хумор, неверување во догми, со неговата самоорганизираност и неговото разбирање за ирационалноста на поголемиот дел од човековото однесување, станува флексибилна личност, а не крута структура која се крши кога ќе се случи нешто неочекувано. Имајќи свој идентитет, нему не му треба безбедноста што ја дава идеологијата или некое универзално решение. Тој знае дека животот е потрага по несигурност, дека единствениот сигурен факт во животот е несигурноста, и тој го прифатил тоа. Знае дека сите вредности се релативни во светот на политичката релативност. Поради овие квалитети, тој не се предава лесно на цинизам и разочараност, затоа што не зависи од некоја илузија.

И на крајот, организаторот постојано од старото создава ново. Тој знае дека сите нови идеи произлегуваат од некаков конфликт, дека секој пат кога човекот имал нова идеја, тоа било предизвик за светите идеи на минатото и сегашноста и незибежно се разгорувал конфликт. Љубопитноста, непочитувањето, фантазијата, смислата за хумор, слободниот и отворен ум, како и прифаќањето на релативноста на вредностите и на несигурноста на животот, сите неизбежно се спојуваат во таков вид личност чија најголема радост е создавањето. Таа личност го доживува создавањето како суштина на смислата на животот. Во неговиот постојан стремеж кон новото, тој открива дека не може да го издржи она што е повторливо и неменливо. За него претставува пеколна казна постојано да се прави истата работа.

Ова е главната разлика меѓу лидерот и организаторот. Лидерот ја гради моќта за да ги исполни своите желби, за да има моќ и да ја употреби и за општествени и за лични цели. Тој самиот сака моќ. Организаторот ја гледа својата цел во создавањето моќ што ќе ја користат други.

Овие квалитети се присутни кај секоја слободна, креативна личност, без разлика дали е едукатор, дали е во уметноста или во некој друг дел од животот. Во *Игра на парите* на Адам Смит, опишани се карактеристиките на добриот управител со фондови:

> Насетувањето правилности во однесувањето, тоа е лична интуиција. Секогаш има нешто непознато, несфатено... Не можеш тукутака да промовираш некој аналитичар да управува со фондови. Што е тоа што го имаат добрите менаџери? Тоа е своевидна фокусирана концентрација, интуиција, чувство, нешто што не се учи. Првата работа што треба да ја осознаеш си самиот ти. Човекот кој се познава себеси може да излезе од себе и да ги гледа своите реакции како набљудувач.

Човек би помислил дека ова било опис на организатор кој е креативен во речиси сè и дека без оглед дали организира заеднички фонд или заедничко општество, треба да се стреми кон овие квалитети. Мислам дека причината зошто некој станува организатор наместо нешто друго се состои во различниот степен на интензитет на некои специфични елементи или односи меѓу нив – со други зборови, чиста случајност.

# КОМУНИКАЦИЈА

НЕКОМУ МОЖЕ ДА МУ НЕДОСТАСУВА некој од квалитетите за добар организатор, па сепак да биде ефикасен и успешен – со еден исклучок. Тој исклучок е уметноста на комуницирање. Не е битно колку знаете за некоја работа доколку не можете да им ја соопштите на вашите луѓе. Во тој случај не ни станува збор за ваш неуспех. Вие едноставно не постоите.

Комуникацијата со други се случува кога тие ќе го разберат она што се обидувате да им го пренесете. Ако не го разбираат, тогаш вие не комуницирате, без оглед на зборовите, сликите и сѐ друго. Луѓето ги разбираат работите само преку своето сопствено искуство, што значи дека мора да навлезете во нивното искуство. Понатаму, комуникацијата е двонасочен процес. Ако се обидувате да им ги пренесете вашите идеи на други луѓе без да обрнувате внимание на она што тие сакаат да ви го кажат, немате никакви шанси.

Знам дека сум искомуницирал со друг кога нему ќе му засветлат очите и ќе одговори: „Точно знам што сакаш да кажеш. И мене еднаш ми се случи истото. Да ти раскажам за тоа!“ Тогаш знам дека имало комуникација. Неодамна полетував од аеродромот О’Хеар во Чикаго за Њујорк. Откако авионот појде кон пистата, го слушнавме познатото обраќање: „Зборува вашиот капетан. Со жалење ве известувам дека сме 18-ти на ред за полетување. Го исклучувам знакот за забрането пушење и повторно ќе ви се јавам со нови информации“.

Многу од капетаните мислат дека треба да ве „забавуваат“ со непрекинато баботење за сѐ и сешто. „Ќе ви биде интересно да разберете дека кога е целосно натоварен, овој авион тежи толку и толку тони“. Вам тоа воопшто не ве интересира. Или: „Нашиот план за летање ќе нѐ однесе преку Базикус, Охајо, а потоа на Џанкспот“ итн., итн. Но, на ова патување капетанот на авионот се доближи до искуството на многумина од патниците и навистина успеа да комуницира. Среде неговото „забавување“, тој искоментира: „Патем, ќе ве известам кога ќе добиеме дозвола за полетување, а од моментот кога ќе го чуете завивањето на млазните мотори за полетување, па до моментот на полетување, ќе имаме потрошено онолку гориво колку што е доволно да

можете да појдете со автомобил од Чикаго до Њујорк и назад, и тоа сосе излегувањата од главниот пат!“ Можеше да се слушнат коментари како: „Ма ајде, сигурно се шегува“. Но кога се објави дозволата за полетување и додека не започна полетувањето, патниците низ целиот авион гледаа на своите часовници. По истекот на приближно 25-те секунди додека да полетаме, патниците се вртеа еден кон друг велејќи: „Ти се верува?“ Евидентно беше, како што можеше и да се очекува, дека многу патници биле некое време преокупирани со бројот на километри што би можел да ги помине автомобил со тоа количество гориво.

Кај едукаторите има општа согласност во врска со овој поим на комуникација, иако само малкумина учители го користат. Но, впрочем, мал е и бројот на вистински учители во таа професија.

Образовниот лидер укажува на оваа врска меѓу разбирањето и искуството на еден многу личен начин:

> „Откако ќе добие животно искуство“. Читајте ги Хомер и Хорациј по секоја цена, вели Њуман; нахранете ги умот, окото и увото со нивните прикажувања, јазик и музика; но не очекувајте да разберете за што всушност зборуваат пред да наполните четириесет години.
>
> Вистината ми дојде пред повеќе од триесет години, во еден декемвриски ден, додека одев пеш по патот од Аржентиер до Шамони покриен со снег, кога одненадеж, од амбисот на несвесната меморија, на ум ми дојде еден стих на Вергилиј што почнав да си го повторувам:
>
> *Sed iacet aggeribus niveis informis et alto*
>
> *Terra gelu.*
>
> Кога сум ги читал овие зборови на училиште, несомнено сум ги превел површно: „Земјата лежи без форма под снежни наноси и длабок мраз“, но одеднаш, со снежната сцена пред моите очи, за прв пат сфатив што сакал Вергилиј да каже со епитетот *informis*, „без форма“ и како совршено ја опишува работата на снегот, која буквално го прави светот бесформен, заоблувајќи ги острите рабови на покривите и таваните, на боровите, карпите и планинските гребени, одземајќи им ја дефинираноста на обликот и формата. А кој знае колку пати пред тој ден сум ги прочитал зборовите без да увидам што навистина значат! Не дека зборот *informis* не ми значел ништо додека студирав, но ми значел многу помалку од неговото целосно значење. За вистинско разбирање беше неопходно личното искуство.
>
> — Сер Ричард Ливингстон, *За образованието*
>
> (Sir Richard Livingstone, *On Education*, New York, 1945, стр. 13)

Од време на време ме обвинуваа за суровост и вулгарност бидејќи користиев аналогии со секс или тоалет. Тоа не го правам затоа што сакам нешто посебно да шокирам, туку затоа што има определени искуства кои ни се заеднички на сите нас, а меѓу нив се сексот и тоалетот. Освен тоа, сите се заинтересирани за овие две теми – што не може да се каже за секое заедничко искуство. Се сеќавам кога ја објаснував релативноста на моралот раскажувајќи ја следнава приказна. Три жени, Американка, Британка и Французинка, биле запрашани што би направиле доколку би се нашле на пуст остров со шест мажи желни за секс. Американката одговорила дека ќе се обиде да се скрие и да изгради сплав преку ноќ или ќе испрати димни сигнали за да побегне. Британката рекла дека ќе го одбере најсилниот маж и ќе живее со него за да ја заштити од другите. Французинката погледнала зачудено и прашала: „А во што е проблемот?"

Бидејќи луѓето разбираат единствено во рамките на своето лично искуство, еден организатор мора да има барем информативно познавање на нивното искуство. Тоа не само што помага за комуницирањето, туку го зајакнува и личното идентификување на организаторот со другите и ја олеснува понатамошната комуникација. На пример, во една заедница имаше грчки православен свештеник, кој тука ќе го именувам како архимандритот Анастополис. Тој секоја саботна вечер ги посетуваше локалните таверни, верно следен од шестмина членови на неговата црква. По многу часови опивање, тој наеднаш ќе се вкочанеше и ќе беше толку пијан што веќе не можеше да оди. Во тој момент, неговите верни шестмина, како да носат ковчег, ќе го однесеа по улиците до сигурноста на неговата црква. Низ сите тие години, тоа стана дел од искуството на заедницата и фактички прерасна во еден вид жива легенда. Во разговор со луѓето од тоа соседство, не можеше поинаку да им го пренесете фактот дека нешто не е во ред, освен да речевте дека е „во аут како архимандритот". Како реакција на тоа ќе имаше смеа, климање со глави, извикување: „Аха, знам на што мислиш" – но, исто така, и интимност на споделување заедничко искуство.

Ако се обидуваш да комуницираш и не можеш со другата страна да најдеш заедничко искуство кое таа може да го прими и разбере, тогаш мораш на другиот да му го создадеш искуството.

Се обидував на двајца мои организатори на обука да им објаснам дека нивните проблеми во нивната заедница настанале бидејќи тие

излегле надвор од искуството на нивните луѓе: дека кога ќе излезеш надвор од рамките на нечие искуство, не само што не комуницираш, туку и предизвикуваш забуна. Тие имаа искрени, интелигентни изрази на лицата и вербално и визуелно се согласуваа и разбираа, но знаев дека тие всушност не сфаќаат и дека јас не комуницирам со нив. Јас не влегов во нивното искуство. Затоа морав да им понудам искуство.

Еднаш, некаде во тоа време, отидовме на ручек во ресторан. Им обрнав внимание на менито за ручек, во кое беа наведени осум јадења или комбинации и сите беа нумерирани. Број 1 беше сланина и јајца, со компири, тост и кафе, број 2 нешто друго, а број 6 беше омлет со пилешки џигер. Објаснив дека келнерот е условен од искуството веднаш да ја преведува секоја нарачка во соодветната бројка. Кога ќе ги слушне зборовите „сланина и јајца", во неговиот ум веќе се вклучува „бр. 1". Единствената варијација е дали јајцата треба да бидат ровки или сланината треба да биде крцкава, во кој случај ќе викне: „Број 1, ровко!" или некоја слична варијација.

Откако тоа се разјасни, им реков: „Сега кога ќе му нарачам на келнерот, наместо да му речам омлет со пилешки џигери – што за него е бр. 6, јас ќе излезам надвор од рамките на неговото искуство и ќе речам: 'Го гледаш овој омлет со пилешки џигери?' Тој ќе одговори: 'Да, број 6'. Јас ќе речам: 'Да, само чекај малку. Не сакам пилешките џигери да бидат во омлетот. Сакам омлет со пилешките џигери на страна – дали е јасно?' Тој ќе рече дека е јасно и шансите се 9 спрема 1 дека сè ќе биде измешано, бидејќи тогаш веќе нема да може да нарача само бр. 6. Не знам што ќе се случи, но ќе излезам надвор од подрачјето на неговото прифатено искуство".

Келнерот ја запиша мојата нарачка точно како што опишав погоре. За дваесетина минути се врати со омлет и цела порција пилешки џигери, како и со сметка од 3,25 долари – 1,75 долари за омлетот и 1,50 долари за пилешките џигери. Јас се побунив, објаснувајќи дека го бев нарачал само јадењето број 6, кое чинеше вкупно 1,50 долари, но дека наместо пилешките џигери да бидат измешани со омлетот, сакав да бидат на страна. Наместо тоа добив цел омлет, цела порција пилешки џигери и сметка скоро три пати повисока од цената што ја пишува во менито. Освен тоа, јас не можам да изедам ем цела порција омлет ем цела порција пилешки џигери. Настана забуна. Келнерот и менаџерот се договараа тивко. Конечно келнерот се врати, поцрвенет

и вознемирен: „Се извинувам за грешката – сите се збунија – јадете што сакате“. Сметката беше вратена на оригиналната цена за број 6.

Во една слична ситуација во Лос Анџелес, четворица од мојот персонал и јас разговаравме пред хотелот Билтмор, кога им ја демонстрирав истата поента, велејќи: „Еве, во ракава држам новчаница од 10 долари. Предлагам да завртиме едно четири блока околу хотелот Билтмор и да се обидеме да ги дадеме некому. Тоа несомнено ќе биде надвор од сечие искуство. Вие четворица одете зад мене и гледајте ги лицата на луѓето на кои ќе им пријдам. Ќе им се приближам држејќи ја новчаницава од 10 долари и ќе речам: ʾПовелете, земете го оваʿ. - Мојата претпоставка е дека секој од нив ќе се повлече, ќе изгледа збунето, навредено или уплашено и ќе сака да се тргне подалеку од лудаков. Според нивното искуство, кога некој им приоѓа, тој сака или да праша за насока или да проси – особено поради тоа како сум облечен, без палто и вратоврска“.

Одев наоколу обидувајќи се да ја дадам некому новчаницата од 10 долари. Сите реакции беа „во рамките на искуството на луѓето“. Околу тројца од нив, штом ја видоа десетдоларката, веднаш рекоа: „Жалам, немам ситно“. Други забрзано ме одминаа велејќи: „Жалам, немам сега пари во мене“, како јас да барав пари од нив, а не да им давав. Една млада жена се вознемири и почна безмалку да вика: „Јас не сум таква девојка и ако не се тргнеш оттука, ќе викнам полиција!“ Друга жена, на околу триесетина години, одврати: „Јас не сум толку евтина!“ Имаше еден човек што застана и рече: „Каков вид измама е ова?“ и си замина. Реакцијата на најголемиот дел од луѓето беше шок, збунетост и молк, забрзувајќи го чекорот и заобиколувајќи ме на некој начин.

Откако пресретнав приближно четиринаесетмина, повторно се најдов пред влезот на хотелот Билтмор, сè уште држејќи ја десетдоларката в рака. Сега четворицата мои придружници подобро ја разбираа идејата дека луѓето реагираат строго врз основа на нивното сопствено искуство.

Како друг пример на истиот принцип земете ја христијанската цивилизација, каде повеќето луѓе биле во црква и изговарале разни христијански доктрини, но тоа сепак не е дел од нивното искуство, бидејќи не го проживеале. Нивното црковно искуство е само ритуален декор.

Пред неколку години, *Њујорк тајмс* беше известил за случајот на еден човек кој на околу четириестгодишна возраст ја прифатил католичката вера и потоа, исполнет со страста на новопреобратениот

верник, одлучил да го имитира што е можно поверно животот на свети Франциско Асишки*. Тој ја извадил од банка неговата животна заштеда од околу 2.300 долари. Побарал парите да му ги издадат во новчаници од 5 долари. Наоружан со тоа купче петдоларки, отишол во најсиромашниот дел на Њујорк, областа Бавери (ова беше пред урбанизацијата), и секогаш кога ќе поминел некој маж или жена кои изгледале сиромашни, ќе им се приближел и ќе речел: „Ве молам, земете го ова". Разликата меѓу оваа ситуација и моето кружење околу хотелот Билтмор е дека за просјаците во Бавери, понудените пари или порција супа не биле нешто надвор од нивното искуство. Како и да е, нашиот пријател кој се обидувал да живее христијански живот и да го имитира свети Франциско Асишки, открил дека тоа може да го прави само околу четириесет минути, по што ќе биде уапсен од христијански полицаец, однесен во болницата Белви од христијански доктор на брза помош и прогласен за „не при здрава памет" од христијански психијатар. Христијанството е надвор од искуството на населението кое се декларира, но не го практикува христијанството.

Во масовните организации, не смееш да излезеш надвор од реалното искуство на луѓето. Ме прашуваат, на пример, зошто со католичкиот свештеник, протестантскиот министер или рабинот никогаш не зборувам со зборовите на јудејско-христијанската етика, Дессетте заповеди или Проповедта на планината. Јас никогаш не зборувам на тој начин. Наместо тоа, јас им приоѓам врз основа на нивниот личен интерес и благосостојбата на нивната црква, вклучително дури и нејзиниот физички имот.

Кога би им пристапил на моралистички начин, тоа би било надвор од нивното искуство, затоа што христијанството и јудео-христијанството се надвор од искуството на организираната религија. Тие само ќе ме слушаат и мошне сочувствително ќе ми речат дека сум многу благороден. Но штом се одалечам од нив, ќе им се јават на своите секретари и ќе им речат: „Ако уште еднаш се појави овој заебаниов, кажи му дека не сум тука".

---

* San Francesco d'Assisi (1181-1226), основачот на католичкиот ред на францисканците и една од најпочитуваните верски личности. Како син на богат трговец од Асизи, тој младоста ја поминал во безгрижен и удобен живот, но подоцна ги отфрлил сите материјални вредности и им се приклучил на сиромашните, живеејќи на улица и проповедајќи меѓу нив (*заб. на ред.*).

Комуницирањето со цел да се убеди соговорникот, како и при преговарањето, е повеќе отколку само влегување во искуството на другиот. Тоа значи да се фиксираш на неговата главна вредност или цел и до крајот да се држиш до таа цел. Со никого не се комуницира само во врска со рационалните факти или етиката на определено прашање. Тоа го покажува и епизодата помеѓу Мојсеј и Господ, откако Евреите почнале да му се поклонуваат на Златното теле[11] . Господ бил лут и сакал да ги уништи Евреите, но Мојсеј не се обидел да комуницира со него барајќи милост или правдина; тој се насочил кон врвната вредност и го надмудрил Господа. Соговорникот слуша само кога е загрижен или чувствува закана – во арената на акцијата, заканата или кризата се безмалку предуслови за комуникација.

Еден голем организатор, како Мојсеј, никогаш нема да ја загуби присебноста, како што можело да му се случило на секој помалку способен човек кога Господ рекол: „Побрзај долу: *Твојот* народ, што *ти* го изведе од египетската земја тргна наопаку". Доколку во тој момент Мојсеј на каков и да е начин ја загубел присебноста, ќе се очекувало да одговори: „Од каде ги извади сега тие работи за *мојот* народ што *јас* сум го извел од египетската земја... јас само си се шетав по пустината, а кој започна со палењето грмушки, кој ми рече да појдам во Египет и кој ми рече да ги избавам овие луѓе од ропство,

[11] Побрзај долу! - му проговори Господ на Мојсеја. - Твојот народ, што го изведе од египетската земја, тргна наопаку.
Бргу се отстранија од патот што им го одредив. Си направија теле од излеан метал; паднаа ничкум пред него и му принесоа жртви, викајќи: 'Ова е твојот бог, Израеле, кој те изведе од египетската земја!'
Гледам добро - му рече натаму Господ на Мојсеја - дека овој народ е со корав врат.
Сега пушти да се распали Мојот гнев на нив за да ги истребам. Тогаш од тебе ќе развијам голем народ.
Мојсеј пак Му се помоли на Господа, својот Бог, и велеше: „О Господи! Зошто да пламнеш со гнев на Својот народ, што го избави од египетската земја со голема сила и со цврста рака!
Зошто треба да речат Египетците: 'Со зла намера ги одведе, за да ги погуби во планините и да ги избрише од лицето на земјата!' Смири ги Својот гнев и лутината; откажи се од злото за Својот народ!
Спомни си за Авраама, Исака и Израела, за своите слуги, на кои им се заколна Сам во Себе си и им вети: 'Ќе го размножам вашето потомство како ѕвездите на небото и сета оваа земја што ја ветив ќе му ја дадам на вашето потомство, и таа ќе биде нивно наследство засекогаш' ".
И Господ се одрече да навали на Својот народ несреќа, со која му се закани.
Излез 32: 7-14 псалма

па потоа почна со игрите на моќ и со чумите, па го раздвои Црвеното Море, постави столб од облаци на небото и сега тие наеднаш станаа *мој народ*“.

Но, Мојсеј останал присебен и знаел дека најважниот центар на неговиот напад ќе мора да биде она што просудил дека на Господа му е од примарна важност. Според толкувањето на Мојсеј, тоа била желбата на Господ да биде број 1. Насекаде низ Стариот завет се судираме со зборовите: „Нема да имате друг Бог освен мене“, „Нема да се молите пред лажни богови“, „Јас сум љубоморен и одмаздољубив Бог“, „Нема залудно да го користиш името Господово“. И сè така до крај, вклучувајќи го и првиот дел на Десетте заповеди.

Знаејќи го ова, Мојсеј го започнал својот напад. Тој почна да се расправа и да му вели на Господ да олабави. (На ова место човек би се запрашал, обидувајќи се да ги разбере Мојсеевите мотиви, дали го сторил тоа затоа што му бил лојален на својот народ, затоа што се сожалил на нив или едноставно затоа што не сакал одново да создава друг народ, бидејќи, на крајот на краиштата, веќе имал 120 години и тоа е премногу за таа возраст.) Како и да е, тој почнал да преговара, велејќи: „Види, Боже, ти си Господ. Ти ги држиш сите карти. Можеш да правиш што сакаш и никој не може да те сопре. Но, знаеш што, Боже, не можеш тукутака да го пречкрташ договорот што си го направил со овие луѓе – се сеќаваш на Заветот – во кој си им ветил дека не само што ќе ги избавиш од ропство, туку дека тие практично ќе ја наследат земјата. Да, знам, ќе ми кажеш дека тие го прекршиле договорот, па затоа ништо не важи. Но, тоа не е така едноставно. Ти си сега во незавидна ситуација. Вестите за овој договор протекоа насекаде во околинава. Египќаните, Филистејците, Кананците, *сите* знаат за него. Но, како што реков претходно, ти си Господ. Ајде, оди и откачи ги. Што ти е грижа што луѓето ќе речат: ’Гледај го Господ. Нему не можеш да му веруваш ништо што ќе каже. Со него не можеш да се договараш. Неговиот збор не вреди ни колку каменот на кој е напишан‘. Но, на крајот на краиштата, ти си Господ и претпоставувам дека можеш да излезеш на крај со тоа“.

> И Господ се смири, та не го направи злото кое
> Го кажа против неговиот народ.

Друга максима за ефикасно комуницирање е дека луѓето мора самите да решаваат за себе. Не само дека Мојсеј не можел да му каже на Господ што да прави; ниеден организатор не може да ѝ каже на заедницата што да прави. Но, организаторот речиси цело време ќе има мошне јасна слика за тоа што треба да прави заедницата и тој ќе сака да ѝ предлага, да маневрира и да ја убедува заедницата да ја преземе таа активност. Тој никогаш нема директно да ѝ каже на заедницата што да прави; наместо тоа, ќе користи наведувачки прашања. На пример, на состанок за утврдување на тактиката, кога организаторот е убеден дека треба да се одбере тактиката В:

ОРГАНИЗАТОРОТ: Што мислите, што треба сега да правиме?

ЛИДЕРОТ НА ЗАЕДНИЦАТА БР. 1: Мислам дека треба да ја спроведеме тактиката Б.

ОРГАНИЗАТОРОТ: Што мислиш ти, Лидер Бр. 2?

ЛИДЕРОТ БР. 2: Да, тоа ми звучи сосема добро.

ОРГАНИЗАТОРОТ: А, што мислиш ти, Бр. 3?

ЛИДЕРОТ БР. 3: Па, не знам. Звучи добро, но нешто ме загрижува. Што мислиш ти, организатору?

ОРГАНИЗАТОРОТ: Битно е вие што мислите. Што е тоа што те загрижува?

ЛИДЕРОТ БР. 3: Не знам... Нешто...

ОРГАНИЗАТОРОТ: Претпоставувам дека... Не знам, но се сеќавам дека вчера ти и Бр. 1 ми кажувавте и ми објаснувавте нешто за некој кој еднаш се обидел со нешто слично на тактиката Б, па поради тоа останал на отворено, и дека таа работа не успеала, или така нешто. Се сеќаваш дека ми кажуваше за тоа Бр. 1?

ЛИДЕРОТ БР. 1: (Кој слушал и сега знае дека тактиката Б нема да успее): Да, де. Да. Се сеќавам. Да, па добро, сите знаеме дека Б не чини.

ОРГАНИЗАТОРОТ: Да. Исто така, знаеме дека ако не ги отстраниме сите работи кои не функционираат, никогаш нема да дојдеме до онаа која функционира. Така?

ЛИДЕРОТ БР. 1 (енергично): Апсолутно!

И така продолжува наведувачкото распрашување, без никој да изгуби образ или да биде изоставен од донесувањето одлуки. Секоја

слабост на секоја предложена тактика се проверува со прашања. На крајот некој ќе ја предложи тактиката В и, повторно преку прашања, ќе се покажат нејзините позитивни одлики и таа ќе се усвои.

Дали е ова манипулација? Секако дека е, исто како што манипулира и учителот, а ништо помала манипулација не прави ни Сократ. Како што одминува времето и се одвива образованието, раководењето станува сѐ пософистицирано. Организаторот се повлекува од локалниот круг на донесувачи на одлуки. Неговиот одговор на прашањата за тоа што мисли *шој* станува незаповедно противпрашање: „Што мислиш ти?“ Негова задача станува тоа да ја оттргне групата од нивната зависност од него. Тогаш, неговата работа е завршена.

Сѐ додека организаторот работи врз основа на прашања, лидерите на заедницата ќе го сметаат неговото мислење за повисоко од нивното. Тие веруваат дека тој си ја знае работата, ги знае вистинските тактики, токму затоа е организатор. Организаторот знае дека дури и кога свесно така мислат, ако започне да издава наредби и да „објаснува“, тоа ќе почне да создава потсвесна одбивност, чувство дека организаторот ги омаловажува, дека не го почитува нивното достоинство како поединци. Организаторот знае дека е човечка особина оној што побарал и добил помош, да реагира не само со благодарност, туку и со потсвесно непријателство спрема оној кој му помогнал. Тоа е еден вид психички „првобитен грев“, бидејќи тој чувствува дека оној што му помогнал е секогаш свесен за тоа дека доколку не му помогнел, тој сѐ уште би бил едно поразено ништо. Сето ова вклучува и вешто и чувствително играње улоги од страна на организаторот. На почетокот, организаторот е генералот, тој знае каде, што и како, но никогаш не ги носи своите генералски еполети, никогаш не му се обраќаат како на генерал и тој не се однесува како генерал – тој е организатор.

Постојат и моменти, и тоа многубројни, кога организаторот за време на дискусиите како онаа погоре, увидува дека тактиката В, односно што и да е друго за кое се решил претходно, не е соодветната тактика. Во тој момент да се надеваме дека неговото его е доволно силно за да дозволи некој друг да го даде одговорот.

Еден од факторите кои влијаат на тоа што можете, а што не можете да пренесете на другите се односите. Има чувствителни области кои не треба да се допрат сѐ додека не се создаде силен личен однос заснован на заеднички ангажмани. Во спротивно, другата страна се

исклучува и буквално не слуша, без оглед на тоа дали вашите зборови се во рамки на неговото искуство. И обратно, доколку имате добар однос, соговорникот е многу рецептивен и вашата „порака“ доаѓа до него во позитивен контекст.

На пример, секогаш верував дека контролата на раѓање и абортусот се лични права кои треба да ги ужива поединецот. Ако во моите рани денови кога ја организирав заедницата на Задните дворови во Чикаго, кое беше 95 проценти римокатоличко, се обидев да го соопштам тоа, дури и преку искуството на оние жители чија економска состојба ја влошуваше тоа што живееја во големи семејства, тоа ќе беше крај на мојата врска со заедницата. Во тој момент ќе бев обележан како непријател на црквата и ќе престанеше секаква комуникација. Неколку години подоцна, откако воспоставив цврсти односи, можев слободно да зборувам за што и да е, вклучително и за контролата на раѓање. Се сеќавам дека за тоа дискутирав и со тогашниот католички канцелар. Во тоа време, расправата веќе не беше ограничена само на прашања од типот: „Што мислиш, уште колку долго ќе може католичката црква да се држи до оваа архаична идеја и да опстанува?“ Се сеќавам дека во чекалницата здогледав петмина свештеници кои чекаа да се сретнат со канцеларот и знаејќи колку тој ги презира сите нив, реков: „Види, ќе ти докажам дека ти всушност веруваш во контролата на раѓање, иако креваш голема врева против тоа“, па ја отворив вратата, велејќи: „Погледни онаму. Можеш ли да гледаш во нив и да ми речеш дека се противиш на контролата на раѓање?“ Тој прсна да се смее и рече: „Аргументот не ти е фер, и ти го знаеш тоа“, но темата и природата на дискусијата ќе беа незамисливи да немавме цврсти односи.

Класичен пример за неуспешно комуницирање затоа што организаторот комплетно излегол од искуството на луѓето е обидот на студентските активисти да им го посочат на сиромашните банкротот на нивните доминантни вредности. „Верувај ми на зборот, ако добиеш добра работа и двокатна куќа во предградие, телевизор во боја, два автомобили и пари во банка, тоа нема да те направи среќен“. Без исклучок, одговорот секогаш е: „Аха, дај ми самиот да просудам – ќе ти кажам откако ќе го добијам сето тоа“.

Комуницирањето на општа основа, без да биде поделено според спецификите на искуството, станува реторичко и носи сосема ограничено значење. Тоа е како разликата меѓу тоа да разбереш за

смртта на четврт милион луѓе – кои стануваат статистика – или за смртта на еден или двајца блиски пријатели, драги луѓе или членови на семејството. Во втoриов случај, ќе го доживееш целосното емоционално влијание на конечноста на трагедијата. Обидувајќи се да објаснам што значат личните односи, на разни публики сум им рекол: „Ако претседавачот го отвореше овој состанок со зборовите: 'Со шок и жалење морам да ве информирам дека штотуку бевме известени дека господинот Алински само што загинал во авионска несреќа и затоа ова предавање се откажува', единствената ваша реакција би била: 'Ох, боже, штета. Се прашувам каков човек бил, но штом е така, ајде сега да видиме што ќе правиме вечерва. Сега имаме слободна вечер. Можеме да отидеме во кино'". И тоа е сè што човек би можел да очекува, освен од оние кои ме познавале во минатото, без оглед на тоа каков однос сме имале.

„Ајде сега да претпоставиме дека по завршувањето на ова предавање, сите вие, да речеме, сте против сето она што сум го кажал, не ви се допаѓа моето лице, звукот на мојот глас, моето однесување, моите алишта, едноставно, не ви се допаѓам и точка. Да речеме, исто така, дека треба повторно да ви одржам предавање наредната недела и во тој момент ве информираат за мојата ненадејна смрт. Вашата реакција ќе биде многу поинаква, без оглед на тоа што не сум ви се допаднал. Ќе одреагирате шокирано и ќе речете: 'Леле, па вчера беше жив, дишеше, зборуваше и се смееше. Човек просто не може да верува дека тукутака наеднаш го снема'. Тоа е човечката реакција на личен однос".

Но, она што е од особена важност овде е фактот дека сте имале работа со една конкретна личност, а не со општа маса.

Тоа е она што беше имплицитно во познатата изјава на организацискиот гениј Семјуел Адамс, во времето кога наводно го планирал Бостонскиот масакар; се цитира неговата изјава дека треба да има најмалку тројца или четворица убиени за да може да имаме жртви за Револуцијата, но не смее да има повеќе од десет, бидејќи ако се надмине таа бројка, тоа повеќе нема да бидат жртви, туку само проблем на расчистување.

Ова е проблемот при обидот да се комуницира во врска со прашањето на хидрогенската бомба. Тоа е премногу големо прашање. Подразбира премногу жртви. Тоа е надвор од искуството на луѓето и тие едноставно реагираат со зборовите: „Да, тоа е ужасна работа", но тоа

во суштина не ги допира. Исто е и со цифрите. Штом се дојде до некаде околу 25 милиони долари и нагоре, а за милијарда и да не зборуваме, слушателот целосно губи способност да сфати и веќе не е вистински заинтересиран, бидејќи бројките отишле надвор од неговото искуство и речиси се без значење. Милиони Американци не знаат од колку милиони долари се состои една милијарда.

Овој елемент на специфичното кое мора да е доволно мало за да може да се сфати со искуството, дефинитивно се врзува во цела низа *ӣрашања*. Прашањата мора да можат да се соопштуваат на други. Пресудно е да можат да се пренесат. Од суштинска важност е тие да се доволно прости за да се сфатат како извици на собири или во битка. Не може да бидат општи поими како гревот, бесмртноста, добриот живот или моралот. Тие мора да бидат *оваа* неморалност на *овој* скржав сопственик во *оваа* сиромашна зграда каде што страдаат *овие* луѓе.

До сега би требало да е веќе јасно дека комуникацијата се случува конкретно, преку нечие специфично искуство. Општите теории добиваат значење само кога некој ги апсорбирал и разбрал посебните составни делови и потоа ги поврзал со општиот поим. Ако не се направи тоа, спецификите стануваат само низа од интересни анегдоти. Таков е реалниот свет во комуницирањето.

# НА ПОЧЕТОКОТ

НА ПОЧЕТОК новиот организатор мора да го воспостави својот идентитет или, поинаку кажано, да добие дозвола за функционирање. Тој мора да има причина зошто е таму – причина која е прифатлива за луѓето.

Секој странец е сомнителен. „Кој е мачоров?“ „Зошто се распрашува цело време?“ „Да не е цајкан, или од ФБИ?“ „Што има во торбата?“ „А, што всушност бара?“ „Каков ќар има за него во тоа?“ „За кого работи?“

Одговорите на овие прашања мора да бидат прифатливи во рамките на искуството на заедницата. Ако организаторот започне со афирмирање на неговата љубов спрема луѓето, веднаш ќе им стане на сите одбивен. Но, од друга страна, ако започне со јавна осуда на експлоатацијата на работодавачите, скржавите газди, полициските претреси и алчните трговци, тој е во рамките на нивните искуства и тие го прифаќаат. Луѓето можат да даваат судови само врз основа на своето сопствено искуство. А прашањето кое си го поставуваат е: „Да бевме на местото на организаторот, дали ќе го правевме она што тој го прави и зошто?“ Сè додека не најдат одговор кој е донекаде прифатлив, тешко им е да го разберат и прифатат организаторот.

Неговото прифаќање како организатор зависи од неговиот успех во убедувањето на клучните луѓе – но и на многу други – прво, дека е на нивна страна и второ, дека има идеи и знае како да се бори за промена на нештата, дека не е еден од оние што „си ја тераат својата работа“ и дека е победник. Инаку, што ќе им е? Неговото присуство само значи дека пописот на населението се менува од 225.000 на 225.001.

Не е доволно да ги убедите во вашата компетентност, таленти и храброст – тие мора да имаат верба во вашата способност и храброст. Тие мора да веруваат во вашиот капацитет не само да обезбедите можност за акција, моќ, промена, авантура или дел од драмата на животот, туку и да дадете мошне цврсто ветување, безмалку уверување во победата. Тие, исто така, мора да имаат верба во вашата храброст да се борите против угнетувачкиот систем – храброст која и тие ќе почнат да ја имаат штом го добијат заштитниот оклоп кој го нуди моќната организација, но го немаат за време на првите осаменички чекори напред.

Љубовта и вербата не се вообичаени придружници. Многу почесто, вербата ја придружуваат моќта и стравот. Безимотните имаат ограничена верба во вредноста на своите сопствени судови. Тие сѐ уште се угледуваат на судовите на имотните. Ја почитуваат силата на повисоката класа и веруваат дека имотните се поинтелигентни, покомептентни и обдарени со „нешто посебно". Дистанцата има начин да ја истакне моќта, така што почитта добива нијанса на обожување. Имотните се на власт и следствено на тоа се главните кои имаат корист од разни митови и легенди што секогаш се кројат околу моќта. Безимотните им веруваат дури и тогаш кога тие самите се колебаат и се несигурни во сопствените ставови. Моќта не смее да се надитри, мора да се почитува и да се слуша. Моќта значи сила, додека љубовта е човечка слабост на која луѓето не ѝ веруваат. Тажна вистина во животот е дека моќта и стравот се извориштата на вербата.

Работа на организаторот е да маневрира околу естаблишментот и да го предизвикува, за тој јавно да го нападне како „опасен непријател". Зборот „непријател" е доволен за да го стави организаторот на страната на народот, да го идентификува со безимотните, но не е доволен за да му ги донесе специјалните квалитети кои предизвикуваат страв и на тој начин да му даде средство за да си воспостави своја сопствена моќ против естаблишментот. Овде повторно гледаме дека моќта и стравот се есенцијални за развивање на вербата. Оваа потреба се задоволува со тоа што естаблишментот го користи брендот „опасен" и со тој збор го открива својот страв од организаторот, стравот дека тој претставува закана за неговата семоќност. Сега организаторот ја добил својата „крштелница" и може да започне.

Во 1939 година, кога за прв пат почнав да организирам во заднината на чикашките кланици, на местото што е опишано во книгата *Џунгла* на Аптон Синклер, дејствував така што за неколку недели касапите јавно ме прогласија за „субверзивен пакосник". Откако и весникот *Чикаго Трибјун* ме прогласи за јавен непријател на законот и редот, или „радикал на радикалите", тоа ми даде трајна и постојано обновлива потврда за мојот статус во градот Чикаго. Една генерација подоцна, во една црнечка заедница на јужната страна на Чикаго, во близина на мојата матична установа, Универзитетот во Чикаго, злобниот напад против мене лично што го изведе универзитетот, засилен со напади и од страна на печатот, ги зајакна моите акредитиви кај

црнечката заедница која беше донекаде сомничава спрема белата кожа. Во Рочестер, Њу Јорк, истото ми го направија и Истмен Кодак и синџирот на весници Ганет. Во обете црнечки гета, во Чикаго и во Рочестер, реакцијата беше: „Штом богатите белечки весници така го растргнуваат Алински, тој мора да е добар!“ Имаше големи шанси да појдам во Хјустон, Тексас или Оукленд, Калифорнија: во Хјустон, Кју клукс кланот* се појавија на аеродромот со сите обележја, заканувајќи се на мојата лична безедност. Во хјустонскиот печат се објавија обвиненија против мене напишани од страна на градоначлаников на Хјустон, а имаше и масовни протести од страна на Друштвото Џон Бирч**. Во Оукленд, Советот на градот, плашејќи се од можноста да дојдам во Оукленд, усвои широко рекламирана специјална одлука со која ме прогласи за непожелен во градот. И во двата случаи, црнечките заедници добија можност да проследат спектакл во кој властите реагираат со невообичаено силен страв и хистерија.

Воспоставувањето акредитација за компетентност е само дел од првата задача на организаторот. За да почне со работа, нему му е потребна друга акредитација која ќе му овозможи на прашањето: „Кој те викна да дојдеш овде?“, да одговори: „Ти“. Тој мора да биде повикан од некој значаен сектор на локалното население, нивните цркви, уличните организации, општествените клубови или некои други групи.

Денес, мојата озлогласеност и молскавичната хистерична реакција на естаблишментот не само што го потврдуваат акредитивот за мојата компетентност, туку ми обезбедуваат и автоматска покана од народот. Пример за тоа беше поканата во црнечките гета во Рочестер.

Во 1964 година, Рочестер експлодира во крвави расни немири кои резултираа со повикување на Националната гарда, фатално уривање полициски хеликоптер и значителни загуби на човечки животи и имот. По тој настан, градот беше вкочанет од шок. Градот кој се гордееше со својата благосостојба, култура и прогресивни цркви, беше вчудовиден и засрамен од непријатното откритие на мизерниот живот во гетото и неговата немоќ да стори нешто во врска со тоа. Градскиот совет на црквите, кој ги претставуваше протестантските цркви, ми пристапи

* *Ku Klux Klan*, или скратено ККК, е ултрареакционерна организација во САД, која заговара супериорност на белата раса, антисемитизам, антикомунизам, хомофобија и користење терористички методи (*заб. на ред.*).

** *John Birch Society*, политичка група на радикалната десница во САД, формирана во 1958 година со антикомунистичка агенда (*заб. на ред.*).

и побара од мене да помогнам во организирањето на црнечкото гето да се здобие со еднаквост, работни места, домување, квалитетно образование и особено моќ да учествува во носењето одлуки во сите јавни програми кои се однесуваат на нивните луѓе. Тие, исто така, побараа претставници на црнечката заедница да бидат луѓе што ќе се бираат од страна на црнците, а не луѓе што се одбрани од страна на белиот естаблишмент. Го известив црковниот совет за трошоците и реков дека мојата организација им е на располагање. Советот се согласи со трошоците и нѐ „покани“ да дојдеме и да ги организираме. Тогаш одговорив дека црквите имаат право да нѐ поканат да ги организираме *нивните* луѓе, во *нивните* соседства, но дека немаат право да зборуваат за црнечката заедница, а камоли да канат некого во неа. Потенцирав дека ние не сме колонијална сила како што се црквите кои ги праќаат свои мисионери насекаде, без оглед дали се поканети или не. Црнечката заедница молчеше – но, во тој момент, паника го зафати белиот естаблишмент. Печатот во Рочестер, во написите по насловните страници и уредничките уводници, почна да предупредува дека ако јас дојдам во Рочестер, тоа ќе значи крај на добриот соживот, на Неделата на братството*, како и на христијанското разбирање меѓу белите и црните! Тоа значеше дека јас ќе им речев на црните: „Единствен начин да ги добиете вашите легитимни права е да се организирате, да ја преземете власта и да му кажете на белиот естаблишмент: „Прифатете или ќе си видите!“ Црните прочитаа и слушнаа и се согласија. Според масовните медиуми и печатот, излегуваше дека моето одење во Рочестер е исто како градот да го окупирале Русите, Кинезите и бубонската чума. Жителите на Рочестер нема никогаш да го заборават тоа, а тие што не беа таму, тешко ќе може да поверуваат. И така, ние бевме поканети од речиси сите цркви и организации во гетото, како и со петиции потпишани од илјадници жители на гетото. Сега имавме легитимно право да бидеме таму, дури и поголемо право отколку организациите кои нѐ поканија во гетото, затоа што тие не биле поканети од страна на масите на нивната заедница.

Оваа предност е придобивка на репутацијата, но важното прашање овде е како организаторот без репутација да добие покана.

* *Brotherhood Week*, годишен настан во САД, организиран уште од 1934 година во рамките на активностите на Националната конференција на христијаните и Евреите, чија цел било надминување на меѓуетничките и меѓуверските поделби во локалните заедници (*заб. на ред.*).

Работа на организаторот е да создаде покана за себе, да агитира, да воведува идеи, да ги исполни луѓето со надеж и желба за промена и да го идентификуваат како најквалификувано лице за таа намена. Овде, при агитацијата која води до покана, како и фактичката организација и обуката на локалните лидери, алатка на организаторот е употребата на прашањата, т.е. сократовскиот метод:

ОРГАНИЗАТОРОТ: Живееш во онаа пропадната зграда?
ОДГОВОР: Да. Зошто?
ОРГАНИЗАТОРОТ: Зошто, по ѓаволите, живееш таму?
ОДГОВОР: Како мислиш, зошто живеам таму? Па, каде да живеам? На социјална помош сум.
ОРГАНИЗАТОРОТ: Ох, сакаш да кажеш дека плаќаш наем за тој стан?
ОДГОВОР: Што е сега, сакаш да се шегуваш? Многу смешно! Знаеш некое место каде што може да се живее бесплатно?
ОРГАНИЗАТОРОТ: Хмм. Изгледа дека местото врие од стаорци и бубачки.
ОДГОВОР: Се рабира дека врие.
ОРГАНИЗАТОРОТ: Дали некогаш си се обидел да го натераш сопственикот да стори нешто во врска со тоа?
ОДГОВОР: Обиди се да го натераш да стори што и да е! Ако не ти се допаѓа, оди си. Така ќе ти рече. Има уште многу што сакаат да се вселат.
ОРГАНИЗАТОРОТ: А, што ако не го плаќаш наемот?
ОДГОВОР: За десет минути ќе нè исфрлат.
ОРГАНИЗАТОРОТ: Хммм, а, што ако никој во таа зграда не плати наемнина?
ОДГОВОР: Па, ќе почнат да исфрлаат... Еј, знаеш што, тешко би им било да ги исфрлат сите, нели?
ОРГАНИЗАТОРОТ: Да, претпоставувам дека би им било.
ОДГОВОР: Еј, знаеш што, можеби имаш право – слушај, ајде да те запознаам со некои мои другари. Што велиш да седнеме на пијачка?

## ПОЛИТИКАТА ПО ДОБИВАЊЕТО МОЌ

Еден од најголемите проблеми во почетокот на секоја организација е, често пати, тоа дека луѓето не знаат што сакаат. Ова откритие, во организаторот го буди оној внатершен сомнеж кој го споделуваат многумина, за тоа дали народните маси се компетентни да донесуваат одлуки за едно демократско општество. Тоа што јавно изразуваме верба во луѓето, а внатре во себе силно се сомневаме дека на луѓето може да им се верува, претставува шизофренија на слободното општество. Овие сомнежи можат да ја уништат ефективноста и на најкреативниот и најталентираниот организатор. Многупати, контактот со групи кои имаат мали примања не разгорува ентузијазам за политичка апотеоза на демократијата. Ова разочарување делумно се должи на тоа што имаме романтизирана слика за сиромашните, на ист начин како што романтизираме други делови на општеството, а делумно и затоа што секогаш кога зборувате со некои луѓе се соочувате со клишеа, со разни површни, стереотипни одговори и општ недостиг на информации. Ако во црнечко гето прашате: „Што не чини?", ќе ви кажат: „Па, училиштата се сегрегирани". „Што мислите дека треба да се направи за да има подобри училишта?" „Па, треба да се десегрегираат". „Како?" „Па, некако". А ако речете дека не знаете, тогаш недостигот на знаење или неспособноста на вашиот соговорник ќе се покаже во форма на дефанзивна, непријателска рекација: „Вие, белите, сте одговорни што воопшто има сегрегација. Ние не ја создадовме. Затоа е тоа ваш проблем, не наш. Вие ја започнавте, вие прекинете ја". Ако ја продолжите расправата прашувајќи: „А, што друго не чини во училиштата?", ќе добиете одговор: „Зградите се стари, учителите се лоши. Мора да има промени". „Добро, а каков вид промена?" „Па, сите знаат дека работите мора да се променат". Обично, ова е крај на разговорот. Ако продолжите да туркате и понатаму, повторно ќе дојдете до непријателска, одбранбена реакција или до повлекување, кога ќе ви речат дека всушност заборавиле дека требало да одат некаде на друго место.

Прашањето кое не им е јасно на организаторите, мисионерите, едукаторите и на секој аутсајдер, е дека ако луѓето немаат моќ да променат лоша ситуација, тие едноставно *не размислуваат за тоа*. Зошто да почнеш да размислуваш како да потрошиш милион долари,

ако немаш милион долари, и никогаш нема да имаш – освен ако не сакаш да фантазираш?

Откако луѓето ќе се организираат за да имаат моќ да прават промени, кога ќе се соочат со конкретни прашања за некоја промена, ќе почнат да размислуваат и да поставуваат прашања за тоа како да ја направат промената. Ако учителите во училиштата не чинат, тогаш што подразбираме под лош учител? Што е добар учител? Како да добиеме добри учители? Кога велиме дека нашите деца не разбираат за што им зборуваат учителите, а нашите учители не разбираат за што зборуваат децата, тогаш се прашуваме како може да се воспостави комуникација. *Зошто* не можат учителите да комуницираат со децата и обратно. Кои се причините за проблемот? Зошто учителите не разбираат кои се вредностите во нашето соседство? Што да направиме за да разберат? На површина почнуваат да испливуваат сите овие, а и многу други чувствителни прашања. Луѓето почнуваат да размислуваат за своите проблеми само кога имаат вистинска можност да дејствуваат и да ги менуваат условите – тогаш ја покажуваат нивната компетентност, ги поставуваат вистинските прашања, земаат специјален професионален совет и бараат одговори. Тогаш почнувате да сфаќате дека верувањето во луѓето не е само романтичен мит. Но, овде увидувате дека прв предуслов за комуникација и образование е луѓето *да имаат причина* да знаат. Токму создавањето на инструментот или околностите на моќта е она што ја дава причината и го прави знаењето неопходно. Запомнете, исто така, дека немоќните луѓе нема да бидат целисходно љуботпитни за животот и дека тогаш тие престануваат да живеат.

Друга работа која доаѓа со искуството е знаењето дека решавањето на некој поединечен проблем ќе донесе друг проблем. Организаторот можеби го знае ова, но не го спомнува; ако го спомне, ќе предизвика и ќе се соочи со чувство на залудност кај другите. „Зошто да се мачиме да го правиме ова, ако тоа значи нов проблем? Се бориме и победуваме, а што сме добиле? Ова нема никаква смисла".

Тој знае дека работите за кои сега се бориме како да се работи за живот и смрт, наскоро ќе бидат заборавени, а променетите ситуации ќе ги сменат желбите и проблемите. Вообичаено е политиката да биде производ на моќта. Почнуваш да градиш моќ за определена програма – но, штом се формира малку моќ, програмата се менува. Типичен пример за ова е реакцијата на лидерите од Вудлон.

На почетокот на организирањето на црнечкото гето Вудлон, имаше пет главни прашања во врска со урбаната обнова и сите беа фокусирани на тоа да се сопре Универзитетот во Чикаго, кој се наоѓаше во непосредна близина, да го урне гетото со булдужери. Организацијата Вудлон брзо се здоби со моќ и извојува низа победи. Осум месеци подоцна, градот Чикаго објави нова политика за урбаната обнова. Дента, лидерите на Организацијата Вудлон упаднаа во мојата канцеларија гневно осудувајќи ја објавата: „На градот ова не смее да му помине – што се замислуваат тие? Ќе ставиме барикади на нашите улици – ќе се бориме!“ За време на целата таа тирада, ниеден од гневните лидери не забележа дека со новата градска политика се усвојуваат сите пет барања заради кои беше формирана Организацијата Вудлон. Тогаш се бореа за хамбургер, сега сакаа бифтек; така оди тоа. А, зошто да не?

Организаторот знае дека животот е море од желби кои се менуваат, од променливи елементи, од релативност и несигурност, но сепак тој мора да остане во рамките на искуството на луѓето со кои работи и да дејствува преку специфични решенија и одговори, со дефинитивност и сигурност. Ако прави поинаку, тоа значи душење на организацијата и акцијата, затоа што она што организаторот го прифаќа како несигурност, луѓето ќе го доживеат како ужасен хаос.

Во првите денови организаторот истапува во првите редови при секоја ризична ситуација, во која моќта на естаблишментот може некого да лиши од работа, да побара наплата на задоцнети сметки или некоја друга форма на одмазда, делумно затоа што овие опасности може да предизвикаат повлекување голем број локални луѓе од конфликтот. Тука организаторот служи како заштитен штит: ако нешто тргне наопаку, тоа е негова вина, тој е одговорен. Ако се успешни, сите заслуги одат кај локалните луѓе. Во раните стадиуми, тој дејствува како септичка јама – ги собира сите гомна. Подоцна, како што се зголемува моќта се намалуваат ризиците, а луѓето постепено излегуваат во првите редови и ги преземаат ризиците. Ова е дел од процесот на растење и на лидерите на локалната заедница и на организацијата.

Организаторот мора да ги знае и да има чувство за сенките околу него во првите денови што ги минува во заедницата. Една од сенките е дека речиси е невозможно луѓето целосно да разберат една сосема

нова идеја – а уште помалку да се држат до неа. Како што дискутиравме погоре, стравот од промена е еден од нашите најдлабоки стравови, па секоја нова идеја мора барем да биде изразена со јазикот на минатите идеи; честопати, таа мора најпрвин да биде разредена со трагите од минатото.

## РАЦИОНАЛИЗАЦИЈА

Значи, една голема сенка што на почетокот се надвиснува над обидите за организирање е рационализацијата. Секој има причина или рационализација за она што го прави, односно не го прави. Без оглед за што се работи, секое дејство си носи своја рационализација. Еден од политичките лидери на Чикаго, познат во целата земјата по неговото користење на „бугарскиот воз" и повеќекратното гласање, еднаш ми упати тирада, добро зачинета со алкохол, за тоа како јас сум бил нелојален Американец. На крајот извика: „А ти Алински! Кога ќе дојде големиот ден за Америка, денот на изборите – денот на правото на глас, за кој нашите предци се бореа и умираа – на тој голем ден, тебе толку не ти е грижа за твојата земја што никогаш не си се ни потрудил да гласаш повеќе од еднаш!"

Кога се организира нешто, мора да се има предвид огромната важност на тоа да се разбере улогата што на масовна основа ја има рационализацијата – таа е слична на функцијата на индивидуална основа. На масовна основа, рационализацијата се состои во оправдувањето на жителите на заедницата и на лидерите за тоа зошто не успеале да направат ништо сè дури не се појавил организаторот. Тоа е првенствено потсвесно чувство дека организаторот ги потценува, се прашува зошто не биле, така да се каже, доволно мудри и бистри да сфатат дека преку организирање и обезбедување моќ можеле да решат многу од проблемите со кои живееле со години – зошто требало да чекаат тој да се појави? Со оваа мисла во нивните глави, тие даваат цела серија аргументи против разни организациски процедури, но тоа не се вистински аргументи, туку се, едноставно, обиди да се оправда фактот дека воопшто не се помрднале ни организирале во минатото. На повеќето луѓе ова им е неопходно, не само за да се оправдаат пред организаторот, туку и пред себе самите.

Ова што ние тука го нарекуваме „рационализации“, психијатрите кај индивидуата тоа би го нарекле „одбрани“. Пациентот има серија на одбрани, низ кои треба за време на терапијата да се пројде за да се стигне до проблемот – со кој, потоа, пациентот е приморан да се соочи. Бркањето рационализации е како да се обидувате да го најдете виножитото. Рационализациите мора да се препознаат како такви, за да не падне организаторот во стапицата на комуникациските проблеми или да ги третира како реални ситуации.

Еден екстремен пример за ова, но пример кој многу јасно ја покажа природата на рационализацијата, датира од пред три години, кога се сретнав со разни лидери на канадските Индијанци на северот на една канадска провинција. Таму бев на покана на овие лидери, кои сакаа да зборуваат за своите проблеми и бараа мој совет. Проблемите на канадските Индијанци се многу слични на проблемите на американските Индијанци. Тие живеат во резервати, во релативна смисла се сегрегирани и жртви се на сите општи дискриминаторски практики на кои се подложени Индијанците откако белците ја зазеле Северна Америка. Во Канада, пописните бројки на индијанското население се движат од 150.000 до 225.000, во рамките на вкупната популација која се проценува некаде помеѓу 22 и 24 милиони.

Разговорот започна со тоа што јас предложив општиот пристап да биде тој Индијанците да се здружат, да ги надминат сите племенски поделби и да се организираат. Поради нивниот релативно мал број, сметав дека тие потоа треба да работат со различни сектори на белото либерално население, да ги придобијат како сојузници и потоа да почнат да се движат во национални рамки. Веднаш бев дочекан со рационализации. Дијалогот се одвиваше на следниов начин (треба како вовед да кажам дека беше мошне очигледно што се случува, бидејќи од начинот на кој Индијанците се гледаа меѓусебно ми беше јасно дека си мислеа: „Го поканивме овој бел организатор од јужната страна на границата да дојде тука и тој ни вели да се организираме и да ги направиме овие нешта. Тој мора да си мисли: „Што ви е вам, Индијанци, што сте седеле тука двесте години и не сте се организирале да ги направите овие работи?“ И значи почна вака):

ИНДИЈАНЦИТЕ: Значи, не можеме да се организираме.

ЈАС: Зошто не можете?

ИНДИЈАНЦИТЕ: Затоа што тоа е начин на кој работат белците.

ЈАС: (решив да прејдам преку ова, иако очиглено не беше вистина, бидејќи човештвото се организира од памтивек, без оглед на расата или бојата на кожата, секогаш кога имало желба за промени): Не разбирам.

ИНДИЈАНЦИТЕ: Па, види, ако се организираме, значи треба да излеземе и да се бориме онака како што вие ни кажувате да се бориме, а тоа значи дека ќе нè корумпира културата на белиот човек и ќе ги загубиме нашите вредности.

ЈАС: Кои се тие вредности што ќе ги загубите?

ИНДИЈАНЦИТЕ: Па, има разни вредности.

ЈАС: На пример, кои?

ИНДИЈАНЦИТЕ: Па, на пример, креативниот риболов.

ЈАС: Што ви е тоа креативен риболов?

ИНДИЈАНЦИТЕ: Креативен риболов.

ЈАС: Ве чув и првиот пат. Што е креативен риболов?

ИНДИЈАНЦИТЕ: Па, белците кога одат на риболов, тие само одат и ловат риба, нели?

ЈАС: Да, веројатно е така.

ИНДИЈАНЦИТЕ: Е, а ние кога одиме на риболов, ние ловиме риба креативно.

ЈАС: Аха. Веќе трет пат го спомнувате тоа. Што е тој креативен риболов?

ИНДИЈАНЦИТЕ: Па, прво и основно, ние кога одиме на риболов, бегаме од сè. Одиме длабоко во шумите.

ЈАС: Па и ние белците не одиме на Тајмс сквер да ловиме риби.

ИНДИЈАНЦИТЕ: Да, но друго е кај нас. Кога одиме таму, ние сме надвор на водата и може да се слушне како брановите удираат по дното на кануто, се слушаат и птиците на дрвјата и шушкањето на лисјата – ме разбираш што сакам да кажам?

ЈАС: Не, не разбирам што сакаш да кажеш. И мислам дека е тоа само куп лајна. Вие верувате во тоа?

Ова предизвика шокираност и молк. Треба да се напомне дека јас тука не бев профан од чиста желба да бидам профан, јас тоа го правев со определена цел. Да одговорев на тактички начин, велејќи: „Не можам сосема да разберам на што мислиш“, ќе се вртевме околу реториката уште месец дена. Тука профаноста буквално стана булдожер за уривање ѕид.

Оттука преминавме на креативната социјална помош. „Креативна социјална помош“ се чинеше дека има врска со она дека „бидејќи белците им ја украле земјата на Индијанците, сите пари што им се дадени на Индијанците за социјална помош, всушност се рати од отплатата која им следува и фактички тоа воопшто не е социјална помош или добротворен прилог“. И тоа ни одзеде уште пет до десет минути, па продолживме да се расправаме околу разни „креативни“ рационализации сè додека, чекор по чекор, конечно не стасавме до темата на организирањето.

Интересно е дека дел од ова беше снимено од Националниот филмски совет на Канада, кој правеше серија документарци за мојата работа и филмот со дел од оваа епизода беше прикажан на средбата на канадските работници за развој, на која имаше и многумина од овие Индијанци. Додека одеше таа сцена, белите канадски работници за развој седеа со наведнати глави, мошне засрамени, гледајќи ги под око реакциите на Индијанците. По завршувањето на проекцијата еден Индијанец стана и рече: „Кога господинот Алински ни рече дека сме гомнари, тоа беше првпат некој белец да прозбори со нас како со еднакви – вие никогаш не би ни рекле такво нешто. Вие секогаш би рекле: ʼПа добро, го сфаќам вашето гледиште, но нешто не ми е јасноʻ и слични работи. Со други зборови, нè третирате како мали деца“.

Научете да ги откривате рационализациите, третирајте ги како рационализации и направете пробив. Не правете грешка да влегувате во конфликт со нив, како тие да се темата или проблемот со кој сакате да ги занимавате локалните луѓе.

## ПРОЦЕСОТ НА МОЌ

Од моментот кога организаторот ќе влезе во една заедница, тој живее, сонува, јаде, дише, спие само за една работа, а тоа е да ја изгради масовната база на моќта на она што го нарекува армија. Сè додека не ја изградил таа масовна база на моќта, не се судрил со ниеден голем проблем. Нема ништо што би се противставило на нешто друго. Сè додека не ги добие овие средства и инструменти на моќ, неговата „тактика“ е многу поразлична од тактиката на моќ. Поради тоа, секој чекор се движи околу една централна точка: колку луѓе ќе успее да

регрутира во организацијата, или преку ресурсите од локалните организации, цркви, услужни групи, синдикати, маалски банди или индивидуалци. Единственото прашање што го интересира е како сето тоа ќе ја зголеми моќта на организацијата. Доколку како губитник во определена акција може да придобие повеќе членови отколку како победник, тогаш победата лежи во поразот и тој ќе загуби.

Промената произлегува од моќта, а моќта доаѓа од организацијата. За да дејствуваат, луѓето мора да бидат сплотени.

Моќта е причина да се биде дел од организација. Кога луѓето прифаќаат определени религиозни идеи и сакаат да добијат моќ за да ги пропагираат нивните верувања, тие се организираат и тоа го викаат црква. Кога луѓето ќе се согласат со определени политички идеи и сакаат да добијат моќ за да ги спроведат, тие се организираат и тоа го викаат политичка партија. Истата причина ги држи заедно. Моќта и организацијата се едно исто.

Организаторот знае, на пример, дека неговата најголема задача е да им овозможи на луѓето да добијат чувство дека можат да направат нешто и иако можеби ја прифатиле идејата дека организацијата значи моќ, тие сепак мора да ја искусат таа идеја во пракса. Задачата на организаторот е да почне да гради доверба и надеж во идејата за организација и на тој начин и во самите луѓе: да остваруваат мали победи, од кои секоја ќе биде придонес во градењето на довербата и ќе го зголемува чувството дека „ако можеме олку многу да постигнме со ова што го имаме сега, замислете што сè ќе може да направиме кога ќе станеме големи и силни“. Тоа е речиси исто како да водите некој боксер на пат кон шампионската титула – мора многу внимателно и селективно да ги бирате неговите противници, сосема свесни дека определени порази ќе влијаат деморализирачки и ќе значат крај за неговата кариера. Понекогаш организаторите наоѓаат вакви знаци на очај кај луѓето кои треба да влезат во лесна борба.

Ваков пример имаше во раните фази на првата заедница што се обидов да ја организирам, Задните дворови. Ова маало беше крајно деморализирано. Луѓето немаа верба ни во себе, ни во соседите, ни во својата кауза. Ние инсценираме лесна борба. Еден од главните проблеми во Задните дворови во тоа време беше високата стапка на смртност меѓу бебињата. Неколку години пред тоа, во населбата работела медицинска клиника на Друштвото за благосостојба на

децата. Но, десетина или петнаесет години пред јас да се доселам таму, клиниката била затворена и протерана од маалото, бидејќи се ширеле приказни дека нивниот персонал делел информации за контролата на раѓање и контрацепцијата. Поради тоа, црквите ги протераа овие „агенти на ѓаволот". Но, набргу потоа на луѓето очајно им затребала детска клиника. Тие заборавиле дека самите го протерале Друштвото за благосостојба на децата од заедницата на Задните дворови.

Откако ја проверив работата, дознав дека сѐ што требаше да направиме за да ја вратиме клиниката на Друштвото за благосостојба на децата беше само да го побараме тоа од нив. Но, оваа информација ја зачував за себе. Свикавме итен состанок, од кој произлезе препораката, наша делегација да оди во седиштето на друштвото и да побараме медицинска служба. Нашата стратегија беше да не им дадеме шанса на одговорните да кажат нешто; да почнеме да лупаме силно на маса барајќи да ни се дадат медицинските услуги и *воопшто* да не им дозволиме да нѐ прекинат или да речат нешто. Единствено ќе ги пуштиме да проговорат откога ние ќе кажеме сѐ. Со оваа претпазливо одбрана индоктринација, упаднавме во седиштето на Друштвото за благосостојба на децата во централен Чикаго, се претставивме и почнавме со тирадата од милитантни барања, одбивајќи да им дозволиме да изустат што и да е. Кутрата жена цело време очајнички се обидуваше да ни каже: „Секако дека може да добиете, и тоа веднаш". Но, воопшто не доби шанса да каже што и да е и ние конечно завршивме со бура од „Не прифаќаме НЕ како одговор!" Во тој момент, таа рече: „Па, цело време се обидувам да ви кажам...", на што јас ја прекинав прашувајќи: „Дали е тоа ДА или НЕ?" Таа рече: „Па секако дека е ДА". Јас реков: „Тоа е сѐ што сакавме да знаеме". И веднаш си заминавме од таму. На враќање можеше да се слушне како дел од членовите на одборот велат: „Ете така се средуваат работите: само свикајте им и не давајте им шанса да кажат нешто. Ако ова можевме да го изведеме само ние малкумина што сме сега членови на организацијата, замислете само што сѐ можеме да направиме кога ќе имаме голема организација". (Им предлагам на критичарите кои ова ќе го оценат како трик, да размислат околу дискусијата за средствата и целите.) Организаторот истовремено извршува повеќе функции, со оглед на тоа дека анализира, напаѓа и ја нарушува преовладувачката шема на моќта. Гетото или бедното соседство што ги организира *не*

е неорганизирана заедница. Не постои нешто што може да се нарече неорганизирана заедница. Контрадикторно е да се користат еден до друг зборовите „неорганизираност“ и „заедница“: зборот заедница, самиот по себе, значи организиран, општествен живот, односно луѓе кои живеат на организиран начин. Луѓето во заедницата може да искусиле последователни фрустрации до степен кога желбата за учество се чини им атрофирала. Тие може да живеат во анонимност и да се гладни за лично признание. Може да страдаат од различни форми на сиромаштија и дискриминација. Може да ја имаат прифатено анонимноста и да ѝ се препуштиле на апатијата. Тие може се сомневаат дека нивните деца ќе наследат подобар свет. Од ваша гледна точка, тие може да имаат крајно негативна форма на постоење, но факт е дека тие се организирани во таквиот начин на живот. Наречете го организирана апатија или организирана неактивност, но тоа е формата на нивната заедница. Тие живеат според определен збир на договори, стандарди, начин на живот. Може на кратко и да се предале – но, животот продолжува во организирана форма, со определена структура на моќ, дури и ако се работи за, како што ги дефинира Торо повеќето животи, „тивко очајување“.

Затоа, ако целта ви е да ја нападнете апатијата и да ги натерате луѓето да се активираат, неопходно е да ги нападнете постоечките форми на организиран живот во заедницата. *Првиот чекор во организирање на заедницата е нејзино дезорганизирање.* Нарушувањето на моменталната организација е првиот чекор кон организирање на заедницата. Актуелните стандарди мора да бидат дезорганизирани и, доколку е возможно, да бидат заменети со нови стандарди кои ќе обезбедат можности и средства за граѓанско учество. *Целосна промена значи дезорганизација на старото и организација на новото.*

Поради ова, организаторот уште на почетокот е соочен со конфликт. Организаторот кој има за цел да го промени животот во една заедница, мора прво да ги отстрани рецидивите на огорченоста кај луѓето од заедницата, да ги разгори латентните непријателства на многу луѓе до степен на отворена манифестација. Мора да ги истражи и пронајде контроверзните и горливите теми, а не да ги избегнува, зашто доколку нема нешто контроверзно, луѓето не се доволно загрижени и мотивирани да реагираат. Употребата на придавката „контроверзно“ за да се оквалификува зборот „тема“ е бесмислено.

Не постои „неконтроверзна“ тема. Онаму каде што има договор нема проблем, проблемите произлегуваат само ако има несогласување или контроверза. Организаторот мора да поттикне незадоволство и фрустрации, да обезбеди канал во кој луѓето ќе може гневно да си ги истурат фрустрациите. Тој мора да креира механизам кој ќе биде одвод за внатрешната вина што претходната ситуација толку долго време била прифатена. Надвор од овој механизам се создава нова организација на заедницата. Но, за ова ќе зборуваме повеќе понатаму.

Главната задача е, значи, да се натераат луѓето на акција, да дејствуваат, да се ангажираат, накратко – да се развие и да се искористи неопходната моќ за ефикасно да им се противстават на постоечките форми и да ги променат. Кога оние што се проминентни во статус квото ќе се побунат и ќе ве етикетираат како „агитатор“, тие се сосема во право, бидејќи, со еден збор, тоа е вашата функција – да агитирате додека не настане конфликт.

Слична аналогија може да се пронајде во организацијата на синдикатите. Искусен синдикален организатор ѝ приоѓа на својата цел која, да речеме, се состои од организирање некоја фабрика каде работниците се слабо платени, дискриминирани и без заштита при работата. Работниците ги прифатиле овие услови како неизбежни и ја изразуваат својата деморализираност со зборовите „нема поента“. Тие лично ги презираат ваквите услови, се жалат, зборуваат за залудноста на „борбата против големците“ и генерално ѝ потклекнуваат на фрустрацијата – најчесто поради немање можност за ефикасна акција.

Влегува синдикалниот организатор или агитаторот. Започнува да „прави проблеми“ со тоа што го разгорува тој гнев, тие фрустрации и презир и ги нагласува оние специфични прашања и поплаки кои уште повеќе ја зајакнуваат контроверзата. Ја драматизира неправдата опишувајќи ги условите за работа во други фабрики во кои се работи истата работа, во кои работниците имаат далеку подобри економски придобивки и услови за работа, обезбеденост на работното место, здравствено осигурување и пензии, како и други предности за кои работниците што тој се обидува да ги организира, дотогаш воопшто и не помислиле. Како нешто исто толку важно, тој нагласува дека работниците на другите места исто така биле експлоатирани во минатото и работеле во слични услови сè додека не ја употребиле својата интелигенција и енергија за да се организираат во еден моќен

инструмент наречен синдикат и како резултат на тоа ги постигнале сите овие придобивки. Генерално гледано, овој пристап речиси секогаш резултирал со формирање нов синдикат.

Ајде да анализираме што всушност направил овој синдикален организатор. Зел група апатични работници, ги разгорел нивните незадоволства и презир на разни начини, меѓу другото и со нагласување на подобрите услови за работа што ги имаат работниците во сличните индустриски гранки. Најважно од сѐ е што покажал дека може нешто да се направи и дека постои конкретен начин како да се постигне тоа, начин што е веќе докажан како ефикасен и успешен: дека преку здружување во синдикат, тие ќе ја имаат моќта и инструментот со кој ќе можат да ги направат овие промени. Тој сега има работници кои се членови на синдикатот и кои ја поддржуваат неговата програма. Никогаш не смееме да заборавиме дека сѐ додека нема можност или метод да се направи промена, бесмислено е да ги анимирате луѓето или да ги разгневувате, не оставајќи им на тој начин никаква насока за акција освен да се изнервираат.

Така, синдикалниот организатор симултано создава конфликт и гради структура на моќта. Војната меѓу синдикатот и менаџментот завршува или со штрајк или со преговори. И двата метода подразбираат употреба на моќ, имено, економската моќ на штрајкот или заканата со него, која резултира со успешни преговори. *Никој не може да преговара без моќта да принуди на преговори*. Токму тоа е функцијата на синдикалниот организатор. Сѐ друго е само празно фантазирање без мислење. Да се обидувате да дејствувате врз база на добра волја наместо врз база на моќ значи да се обидувате нешто што светот досега не го доживеал.

На почеток, првата задача на организаторот е да креира прашања или проблеми. Звучи лудо да се рече дека една заедница како што се сиромашните гета, па дури и населбите во кои живее средната класа, немала пред тоа проблеми. На читателот оваа изјава може да му се стори налудничава, особено во однос на сиромашните заедници. Едноставен факт е дека луѓето од која и да е заедница, без оглед колку е сиромашна, може да имаат сериозни проблеми – но тие немаат проблематични прашања, имаат лоша средина. Проблематично прашање е нешто во врска со кое можеш нешто да направиш, но сѐ додека се чувствуваш немоќен и неспособен да направиш нешто во

врска со него, ти останува само лошата средина. Луѓето се повлекуваат во следнава рационализација: таков е светот, суров, ние не сме барале да бидеме во него, но тука сме заглавени и единствено што може да направиме е да се надеваме дека нешто ќе се случи некаде, некако, некогаш. Ова е она што обично се нарекува апатија, за кое зборувавме погоре – дека политиката ја следи моќта. Преку акција, убедување и комуникација, организаторот става јасно до знаење дека организацијата ќе им даде моќ, способност и сила со кои ќе можат да се соочат со тие конкретни проблеми. Тогаш лошата средина почнува да се распаѓа на специфични проблематични прашања, бидејќи сега луѓето можат да сторат нешто за да ги решат. Организаторот всушност ги претвора поплаките во проблеми. Прашањето е дали да го направат тоа вака или онака и дали да го направат целото или само делумно. Но, важно е дека сега имаат проблематични прашања.

Организацијата произлегува од овие прашања, а тие прашања произлегуваат од организацијата. Тие две нешта одат заедно, неизоставно се придружуваат едно со друго. Организациите се градат врз прашања кои се специфични, непосредни и остварливи.

Една организација мора да се темели врз многу прашања. Нејзе ѝ е потребна акција како што на индивидуата ѝ е потребен кислородот. Престанокот на дејствување води кон пропаст на организацијата преку фракционерство и неактивност, преку дијалог и конференции кои се всушност форма на смртна вкочанетост, а не на живот. Невозможно е да се одржува постојана акција во врска со едно исто прашање. Имањето само едно прашање е фатална лудачка кошула која ќе ѝ го задуши животот на организацијата. Понатаму, имањето само едно прашање драстично ја ограничува привлечноста на организацијата, додека мноштвото прашања ќе привлечат многубројни потенцијални членови, клучни за градењето широка, масовна организација. Секој човек има хиерархија на желби или вредности; може да сочувствува со вашето единечно прашање, но не мора да биде доволно заинтересиран за да преземе акција и да се бори за него. Многу прашања значат многу членови. Заедниците не се економски организации како синдикатите, со специфични економски прашања – тие се комплексни како што е и самиот живот.

Ако сакате да организирате некоја заедница, мора да сфатите дека во едно високо мобилно, урбанизирано општество, зборот „заедница" значи заедница на интереси, *не* физичка заедница. Исклучок се

етничките гета, каде сегрегацијата резултирала со физичка заедница која коинцидира со интересите на нивната заедница, или политички области за време на политички кампањи, кои се утврдени врз база на географска демаркација.

Луѓето се гладни за драма и авантура, за животна искра во монотоната и тмурна егзистенција. Еден од бројните стрипови во мојата канцеларија покажува двајца стенографи кои цвакаат мастика и излегуваат од кино. Едниот му вели на другиот: „Знаеш што, седи. Знаеш во што е проблемот со животот? Нема никаква музика во заднина/фон".

Но, се работи за нешто повеќе од тоа. Се работи за очајничка потрага по личен идентитет – да им кажеш на другите луѓе дека си барем жив. Да земеме еден обичен случај во гетото. Некој човек живее во мизерна колиба. Ниту познава некого, ниту некој го познава него. Не му е гајле за никого, бидејќи никому не му е гајле за него. Во трафиката кај аголот има весници на чии насловни страници има слики на луѓе како градоначалникот Дејли и други луѓе од еден поинаков свет – свет што тој не го познава, свет кој не знае дека е тој воопшто жив.

Кога нему ќе му пријде организаторот, дел од она за што се комуницира е дека преку организацијата и нејзината моќ тој ќе добие доживотна потврда дека е роден, дека ќе стане познат, дека работите ќе се променат од сивилото на животот во кој досега се менувал само календарот. Може лесно да се случи истиот тој човек да учествува на демонстрации пред градската куќа и да му се противстави на градоначалникот со зборовите: „Господине градоначалник, преку глава ни е веќе од сево ова и повеќе нема да го трпиме". Телевизиските камермани веднаш го ставаат микрофонот пред него и го прашуваат: „Како се викате, господине?" „Џон Смит". Никој дотогаш не го прашал како се вика. Потоа следи: „Што мислите за ова, господине Смит?" Никој дотогаш не го прашал што мисли за ниедна работа. Наеднаш тој е жив! Ова е дел од авантурата, дел од она што им е многу важно на луѓето при вклучувањето во организациски активности и она за кое му зборува организаторот. Не значи дека секој член ќе си го каже името на телевизија – тоа е бонус – но, поради тоа што работи заедно во група, за прв пат она за коешто работи ќе има некакво значење.

Да видиме што е тоа што се нарекува *процес*. *Процесот* ни кажува *како*. *Целта* ни кажува *зошто*. Меѓу нив академски се повлекува линија, но во реалноста ти си дел на еден континуум. Процесот и

целта се толку сплотени меѓу себе што е невозможно да се каже каде завршува едното, а започнува другото, или кое е кое. Самиот процес на демократско учество има многу повеќе врска со исполнување на целите на организацијата, отколку со расчистување на улиците. Процесот е всушност целта.

Во сето тоа, постојана ѕвезда водилка на организаторот му се зборовите: „Достоинството на индивидуата". Работејќи со овој компас, тој набргу открива многубројни аксиоми на ефикасното организирање.

Ако го почитувате достоинството на индивидуалецот со кој соработувате, тогаш она што е важно и мора да се следи се неговите желби, а не вашите, неговите вредности, а не вашите, неговиот начин на работа и борба, а не вашиот, неговиот избор на лидери, а не вашиот, неговата програма, а не вашата; освен доколку неговата програма не ги загрозува високите вредности на слободното и отворено општество. Земете го, на пример, прашањето: „Што ако програмата на локалните жители ги навредува правата на другите групи по основа на раса, религија, економски статус или политички погледи? Дали оваа програма треба да се прифати само затоа што е нивна програма?" Одговорот е категорично НЕ. Никогаш не заборавајте дека „ѕвездата водилка е 'достоинството на индивидуата'". Ова е целта на програмата. Очигледно, секоја програма која им се противставува на луѓето на расна, верска, идејна или економска основа е антитеза на фундаменталното достоинство на индивидуата.

На луѓето им е тешко да поверуваат дека навистина им го почитувате достоинството. На крајот на краиштата, тие познаваат мал број луѓе, вклучувајќи ги тука и нивните сопствени соседи, кои ги почитуваат. Но, исто толку е тешко за вас да се откажете од онаа мала слика за Господ создадена според нашиот сопствен лик, која се крие во секој од нас и ни кажува дека потајно веруваме дека знаеме што е најдобро за луѓето. Успешниот организатор научил емотивно и интелектуално да го почитува достоинството на луѓето со кои соработува. На тој начин, колку што е ефикасното организациско искуство едукативен процес за организаторот, толку е и за луѓето со кои тој работи.

И тој и тие мора да се научат да го почитуваат достоинството на индивидуата и да научат дека според последните анализи, ова е основната цел на организацијата, бидејќи учеството е срцето на демократскиот начин на живот.

Кога го почитуваме достоинството на луѓето, знаеме дека не може да им се негира основното право целосно да учествуваат во процесот на решавање на нивните проблеми. Самопочитувањето се раѓа само кај луѓето кои играат активна улога во решавање на нивните кризи и кои не се беспомошни, пасивни, марионети-корисници на приватни или јавни услуги. Да им се помогне на луѓето, истовремено негирајќи го нивниот значаен удел во потребната акција, не придонесува за развојот на индивидуата. Во најдлабоката смисла, не се работи за давање, туку за одземање, одземање на нивното достоинство. Негирањето на можноста за учество е негирање на човечкото достоинство и демократијата. Тоа нема да функционира.

Во *Будење на радикалите*, опишав еден инцидент во кој владата во Мексико еднаш решила да им оддаде почит и признание на мексиканските мајки. Била издадена прокламација дека на секоја мајка чија машина за шиење била заложена во Монте де Пиедад (националната заложилница во Мексико), истата треба да ѝ биде вратена како подарок за Денот на мајките. Одлуката предизвикала огромна радост. Тоа бил подарок кој целосно се реализирал без какво и да е учество од страна на примачите. *За помалку од три недели, сосема ист број машини за шиење повторно се нашле во заложилницата.*

Друг таков пример среќаваме во изјавата на делегатот во ОН од Либерија. Анализирајќи ги проблемите на Либерија, тој нагласил дека неговата нација била лишена од „бенефициите на колонијалното историско минато“. Реакциите на печатот биле зачуденост и исмевање, но изјавата покажува знаење и мудрост. Луѓето од Либерија никогаш не биле експлоатирани од колонијалните сили, никогаш не биле приморани да се здружат и лично да се жртвуваат во борба за слобода. Ним им била дадена „слобода“ по формирањето на нивната нација. Дури и на слободата, кога е подарок, ѝ недостасува достоинство; оттаму потекнува и политичката стерилност на Либерија.

Или, како што вели господинот Дули на Финли Питер Дан*:

> Не барајте права. Земете си ги. И не дозволувајте
> никој да ви ги нуди. Право кое е дадено
> без цена има некаква заднина.
> Најверојатно е некоја прикриена неправда.

* Finley Peter Dunne (1867-1936), сатиричен писател и новинар од Чикаго, автор на серијата политички ангажирани скечеви *Господинот Дули во војна и мир* (*заб. на ред.*).

Организацијата треба да се употреби како едукативен механизам во секоја можна смисла, но како образование, а не како пропаганда. Вистинското образование е средството со кое членството ќе почне да го сфаќа нивниот однос како индивидуи со организацијата и со светот во кој живеат, при што ќе можат да донесуваат информирани и интелигентни одлуки. Течењето на активности и програми на организацијата обезбедува бесконечни серии на *специфични прашања* и ситуации со кои се креира богато поле за едукација.

Грижата и конфликтот за секое специфично прашање води до забрзано зголемување на областите од интерес. Компетентните организатори треба да ги препознаат овие можности. Без едукативен процес, изградбата на организација станува обична замена на една група на моќ со друга.

# ТАКТИКИ

***Или ќе најдеме пат, или ќе го направиме.***

**— Ханибал**

ТАКТИКА ЗНАЧИ да се направи она што може да се направи со она што се има. Тактики се оние свесни и намерни дејства со чија помош човечките суштества живеат заедно и се снаоѓаат во светот околу нив. Во светот на давање и земање, тактиките се уметноста како да се земе и како да се даде. Овде, нашето внимание е на тактиката за земање; како безимотните може да им ја земат моќта на имотните.

Како елементарна илустрација за тактика, земете делови од своето лице, очите, ушите и носот, да ви бидат точки за ориентација. Прво очите: ако сте организирале голема, масовна народна организација, можете видно да парадирате со неа пред непријателот и отворено да ја покажете вашата моќ. Второ, ушите: ако организацијата ви е малобројна, тогаш направете како Гидеон: скријте си ги членовите во темницата, но кревајте голема врева и викотници поради што слушателот ќе помисли дека организацијата ви е многу побројна отколку што навистина е. Трето, носот: Ако организацијата ви е премногу мала дури и за кревање врева, засмрдете го местото.

Никогаш не заборавајте го првото правило на тактиката на моќта:

*Моќта не се состои само од она што го имате, туку и од она што вашиот непријател мисли дека го имате.*[12]

Второто правило гласи: *Никогаш не одете надвор од искуството на своите луѓе.* Кога некоја акција или тактика е надвор од искуството на луѓето, резултатот е конфузија, страв и повлекување. А како што веќе кажавме, тоа, исто така, значи и колапс на комуникацијата.

[12] Моќта отсекогаш прозлегувала од два главни извори, парите и луѓето. Бидејќи немаат пари, безимотните мора да градат моќ од својата крв и пот. Масовното движење се изразува себеси со масовни тактики. Безимотните отсекогаш морале да се борат со стапови против финесите и софистицираноста на статус квото. Во Италија на почетокот на ренесансата, боите во картите за играње прикажувале меч (пик) за благородништвото (зборот *spade* [пик] е модификација на италијанскиот збор за меч), пехар (кој потоа станал срце) за клирот, дијамант (каро) за трговците и стап (треф) како симбол за селаните.

Третото правило гласи: *Секогаш кога е тоа можно, излезете надвор од искуството на непријателот.* Овде треба да предизвикате конфузија, страв и повлекување.

Генералот Вилијам Т. Шерман[*], чие име сè уште предизвикува жестока реакција низ целиот Југ, претставува класичен пример за излегување надвор од искуството на непријателот. Пред Шерман, воените тактики и стратегии биле засновани на стандардни шеми. Сите армии имале фронтови, заднини, крила, линии за комуникација и линии за снабдување. Воените походи биле насочени кон стандардни цели како што се нападот врз крилото на непријателот, прекинување на каналите за снабдување или линиите за комуникација или обиколување за да се нападне одзади. Кога Шерман тргнал самостојно на неговиот познат Марш до морето, тој немал ни фронт, ни заднина, ни канали за снабдување, ни какви и да е други линии. Тој бил на свое и живеел од земјата. Југот, соочен со оваа нова форма на воена инвазија, реагирал со збунетост, паника, ужас и колапс. Шерман однел неизбежна победа. Тоа била истата онаа тактика која многу години подоцна, во првите денови на Втората светска војна, ја користеле нацистичките панцер тенковски дивизии при нивните длабински упади на непријателска територија, како што правел и нашиот генерал Патон со американската Трета оклопна дивизија.

Четвртото правило гласи: *Натерајте го непријателот да биде доследен на сопствена книга на правила.* Со тоа може да ги убиете, бидејќи тие можат да ги почитуваат своите правила исто колку што христијанската црква може да живее согласно со христијанството.

Четвртото правило во себе го носи петтото правило: *Исмевањето е најмоќното оружје на човекот.* Против исмевањето речиси и да е невозможен противнапад. Тоа, исто така, и ја збеснува опозицијата, која потоа реагира во ваша корист.

Шестото правило гласи: *Добра тактика е онаа во која вашите луѓе уживаат.*[13] Ако вашите луѓе не се забавуваат додека ја спроведуваат, тогаш нешто не е во ред со тактиката.

---

[*] William T. Sherman (1820-1891), генерал во северната Армија на унијата за време на Американската граѓанска војна, познат како воен стратег кој водел „тотална војна“ против војската на Југот (*заб. на ред.*).

[13] „Алински со задоволство на иконокласт ужива во клоцањето на најголемите задници во градот и тоа е спорт на кој тешко му се одолева...“ Вилијам Ф. Бакли, *Chicago Daily News,* 19 октомври 1966 год.

Седмото правило: *Тактиката која предолго се влечка, станува товар.* Човек може да одржи милитантен интерес за некое прашање само во строго ограничен временски период, потоа тој се претвора во ритуалистичка посветеност, како одењето во црква во недела наутро. Постојано се создаваат и се развиваат нови прашања и нови кризи, а реакцијата на човекот станува: „Срцето ме боли за тие луѓе и целосно го поддржувам бојкотот, но сепак, во животот има и други битни работи“ – и тоа така завршува.

Осмото правило: *Одржувај го притисокот,* со различни тактики и акции и користи ги сите актуелни настани за твојата цел.

Деветто правило: *Заканата е обично пострашна од самата работа.*

Десетто правило: *Главната премиса за тактиките е развивањето операции кои ќе одржуваат постојан притисок врз противникот.* Токму овој непрекинат пристисок резултира со реакциите од страна на противникот кои се есенцијални за успехот на кампањата. Не смее да се заборави дека акцијата е во реакцијата, но исто така и дека самата акција е последица од реакцијата и од реакцијата на реакцијата и така до бескрај. Притисокот ја произведува реакцијата, а постојаниот притисок ја одржува акцијата.

Единаесеттото правило гласи: *Ако доволно силно и длабоко го туркаш негативното, тоа ќе премине во својата спротивност;* ова се заснова на принципот дека секоја позитивност има своја негативност. Веќе го видовме претворањето на негативното во позитивно во развивањето на тактиката за пасивен отпор на Махатма Ганди.

Една корпорација против која се бевме организирале, одговори на континуираната примена на притисок со тоа што провалија во мојот дом, а потоа ги искористија клучевите земени при провалата за да провалат во канцелариите на Фондацијата индустриски области каде што работам. Од природата на овие провали јасно се гледаше дека оваа корпорација е во паника, затоа што ни во една од провалите не беше земено нешто што би укажало дека крадците биле заинтересирани за вообичаениот плен – тие ја однеле само документацијата што се однесуваше на корпорацијата. Дури и најаматерскиот провалник ќе имал повеќе осет отколку што имала приватната детективска агенција најмена за тоа од страна на корпорацијата. Полициските управи во Калифорнија и Чикаго се согласија дека „изгледаше како корпорацијата просто насекаде по местото да оставила отисоци“.

Во борба речиси сè е дозволено. Безмалку се доаѓа до точка кога запираш да се извиниш ако случајно зададеш удар *над* појасот. Кога некоја корпорација ќе направи грешка како оваа што провали во мојот дом и канцеларија, мојата видлива реакција е шок, ужас и морален бес. Во овој случај, обзнанивме дека порано или подоцна ќе се соочи со ова кривично дело како и со низа други злоупотреби пред Поткомитетската истрага во Сенатот на САД. Откако ќе положиме заклетва и ќе добиеме имунитет од конгресот, ќе ги обзнаниме овие активности. Оваа закана, плус фактот дека имаше обид за мое убиство во Јужна Калифорнија, ја стави корпорацијата во ситуација да биде сомнителна пред јавноста доколку бидам убиен. Во еден момент, се најдов во мотел со триесет соби од кои сите освен мојата беа зафатени со луѓето од нивното обезбедување. Ова стана уште едно сениште што ќе ја прогонува корпорацијата и што и понатаму ќе го одржува притисокот врз нив.

Дванаесеттото правило: *За да биде нападот успешен, потребно е да се има конструктивна алтернатива.* Не смеете да ризикувате да паднете во замката на противникот кога тој одненадеж ќе се согласи со вашите барања, велејќи: „Во право сте – не знаеме како да го решиме овој проблем. Ајде, вие кажете ни“.

Тринаесеттото правило: *Одберете цел, фиксирајте ја, персонализирајте ја и поларизирајте ја.*

Во тактиките за конфликти постојат определени правила кои организаторот треба секогаш да ги смета за универзални. Едно е тоа дека противниците треба да се издвојат како цел и да се „фиксираат“. Со ова сакам да кажам дека во комплексното, исповрзано, урбано општество, станува сè потешко да се издвои виновникот за некое конкретно зло. Вината постојано, и донекаде легитимно, се префрла на друг. Во овие времиња на урбанизација, комплексни велеградски власти, комплекности на големите испреплетени корпорации и поврзување на политичкиот живот меѓу градските, регионалните и метрополските власти, проблемот кој сè повеќе се заканува да се испречи пред нас е идентификувањето на непријателот. Очигледно е дека нема поента од тактика доколку немате цел кон која би ги упатиле нападите. Еден од големите проблеми е постојаното префрлање на одговорностите од една јурисдикција во друга – еден по еден, сите поединци и служби се оградуваат од одговорноста за конкретни

состојби, префрлајќи ја надлежноста за секоја промена на некоја друга институција. Во корпорациите ја имате ситуацијата кога претседателот на корпорацијата вели дека тој не е одговорен и дека тоа зависи од одборот на доверители или одборот на директори, одборот на директори може да ја префрли одговорноста врз сопствениците на акции итн. Истото се случува, на пример, и при именувањето членови во Советот за образовани на градот Чикаго, каде што еден вонправен комитет е овластен да врши избор од номинираните членови за советот, а потоа градоначалникот ги користи своите законски права да избере имиња од нивниот список. Кога ќе го нападнат градоначалникот затоа што на списокот нема ниеден црнец, тој ја префрла одговорноста на комитетот, посочувајќи дека тој треба да ги избере имињата од список што му го поднесува комитетот, а ако списокот е составен само од белци, тој нема никаква одговорност за тоа. Комитетот може да ја префрли одговорноста назад, посочувајќи дека градоначалникот е тој кој е овластен да ги избира имињата, и тоа така продолжува во стилот „кој прв почна", односно „под кое кибритче е скриено топчето", кој би бил комичен да не беше всушност трагичен. Истото избегнување на одговорноста може да се најде во сите области на животот, како и во другите области на одделенијата за урбана обнова во Градскиот совет, кои велат дека одговорноста е овде, додека некој друг вели дека одговорноста е онде, градот вели дека тоа е одговорност на државата, државата вели дека тоа е федерална одговорност, а федералните власти ја враќаат топката назад на локалната заедница и така до бескрај. Треба да се има на ум дека целта секогаш се обидува да ја префрли одговорноста за да се извлече од позицијата на цел. Утврдената цел постојано се измолкнува, се движи и прави стратегија – понекогаш наменска и малициозна, а друг пат од чиста самозаштита. Силите за промена мора да го имаат ова на ум и добро да ја прицврстат целта. Ако една организација дозволи одговорноста да се разводни и да се распредели на повеќе области, нападот станува невозможен.

Точно се сеќавам на тоа дека кога Организацијата Вудлон започна со кампања против сегрегација во јавните училишта, и директорите на училиштата и претседавачот на Советот за образование жестоко негираа секаква расистичка поделба во системот на државното образование на Чикаго. Тие го застапуваа ставот дека немаат дури ни податоци за расна идентификација во нивните досиеја, па според

тоа и не знаат кои од нивните ученици се црни, а кои бели. А што се однесува до фактот дека нашите училишта се или целосно бели или целосно црни, е па тоа едноставно си е така.

Ако ни се противставеше некој политички писмен директор на училиште, тој можеби ќе одговореше: „Гледајте, кога јас дојдов во Чикаго, школскиот систем во градот беше ист како и сега, базиран на политиката на реонски училишта. Реоните на Чикаго се поделени. Има бели реони и црни реони и затоа имате бели училишта и црни училишта. Зошто ме напаѓате мене? Зошто не ги нападнете поделените реони и не ги измените?“ Поентата ќе му беше донекаде валидна. Сè уште ми поминуваат морници кога ќе помислам на оваа можност. Но, поделените реони ќе ја префрлеа топката на некој друг и повторно ќе започнеше шемата на вртење во круг – повторно ќе станеше петнаесетгодишна задача да се промени принципот на поделените населби на Чикаго. Немавме моќ да започнеме таков вид конфликт. Еден од критериумите при изборот на вашата цел е ранливоста на целта – каде имате моќ да започнете? Освен тоа, целта секогаш може да рече: „Зошто се фокусираш на мене кога и други се исто виновни?“ Кога ќе ја „фиксираш“целта, не ги земаш предвид овие аргументи и за момент не мислиш на другите кои се виновни.

Потоа како што нишаниш и ја фиксираш целта низ мушичката додека го изведуваш нападот, сите „други“ мошне брзо излегуваат на виделина. Тие стануваат видливи по нивната поддршка за целта.

Друга важна работа при избирањето цел е таа задолжително да биде персонифицирана, а не нешто општо и апстрактно како што се сегрегациската пракса на некоја заедница, на некоја голема корпорација или на градската власт. Не е возможно да се развие потребното ниво на непријателство против, да речеме, градската власт, која е сепак конкретна, физичка, нежива структура, против една корпорација, која нема ни душа ни идентитет, како ни против администрацијата на некое јавно училиште, која е исто така нежив систем.

Џон Л. Луис, лидерот на радикалната работничка организација КИО во 1930-тите, бил сосема свесен за ова и затоа КИО никогаш не го нападнала Џенерал моторс, туку секогаш го напаѓала нивниот претседател „со мраз во вените“, Алфред Слоан; тие никогаш не ја напаѓале Републичката корпорација за челик, туку само нејзиниот

претседател „со крвавите раце“, Том Гирдлер, а и ние, исто така, го напаѓавме тогашниот раководител на училишниот систем на Чикаго, Бенџамин Вилис. Не допуштајте ништо да ви го оттргне вниманието од вашата цел.

Со овој фокус доаѓа и поларизацијата. Како што кажавме и претходно, за да дојде до акција, мора да се поларизираат сите теми. Класичната изјава за поларизација ни доаѓа од Исус: „Тие кои не се со мене, се против мене“ (Лука 11:23). Тој не дозволувал неутралност за менувачите на пари во Храмот. Човек може да изгледа убедливо само ако е уверен дека сите ангели се на една страна, а сите ѓаволи на другата. Еден лидер може да се бори со одлуката и да ги премерува придобивките и негативните страни на една ситуација која е 52 проценти позитивна и 48 проценти негативна, но откако еднаш ќе донесе одлука, тој мора да верува дека неговата кауза е 100 проценти позитивна и дека опозицијата е 100 проценти негативна. Не може засекогаш да остане во средина и да ја избегнува одлуката. Не може бесконечно да ги премерува аргументите или да размислува – мора да одлучи и да дејствува. Инаку тука се зборовите на Хамлет:

> И така природната боја на одлуките
> е избледена со сенката на мислите
> и на потфатите со голем жар
> им ја менува насоката на движењето
> и тие го губат дејството.

За време на нашиот напад врз тогашниот раководител на училиштата, многу либерали потенцираа дека тој сепак не е 100 процентен ѓавол, бидејќи редовно одел во црква, бил добар семеен човек и давал несебични донации во добротворни цели. Можете ли да замислите како изгледа тоа кога во арената на конфликтот, тој и тој се обвинува дека е расистичко ѓубре, а потоа ефектот на нападот се разводнува со квалификациски забелешки од типот „тој е добар верник, несебичен донатор во добротворни цели и добар сопруг“? Тоа станува политичка будалштина.

Одлична илустрација за важноста на поларизацијата дава Рут Мекени во нејзината класична студија *Индустриска долина*, за почетоците на организирањето на работниците со гума во Акрон, Охајо:

> (Џон Л.) Луис смирено им се обрати на планинарските работници на Акрон. Тој се имаше подготвено со прецизни информации за индустријата на гума и за Гудјеар тајр и Рабер компани. Тој не зборуваше нејасно и општо, како што работниците со гума беа навикнати да слушаат од Грин (тогашниот претседател на АФТ.) Луис зборуваше со имиња и даваше бројки. Неговата публика беше вчудовидена и задоволна кога го спомна Клиф Слусер по име, го опиша и на крајот го оцрни. Лидерите на АФТ, кои порано доаѓале во Акрон, генерално добро поминуваа ако се сетеа кој беше Пол Личфилд.
>
> Говорот на Луис беше повик за борба, предизвик. Тој започна со потсетување на фактот дека компаниите за гума секогаш правеле големи профити, дури и во најтешките денови на Големата депресија. Ја спомна трудовата политика на Гудјеар и ги наведе побожните ставови на г. Личфилд за партнерството на трудот и капиталот.
>
> „Што добиле работниците на Гудјеар од порастот на компанијата?“ рече тој со својот длабок, страстен глас. Неговата публика се провртка во столчињата, слушајќи го со речиси болно исчекување.
>
> „Партнерство!“ рече со потсмев. „Па, трудот и капиталот може теоретски да се партнери, *но фактички се непријатели*“. ...Работниците со гума го слушаа ова со изненадување и голема возбуда. Вилијам Грин претходно им зборуваше за партнерството меѓу трудот и капиталот на приближно елоквентен начин како и Пол Личфилд. Пред нив беше човек кој ги преточи во зборови – и тоа елоквентни, образовани, па дури и елегантни зборови – фактите кои тие знаеја од нивното лично искуство дека се вистинити. Пред нив беше човек кој зборуваше нешто што имаше смисла за обичниот работник на машините за гума во Гудјеар.
>
> „Организирајте се!“ извика Луис и неговиот глас одекна од ѕидовите на халата. „Организирајте се!“ рече удирајќи по говорницата додека не потскокна. „Организирајте се! Одете во Гудјеар и кажете им дека сакате дел од дивидендите од тие акции. Речете им, па зар не сме партнери? Е па, не сме. *Ние сме непријатели*“.
>
> - *Вистинската акција е во реакцијата на непријателот.*
> - *Непријателот чии реакции се правилно испровоцирани и водени ќе биде вашата главна сила.*
> - *Тактиката, исто како и организацијата, или животот, бара да се движите со акцијата.*

Сцената е Рочестер, Њујорк, домот на Истмен Кодак – или поточно Истмен Кодак, домот на Рочестер, Њујорк. Рочестер е буквално под доминација на овој индустриски гигант. Некој да се бори против или

јавно да му се противстави на Кодак е сосема надвор од искуството на Рочестер. Оваа компанија до ден-денес нема синдикат на вработените.Спореден со нејзиниот однос спрема јавноста, дури и патерналистичкиот феудализам изгледа како широка демократија.

Рочестер се гордее што е еден од бисерите на американската култура; има свои библиотеки, образовен систем, универзитет, музеи, како и неговиот добро познат симфониски оркестар. Како што веќе спомнав, ние дојдовме на покана од црното гето за да ги организираме (тие буквално се беа организирале за да нè поканат). Градот беше во состојба на хистерија и страв при самото спомнување на моето име. Сè што ќе направев, беше вест. Дури и мојот стар пријател и учител, Џон Л. Луис, ми се јави и срдечно ми рече: „Го мразам фактот дека тебе те мразат во Рочестер повеќе од мене“. Тоа беа околностите.

При едно од моите први пристигнувања на аеродромот, бев опколен од новинари од медиумите. Првото прашање беше што мислам за Рочестер како град и јас одговорив: „Тоа е една голема јужна плантажа посадена на север“. На прашањето зошто се мешам во црното гето, по „сето она“ што Истмен Кодак го направил за црните (претходното лето имало крвав бунт, со Националната гарда итн.), јас бледо ги погледнав и реков: „Можеби јас сум наивен и неинформиран за она што се случувало тука, но според тоа што јас го знам, единствената работа што Истмен Кодак ја направил по прашањето на расата во Америка е воведувањето филм во боја“. Реакцијата беше шок, лутина и омраза од Кодак. Тие не беа нападнати или навредени – беа предмет на потсмев и тоа беше неподносливо. Тоа беше првата стрела фрлена кон големиот бик. Наскоро Истмен толку многу се разлути што настапи со такви обвинувања кои на крајот доведоа до неговиот пад.

Следното прашање беше за мојата реакција на жестоката лична денунцијација против мене од страна на В. Ален Волис, кој беше претседател на Универзитетот на Рочестер и тогашен директор на Истмен Кодак. Тој претходно беше шеф на Катедрата за деловна администрација при Универзитетот на Чикаго. Работеше таму кога универзитетот водеше горчлива битка со црнечката организација во Вудлон. „Волис?“ – реков. „За кој Волис зборувате – Волис од Алабама*

* Џорџ Волис (George Wallace, 1919-1998), гувернер на Алабама во 1960-тите и 1970-тите, познат по неговиот популизам и отворено повикување на расна сегрегација (*заб. на ред.*).

или Волис од Рочестер – но претпоставувам нема некоја разлика, значи, што беше прашањето?“ Овој одговор (1) внесе елемент на потсмев и (2) ги запре сите идни напади од претседателот на Универзитетот на Рочестер, кој си помисли дека ќе биде направен салата и дека средбата со мене или со моите соработници нема да биде академски дијалог.

Не заборавајте дека е можно да му се заканите на непријателот и да поминете неказнето. Можно е и да го навредите или да го изнервирате, но она што е непростливо и кое сигурно ќе го натера да изреагира е да му се смеете. Тоа предизвикува ирационален гнев.

Се двоумам дали да ги наведам специфичните примени на овие тактики. Си спомнувам на едно несреќно искуство со мојата книга *Будење за радикалите,* каде собрав реакции за определени активности и тактики применети при организирањето повеќе заедници. Откако книгата беше објавена, подолго време добивав извештаи дека некои недообучени организатори ја користеле како прирачник и секогаш кога ќе се соочеле со недоумица, се повлекувале во некој ходник или уличка за да побараат одговор на нејзините страници! Не може да има рецепт за конкретни ситуации, бидејќи ретко кога се повторува истата ситуација, исто како што не се повторува ни историјата. Луѓето, притисоците и формите на моќ се менливи вредности и секоја нивна конкретна комбинација постои само во некое определено време – а менливите дури и тогаш постојано се менуваат. Тактиката мора да се сфати како конкретна примена на правилата и принципите што ги наведов погоре. Кога оди во борба, организаторот со себе треба да ги носи *принципите.* Врз нив ја применува својата имагинација и тактички ги поврзува со конкретната ситуација.

На пример, како што веќе потенцирав повеќе пати, тактика значи да го правиш она што можеш со она што го имаш, а моќта главно гравитира секогаш кон оние кои имаат пари и кон оние кои луѓето ги следат. Ресурсите на безимотните се (1) немање пари и (2) изобилство на луѓе. Добро, да почнеме од тука. Луѓето може да ја покажат својата моќ преку гласање. Што друго? Па, луѓето имаат физички тела. Како може да ги употребат? Сега почнува да се појавува цел колаж на идеи. Употребете ја моќта на правото така што ќе го натерате естаблишментот да си ги почитува сопствените правила. Излезете надвор од искуството на непријателот, останете внатре во искуството на своите луѓе. Ставете акцент на тактиката во која ќе уживаат

вашите луѓе. Заканата е обично пострашна од самата тактика. Откако сите овие правила и принципи ќе созреат во вашата фантазија, тие прераснуваат во една синтеза.

Јас предложив да купиме 100 влезници за еден од концертите на рочестерската симфонија. Планиравме да одбереме концерт во кој музиката е релативно тивка. Оние стомина црнци кои ќе ги добиеја билетите, пред концертот ќе беа почестени во заедницата со тричасовна вечера на која ќе јадеа само грав и тоа во огромни количини, а потоа ќе појдеа во концертната сала – со очигледни последици. Замислете ја сцената кога ќе почнеше нивната акција! Концертот ќе завршеше уште пред првиот став! (Ова може да го сфатите и како фројдовско испуштање, ако сакате!)

Ајде да ја проучиме оваа тактика преку поимите наведени погоре.

Прво, вознемирувањето ќе биде сосема надвор од искуството на естаблишментот, кој ги очекува вообичаените масовни собири, улични протести, конфронтации и паради. Тие ни во сон немало да помислат дека е можен напад врз нивниот скапоцен културен бисер, славниот симфониски оркестар. Второ, целата акција ќе го исмееше и ќе направеше фарса од правото, бидејќи нема и веројатно никогаш нема ни да има закон кој ќе забранува природни физички функции. Тука би имале комбинација не само на звуци, туку и на миризби, нешто што би можело да се нарече природни смрдливи бомби. Обичните смрдливи бомби се нелегални и секој што ќе ги употреби веднаш го апсат, но тука ни полицијата, ни редарите, ни кој и да е друг меѓу слугите на естаблишментот не би можеле апсолутно ништо да направат. Законот би бил комплетно парализиран. Луѓето ќе раскажуваат што се случило во симфониската сала, а реакцијата на слушателите ќе биде валкање од смеа. Со тоа симфонискиот оркестар на Рочестер и естаблишментот би изгледале крајно смешно. Нема да има начин властите да се противстават на некој иден напад од сличен карактер. Што би можеле да направат? Да им наредат на луѓето да не јадат грав пред да одат на концерт? Да им забранат на луѓето да имаат природна нужда за време на концерт? Да му објават на светот дека концертите не смее да се прекинуваат со прдење? Таквите зборови ќе ја уништат иднината на симфониската сезона. Замислете ја тензијата при почетокот на секој концерт! Замислете го чувството на диригентот додека ја крева диригентската палка!

Со ова доаѓаат и определени кавги. Следното утро, матроните, на кои симфониската сезона им е еден од главните општествени настани, ќе им се нафрлат на своите сопрузи (извршни директори или пониски извршни службеници) за време на појадокот и ќе им речат: „Џон, нема да дозволиме *оние луѓе* да ни ја уништат нашата симфониска сезона! Не знам што сакаат да постигнат, но што и да е, нешто мора да се направи и оваа работа мора да престане!"

И на крајот, го имаме и универзалното правило дека треба да се излезе надвор од искуството на непријателот за да се предизвика забуна и страв, но тоа не смее да се прави со своите луѓе, затоа што не сакаме и нашите луѓе да бидат збунети и уплашени. Да го испитаме сега ова правило во однос на симфониската тактика. Како прво, тактиката е во рамките на искуството на локалните луѓе; таа, исто така, задоволува и едно друго правило – дека луѓето мора да уживаат во тактиката. Тука имаме амбивалентна ситуација. Реакцијата на црнците во гетото – нивното смеење кога беше предложена тактиката – јасно покажа дека тактиката, барем како замисла, беше во рамките на нивното искуство. Таа се поврза со нивната омраза спрема белците. Една работа која сите угнетени сакаат да му ја направат на својот угнетувач е да му се посерат. Тука имавме еден приближен начин тоа да се направи. Сепак, бевме исто така свесни дека кога навистина ќе се најдеа во симфониската сала, веројатно за прв пат во својот живот ќе беа седнати меѓу маса белци, од кои многумина формално облечени. Ситуацијата ќе беше толку многу *надвор од нивното искуство* што тие би можеле да се вкочанат и да се вратат во својата претходна улога. Целата идеја да го направат она заради кое дошле, би им се чинела толку засрамувачка и толку страшна што би сториле сè само да го избегнат спроведувањето на планот. Но, исто така, знаевме и дека гравот физички ќе ги натера да ја спроведат тактиката без оглед на тоа како се чувствуваат.

Морам да потенцирам дека не се работи само за тоа што се ваквите тактики симпатични; секој организатор знае дека како што некоја тактика ги надминува правилата и принципите на револуцијата, тој мора секогаш да ги анализира придобивките на тактиката за да ги утврди нејзините слаби и јаки страни во однос на истите тие правила.

Замислете ја сцената во американската судница за време на неодамнешниот чикашки процес против седумтемина поради

заговор, ако обвинетите и адвокатот анално му го иструбеа своето непочитување на судијата Хофман и на системот. Што би можел да направи судијата Хофман, или судските службеници, или кој и да е друг? За што би ги обвинил судијата, за непочитување на судот со прдење? Тоа е тактика за која нема правен преседан. Реакцијата на печатот би го обележила судијата до крајот на животот.

Друга тактика со телесна функција беше развиена во Чикаго за време на деновите на кампањата Џонсон-Голдвотер. Градот не ги исполни ветувањата кои властите ѝ ги дадоа на организацијата на гетото Вудлон. Политичката закана која првобитно ги услови овие ветувања веќе не беше во функција. Локалната организација на заедницата немаше друга алтернатива освен да го поддржи Џонсон и затоа администрацијата со која управуваа демократите почувствува дека политичката закана испарила. Тука не смее да се заборави дека не само што е битно да се изврши притисок за да се принуди естаблишментот да ја направи својата почетна отстапка, туку мора и да се одржи притисокот за да се принуди естаблишментот да ја спроведе. Вториов фактор се чинеше дека е изгубен за Организацијата Вудлон.

Бидејќи организацијата беше блокирана на политичката арена, требаше да се смисли нова тактика и нова арена.

Цел стана аеродромот Охеар*. За почеток, Охеар е најпрометниот аеродром на светот. Замислете го за момент заедничкото искуство на авионските патници. Стјуардесата ви носи ручек или вечера. По јадењето повеќето луѓе сакаат да одат во тоалет. Но тоа е честопати непријатно затоа што вашиот послужавник и послужавниците на луѓето кои седат до вас се полни со чинии. Затоа чекате додека стјуардесата не ги тргне послужавниците. За тоа време, оние кои седат најблиску до тоалетот станале и знакот „зафатено“ веќе се вклучил. Затоа вие уште чекате. А во денешно време на авионски транспорт, знакот за врзување на појасот засветува веднаш штом авионот започне да се спушта. Одлучувате да почекате додека да слетате и не ги искористите тоалетите на аеродромот. Тоа може да го забележи секој кој го набљудува пристигнувањето на патниците од разни излези на кој и да е аеродром – многу од патниците формираат редици пред машкиот или женскиот тоалет.

---

* *O'Hare International Airport* - главниот аеродром покрај Чикаго (*заб. на ред.*).

Имајќи го ова на ум, тактиката станува очигледна – ги заглавуваме тоалетите. Ставате паричка во тоалетот, влегувате и ја заклучувате вратата – може да останете таму цел ден. Затоа заглавувањето на тоалетите со веце-шолја не е проблем. Потребно е релативно мал број луѓе да влезат во тие простории, вооружени со книги и весници, да ја заклучат вратата и да ги заземат сите тоалети. Што може да направи полицијата? Да влезе на сила и да бара доказ за легитимен престој? На тој начин, женските тоалети може сосема да се заземат; единствен проблем би биле писоарите на стоење во машките тоалети. И тоа би можело, исто така, да се реши со групи кои ќе се движат наоколу по аеродромот и секогаш кога ќе пристигне некој лет, да ги окупираат писоарите со редици од четворица или петмина. Беше започнат еден разузнавачки проект за да се дознае колку веце-шолји има за мажи и за жени, и колку писоари има во целиот комплекс на аеродромот Охеар, како и колку мажи и жени се потребни за првата „сералница" на нацијата.

Последиците од ваквиот вид на дејствување би биле катастрофални на многу начини. Луѓето би биле очајни за место кај што би се олесниле. Можете да ги замислите децата како им плачат на родителите: „Мамо, морам да одам во веце" и очајничкото кревање раменици на мајките: „Добро, добро, ајде тогаш, еве, може тука". Набрзо Охеар ќе стане хаос. Целата сцена ќе стане неверојатна, а подбивот и исмевањето ќе се прошират на национално ниво. Веројатно ќе се најде на насловната страница на *Лондон ѿајмс*. Тоа би била причина за огромен срам за градската администрација. Можно е дури и да се создаде еден вид на итна ситуација во која авионите ќе мора да се задржуваат за да можат сите патници да ги искористат тоалетите во авионот.

Веста за опасноста од оваа тактика протече (тука можеби повторно имаме фројдовско испуштање и повторно не ми е гајле) во администрацијата и во рок од четириесет и осум часа, Организацијата Вудлон се најде на состанок со властите кои рекоа дека сигурно ќе ги исполнат своите ветувања и дека не им е јасно од каде им е идејата дека ветувањето дадено од страна на градското собрание на Чикаго нема да се почитува. Во ниеден момент, ни тогаш ни подоцна, не беше отворено спомната опасноста од тактиката Охеар. Само малкумина од членовите на Организацијата Вудлон знаеја колку беа блиску до влегување во историјата.

Со универзалниот принцип дека вистинските работи секогаш се прават од погрешни причини и тактичкото правило дека негативностите стануваат позитивности, можеме да ги разбереме следниве примери.

Во првите денови на своето постоење, организираното црнечко гето на реонот Вудлон во Чикаго се конфронтира со сопствениците на трошните живеалишта. Тие не одбраа да се конфронтираат со локалните трошни квартови или со канцеларијата на сопственикот. Тие ги одбраа најцрните црнци и ги испратија со автобус во најбелите предградија каде што живееја сопствениците. Нивните пароли на кои пишуваше „Дали знаете дека вашиот сосед Џонс е сопственик на трошни куќи за издавање?" беа сосема ирелевантни; поентата беше во тоа што протестантите знаеја дека Џонс ќе биде преплавен со телефонски повици од неговите соседи.

> Џонс: Пред да кажеш нешто, дозволи да ти кажам дека тоа што го пишува на паролите се обични лаги!
>
> Соседот: Види Џонс, воопшто не ми е гајле како заработуваш за живот. Сакам само да ни ги тргнеш овие проклети црнчуги од тука!

Џонс излезе и потпиша.

Притисокот кој ни ја даде позитивната сила беше негативноста на расизмот во белото општество. Ние го искористивме за наша цел.

Да погледнеме еден од негативните стереотипи кои многу белци ги имаат за црнците: црнците сакаат да седат и да јадат лубеница. Да претпоставиме дека 3.000 црнци одеднаш доаѓаат во центарот на градот, секој вооружен со огромно парче лубеница. Тој спектакл би бил толку многу надвор од искуството на белците, што тие би се изнервирале и би се дезорганизирале. Алармирани за тоа што планираат црнците, естаблишментот веројатно би реагирал во корист на црнците. Исто така, белците конечно ќе ја увидат апсурдноста на нивниот стереотип за навиките на црнците. Белците ќе се почувствуваат засрамено, знаејќи дека се исмејани. Тоа би бил крај на стереотипот за црнците и лубениците. Мислам дека таа тактика ќе ја натера администрацијата да стапи во контакт со црното раководство и да праша кои се нивните барања, дури и да немаат барања. И тука станува збор за тоа да го правиш она што можеш со она што го имаш. Друг пример за тоа како го правиш она што можеш со она што го имаш е следниов:

> Одржав предавање на колеџ што го водеше еден многу конзервативен, речиси фундаменталистички протестант. По предавањето, некои од студентите дојдоа до мојот мотел за да разговараат со мене. Нивниот проблем беше тоа што не можеа воопшто да се забавуваат во кампусот. Не им беше дозволено да танцуваат или да пушат, ниту пак да се напијат конзерва пиво. Јас зборував за стратегија која влијае на промената во општеството и тие сакаа да знаат која тактика да ја искористат за да ја сменат нивната ситуација. Ги потсетив дека тактика е да го направиш она што можеш со она што го имаш. „А вие, што имате?“ прашав. „Што ви е дозволено да правите?“ „Практично ништо“, одговорија, „освен, ете, да џвакаме мастики“. „Добро“, им реков, „тогаш мастиката ќе ви биде оружјето. Земете двесте или триста студенти, секој нека земе по две пакетчиња мастики, што е навистина многу. Потоа фрлајте ги по патеките на кампусот. Тоа ќе предизвика апсолутен хаос. Со петстотини пакетчиња мастики би можел да го парализирам цел Чикаго, да го запрам сообраќајот. Ме погледнаа како да сум луд. Но, околу две недели подоцна, добив едно екстатично писмо на кое пишуваше: „Функционираше! Функционираше! Сега можеме речиси сè да правиме само да не џвакаме мастики“.
>
> - Цитирано во *Професионалниот радикал - разговори со Соул Алински* од Марион К. Сандерс

Слично на сопствениците на трошните живеалишта, и една од најголемите стоковни куќи во земјата падна на колена по следнава тактика на заплашување. Сетете се на правилото – заканата е често поефикасна од самата тактика, но само ако сте толку организирани што естаблишментот знае не само дека имате моќ да ја спроведете тактиката, туку и дека дефинитивно ќе ја спроведете. Не можете да постигнете многу во оваа игра со блефирање; ако ве фатат дека блефирате, заборавете го користењето закани во иднина. Во таа точка сте мртви.

Има една стоковна куќа која ги опслужува богатите слоеви. Привлекува многу клиенти со брендовите што ги продава и со квалитетот на нејзините артикли. Поради тоа, економскиот бојкот не успеал да го одврати од купување таму дури ни црното население од средната класа. За целото тоа време, нивните политики за вработување беа порестриктивни од оние на другите продавници. Црнците беа вработувани само на најниските работни места.

Ние подготвивме тактика. Како датум за купување одбравме една сабота кога има голем промет. Приближно 3.000 црнци, сите дотерани во нивните одела и фустани за в црква, требаше да појдат со автобуси во центарот на градот. Кога ќе ставиш 3.000 црнци на главниот кат во една стоковна куќа, дури и да е еднаков на цела градска четврт, наеднаш ќе се промени целата боја на катот. На секој белец кога ќе влезе низ вратата ќе му испаднат очите и ќе си помисли дека можеби влегол во Африка. Тој само ќе се сврти и веднаш ќе излезе од продавницата. Со тоа ќе заврши трговијата за белците за тој ден.

За група луѓе со мали приходи, купувањето е искуство за кое е потребно време, бидејќи штедењето за нив има големо значење. Тоа значи дека секој оддел ќе биде окупиран од потенцијални клиенти, кои внимателно го испитуваат квалитетот на производите и прашуваат, во одделот за кошули да речеме, за материјалот, бојата, стилот, манжетните, јаката и цената. Групата која го окупира вниманието на продавачот кај кошулите, потоа оди кон одделот со долна облека, а тие од одделот за долна облека ќе ги заменат на одделот за кошули и така вработените во продавницата ќе бидат постојано зафатени.

Да застанеме за момент и да ја разгледаме оваа тактика. Тоа е правно дозволено. Нема незаконско окупирање на просториите. Неколку илјади луѓе се во продавницата и „купуваат“. Полицијата не може ништо и вие функционирате во законските рамки.

Оваа операција ќе трае сѐ до еден час пред затворање, кога групата ќе почне да купува сѐ што ќе види и ќе побара стоката да им се достави и да ја платат по приемот! Тоа ќе ги букира службите за достава со возила најмалку за наредните два дена – со очигледни понатамошни големи финансиски трошоци, бидејќи сите производи ќе бидат одбиени при испораката.

Зборот за заканата стигна до властите преку легитимни и „доверливи“ канали. Секоја организација мора да има двајца или тројца глинени гулаби на кои естаблишментот им верува. Овие глинени гулаби се од непроценлива вредност како „доверливи“ линии за комуникација со естаблишментот. Со сите планови подготвени да се спроведат, го почнавме формирањето серија комисии: комисија за транспорт за да ги обезбеди автобусите, комисија за мобилизација која ќе соработува со свештениците за нивните луѓе да се качат на автобус и други комисии со други специфични функции. Во две од клучните комисии

намерно вклучивме по еден од оние информатори, за да служат како потврда еден на друг. Знаевме дека планот брзо ќе ѝ биде соопштен на стоковната куќа. Следниот ден добивме телефонски повик од стоковната куќа да се видиме на состанок, за да дискутираме за нова кадровска политика, како и итно барање состанокот да се одржи во следните два или три дена, а секако пред сабота!

Кадровската политика на продавницата драстично се промени. Преку ноќ се отворија нови 186 работни места. За првпат црнците се најдоа на одделите за продажба и на обука за извршни позиции.

Ова е вид тактика која може, исто така, да ја користи и средната класа. Организирано купување, купување на големо и враќање на сета купена стока при приемот ќе го зајакнат нивниот напад на трговецот со дополнителни трошоци, со злокобна закана за постојано повторување. Ова е многу поефикасно отколку да си ја затворите сметката кај нив. Да го погледнеме резултатот: (1) дневната продажба за тој ден е целосно пропадната; (2) службата за испорака е заглавена два дена или повеќе; (3) сметководствениот оддел е во мешаница. Вкупната штета е ноќен кошмар за секој продавач, а мечот постојано му виси над глава. И средната класа мора, исто така, да ја научи природата на непријателот и да биде во можност да го практикува она што јас го опишав како едно масовно џиуџицу, користејќи ја моќта на еден дел од структурата на моќ против друг нејзин дел.

## КОНКУРЕНЦИЈА

Откако ќе ги разбереме надворешните реакции на имотните во однос на предизвиците на безимотните, потоа треба да одиме на следното ниво на испитување, на анатомијата на моќта на имотните.

Но, да навлеземе подлабоко во психата на овој Голијат. Имотните поседуваат моќ и се поседувани од моќ. Опседнати со стравот од губење на моќта, секој нивен чекор е диктиран од идејата да се задржи моќта. Начинот на живот на имотните е да го задржат она што го имаат и секогаш кога е тоа можно, да ја зацврстат својата одбрана.

Ова отвора нова перспектива – не само што имаме цела класа решена да ја задржи својата моќ и е во постојан конфликт со безимотните; тие истовремено се во конфликт и меѓу себе. Моќта не е статична; не

може да се замрзне и да се зачува како храна; таа мора да расте или да замира. Затоа, за да се зачува моќта, статус квото мора да добие повеќе. Но од кого? Кога од безимотните не може да се извлече многу, имотните мора да си земаат едни од други. Тие се на пат од кој нема враќање. Овој канибализам на моќта на имотните дозволува само привремени примирја, и тоа само кога се подеднакво загрозени од заеднички непријател. Дури и тогаш редовно има несогласувања во редовите, кога индивидуални единици се обидуваат да ја искористат општата закана за свои специјални придобивки. Тука лежи слабата точка на статус квото.

Оваа лекција првпат ја научив за време на депресијата во 1930-тите, кога САД доживеаја револуционерен подем во форма на иницијатива за организирање масовен работнички синдикат познат како КИО. Тоа беше радикалното крило на работничкото движење; тоа ги опфати индустриските синдикати, додека конзервативната и архаична АФТ се држеше за струковите синдикати. Таквата позиција на АФТ исклучуваше цели работнички маси од организацијата на синдикатите. Борбениот повик на КИО беше „организирај ги неорганизираните". Многу бргу прашањето ја опфати и обемната автомобилска индустрија, која во тоа време беше како отворена продавница и комплетно неорганизирана. Првиот напад беше против ѕверката на оваа индустрија, Џенерал моторс. Започна штрајк со седење против Шевролет. Тогашниот лидер на КИО, Џон Л. Луис, ми кажа дека за време на седечкиот штрајк слушнал гласови дека Џенерал моторс се сретнале и со Форд и со Крајслер за да им го предложат следново: „Ние во Џенерал моторс ја биеме вашата битка, бидејќи доколку КИО нè победи, тогаш вие сте следните и нив никој нема да може да ги запре. Значи вака, ние сме волни да ги оставиме КИО да штрајкуваат во Шевролет до крајот на светот и да ги трпиме загубите во нашиот профит, *доколку* вие го држите производството на фордовите и плимутите (моделите од иста ценовна класа со кои му конкурирале на Шевролет) во рамките на вашиот сегашен пазар. Од друга страна, нема да можеме да издржиме против КИО ако вие го зголемите вашето производство за да им продавате на сите потенцијални шевролетови клиенти кои ќе ги купат вашите производи затоа што не можат да ги добијат шевролетите".

Луис, кој беше организациски гениј со ретка способност да ја согледа механиката на моќта на статус квото, ги отфрли ваквите гласови

со една интелигентна забелешка. Не е важно дали се ова лажни гласови или не, рече тој, затоа што ни Форд ни Крајслер никогаш нема да се согласат да ја испуштат можноста за брзо покачување на својот профит и моќ, колку и да е тоа кратковидо.

Погубната битка меѓу имотните за нивните лични интереси е исто толку кратковида колку и погубната битка меѓу безимотните. Еднаш во една ситуација реков дека би можел во петок да убедам милионер да ја поддржи револуцијата во сабота од која ќе заработи голем профит во недела, иако со сигурност знае дека во понеделник ќе го погубат.

Штом ќе се разбере оваа внатрешна битка за моќ во рамките на статус квото, може да се почне со примена на ефикасна тактика за нејзино искористување. Тажно е кога ја гледате глупоста на неискусните организатори кои прават огромни грешки со тоа што не ја сфаќаат вредноста на оваа шема.

Пример за ова имаше пред неколку години, за време на подемот на борбата за граѓански права, кога некои лидери за граѓански права во Чикаго објавија божиќен бојкот на *сите* стоковни куќи во центарот на градот. Бојкотот беше катастрофален неуспех и секој искусен револуционер можеше без многу размислување да предвиди дека таков ќе биде резултатот. Секој напад против статус квото мора да ја искористи силата на непријателот против него самиот. Да го разгледаме токму овој конкретен бојкот – грешката се состоеше во обидот да се бојкотираат *сите*, а не само *некои*. Нема многу либерали, ни бели ни црни, кои сосема би се откажале од божиќното купување во најатрактивните трговски центри. Дури и да не беше божиќна сезона, знаеме дека протестите со некупување се денес релативно неефикасни во запирањето на општото население. Кај општата јавност има мало ниво на идентификација со работничкото движење, односно со штрајковите воопшто. Сепак, дури и тој низок степен може да се искористи со поставување штрајкувачка барикада само пред една стоковна куќа. Ако истите производи може да се купат по иста цена во друга стоковна куќа на спротивната страна на улицата, малата нелагодност што ја создава колоната штрајкувачи може да повлијае на значителен број потрошувачи – тие имаат мошне лесна и сосема видлива алтернатива: ќе ја преминат улицата. Извлекувањето на моќта се случува кога стоковната куќа која е цел на протестот гледа како бројни клиенти преминуваат кај нивните конкуренти.

Ова пресметано маневрирање со моќта на еден дел од имотните против нивните други делови е од суштинска важност за стратегијата. Тоа е на некој начин слично со тоа како безимотните нации го искористуваат непријателството на САД и СССР.

## СО СВОЈА ПЕТАРДА

Основната тактика во борбата против имотните е масовното политичко џиуџицу: безимотните не им се противставуваат на имотните на крут начин, туку дејствуваат на таков испланиран и вешт начин, што супериорната моќ на имотните се врти против нив самите. На пример, бидејќи имотните јавно позираат како чувари на одговорноста, моралот, законите и правдата (кои се често странци еден на друг), нив може постојано да ги притискате да живеат во согласност со нивните морални и законски правила. Ниедна организација, дури ни организираната религија, не може до крај да биде доследна на зборовите во сопствената библија. Може до смрт да ги удирате со нивната „книга“ по глава. Токму ова го имал на ум големиот револуционер апостол Павле кога им напишал на Коринтјаните: „Кој исто така нè направил способни проповедници на Новиот завет, не на неговите пишани зборови, туку на неговиот дух, бидејќи пишаниот збор убива“. Да го земеме, на пример, случајот на демонстрациите за граѓански права во 1963 година во Бирмингем, кога илјадници црни деца отсуствуваа од училиште за да учествуваат во уличните демонстрации. Советот за образование на Бирмингем го извади заборавениот прашлив правилник и се закани со исфрање на сите деца кои отсуствувале заради оваа причина. Тука лидерите за граѓански права згрешија (како што згрешија и со други витални тактики) со тоа што се повлекоа, наместо да го зголемат обемот на демонстрациите и притисокот врз Советот за образование на Бирмингем, повикувајќи се на страниците на нивниот правилник за да ги принудат да бидат доследни на зборовите во нивната регулатива и изјава. Советот и градот Бирмингем ќе се најдеа во невозможна ситуација со секое црно дете избркано и пуштено на улица – ако самите не ја сменеа одлуката пред да дејствуваат, ќе ја сменеа еден ден подоцна.

Друго драматично неразбирање на тактиката се случи во 1964 година, за време на вториот бојкот на јавните училишта во Чикаго, кој претставуваше борба против де факто сегрегираниот јавен образовен систем. Знаеме дека ефикасноста на секоја акција е во реакцијата која ја предизвикува кај имотните, со цел циклусот да ескалира во продолжителни конфликти. Во отсуство на каква и да е реакција на имотните (освен јавна објава на бројот на деца кои се вклучени), ефектите од бојкотот речиси и да не се чувствуваа наредниот ден. Овој бојкот беше терминална тактика, како што јас ја нарекувам, т.е. тактика која се крева, се крши и исчезнува како бран. Терминалната тактика не ја буди реакцијата која е од суштинско значење за развој на конфликт. Терминалната тактика треба да се користи само за да се стави крај на некој конфликт, бидејќи е неефикасна во развивањето на ритамот на давање и земање кој мора да се поседува кога се разгорува војната и се гради движењето.

Лидерите за граѓански права можеа да се тешат со „психолошкиот ефект", „јавно искажаната поддршка" и сличните молитвени надежи, но интересот за продолжување на конфликтот за интеграција заврши и наредниот ден веќе не постоеше. Остана само убаво сеќавање.

Во Чикаго имотните поминаа лошо кога и судијата и обласниот јавен обвинител пробаботеа дека правилникот забранува обиди да се охрабри отсуството на ученици во јавните училишта и злокобно ја излааја забраната против сите лидери за граѓански права кои учествуваа во подготвувањето на бојкотот. Тука, како и секогаш, штом имотните почнат да живеат во согласност со своите правилници, им даваат златна шанса за безимотните да ја трансформираат терминалната тактика во голема предност на многу фронтови. Децата нема да мора да отсуствуваат – лидерите би биле единствените кои треба да дејствуваат. Сега беше моментот да се започне со интензивна кампања на исмевање, навреди и сурово непочитување, со што ќе се предизвикаат јавниот обвинител и судијата или да ги почитуваат своите правила и да издадат забрана, или да бидат јавно истакнати како страшливи лажговци на кои им е страв да го применат законот. Таквото однесување од страна на безимотните веројатно ќе резултираше со забрана. Но, до тогаш, тактиката за бојкот ќе имаше силни последици. Веднаш по бојкотот, секој лидер за граѓански права во Чикаго ќе ја беше прекршил судската забрана. Но, последната

работа што ја сака естаблишментот е да го обвини и затвори секој лидер за граѓански права во Чикаго (меѓу кои ќе беа вклучени лидери од секоја верска организација во градот). Тој чекор ќе ја разнишаше структурата на моќ во Чикаго и бездруго ќе ја донесеше во центарот на вниманието целата политика на сегрегација во училиштата. Без сомнение, јавниот обвинител и судијата ќе мораа да се послужат со одложувања, во надеж дека луѓето едноставно ќе заборават на тоа. Во овој момент, кога лидерите за граѓански права ќе го држеа во раце моќното оружје на правилниците на имотните, тие ќе требаше веднаш јавно да истапат – и повторно да креваат врева, да навредуваат, да бараат судијата и јавниот обвинител да го „почитуваат законот", обвинувајќи дека јавниот обвинител и судовите издале забрана која тие самите јавно, свесно и со зла намера ја прекршиле и дека, следствено на тоа, се обврзани да ја платат казната за тоа дејство. Ако лидерите за граѓански права инсистираа да бидат уапсени и да им се суди, имотните ќе се дадеа во бегство и ќе беа сосема збунети, фатени во лудачката кошула на своите правила. Спроведувањето на нивната забрана ќе резултираше со бура од протести во целиот град и брз пораст на организираноста. Неспроведувањето ќе беше сигнал на пораз и повлекување на имотните пред безимотните и ќе резултираше со зголемување на бројноста и силата на организацијата на безимотните.

## ВРЕМЕ ПОМИНАТО ВО ЗАТВОР

Реакцијата на статус кво да ги затвара револуционерните лидери е сама по себе огромен придонес кон развитокот на движењето на безимотните, како и кон личниот развој на револуционерните лидери. Оваа поента треба внимателно да се запомни како уште еден пример за тоа како тактиката на масовно џиуџицу може да се искористи за да се маневрира со статус кво така што тоа ја свртува својата моќ против себе.

Затворањето на револуционерните лидери и нивните следбеници извршува три витални функции за каузата на безимотните: (1) тоа е дејство на статус кво кое само по себе го истакнува конфликтот меѓу имотните и безимотните; (2) неизмерно ја зајакнува позицијата

на револуционерните лидери кај нивните луѓе, обвиткувајќи го затвореното раководство со аура на маченици; (3) го зајакнува идентификувањето на лидерите со своите луѓе, бидејќи предоминантната реакција на безимотните е дека нивните лидери толку многу се грижат за нив и толку искрено се посветени на проблемот, што се волни за каузата да страдаат дури и во затвор. Во ситуации кога односот меѓу безимотните и нивните лидери се затега, лекот секогаш бил затворање на лидерите од страна на естаблишментот. Редовите веднаш се збиваат и лидерот повторно добива масовна поддршка.

Во исто време, револуционерниот лидер треба да се осигури дека неговиот јавен прекршок на правилата е така селектиран што неговото време поминато во затвор е релативно кратко, од еден ден до два месеца. Проблемот со долгата затворска казна е тој што (а) револуционерот е толку долго надвор од акцијата што губи контакт и (б) ако ве нема долго време, сите ќе ве заборават. Животот продолжува, се појавуваат нови проблеми и се појавува нов лидер; но, периодично отстранување од настаните со затворање е основен елемент во развојот на револуционерот. Еден проблем со кој револуционерот не може сам да се соочи е тоа дека тој мора, од време на време, да има можност да размисли и да ги среди своите мисли. Најпрактичното и најдостапно решение за добивање на таа приватност во која ќе може да размисли за тоа што го прави, зошто го прави, во кој правец оди, каде згрешил со своите постапки, што требало да направи и, како најважно, да ја види врската меѓу сите епизоди и дејства и како тие се поврзуваат во општата шема, е да оди в затвор. Токму тука тој почнува да развива филозофија. Тука почнува да оформува долгорочни планови, краткорочни планови и да прави самоанализа на тактиката во однос на неговата личност. Токму тука тој е ослободен од ропството на секоја акција кога морал да размислува од една до друга акција. Сега може да ги погледне сите акции како целина, како и реакциите на неговиот непријател од една мошне дистанцирана позиција.

Секој влијателен револуционерен лидер морал да помине низ ова повлекување од арената на активностите. Без таква можност, тој оди од една тактика и една акција до друга тактика и акција, но повеќето од нив се сами по себе терминални тактики; тој никогаш нема можност да размисли за една целосна синтеза и сам себе се исфрла од игра. Тој всушност не претставува ништо повеќе од една привремена

иритација. Проповедниците на Стариот и Новиот завет ја нашле можноста за синтеза преку доброволно повлекување во дивината. Дури откако се појавиле, почнале со пропагирање на своите филозофии. Револуционерите често сфаќаат дека не можат доброволно да се повлечат, бидејќи притисокот на настаните и акциите не им го дозволува тој луксуз; освен тоа, еден револуционер или човек од акција не е навикнат да седи без да дејствува, што е составен дел на личноста на еден научник истражувач. За него е многу тешко да седи тивко и да пишува. Дури и кога ќе му се обезбеди таква ситуација, тој ќе реагира со бегство од размислувањето и пишувањето. Ќе направи сè за да го избегне тоа.

Се сеќавам дека еднаш прифатив покана да учествувам на еднонеделна дискусија во Институтот Аспен. Се тврдеше дека тоа ќе била добра можност да побегам од сè и да пишувам. Сесиите на институтот беа закажани само од 10 часот до пладне и јас требаше да сум слободен попладне и навечер. Утрото започна со сесии во институтот; темите беа многу интересни и дискусијата продолжи и за време на ручекот, што траеше до 2.30 или 3.00 часот. Потоа можев да седнам и да пишувам од 3.00 до вечерата, но потоа еден од членовите на групата која дискутираше, многу интересен астроном, дојде да поразговараме. Кога си замина веќе беше 5.00 часот, немаше многу смисла тогаш да почнам да пишувам, затоа што во 5.30 беше закажан коктел и по коктелот немаше многу смисла да седнам да пишувам, бидејќи наскоро беше време за вечера, а по вечерата немаше многу смисла да седнам да пишувам бидејќи беше доцна, а јас бев уморен. Точно е дека можев да станам веднаш по ручекот, да им кажам на сите да не ме вознемируваат и да го поминам попладнето во пишување. Можев да се вратам в соба, да ја заклучам вратата и можеби да почнам да пишувам; но, факт е дека не сакав да се фатам во костец со размислување и пишување ништо повеќе од секој друг кој е вклучен во револуционерни движења. Јас едвај дочекав да бидам прекинат и ги искористив тие прекини како рационално оправдување да ја избегнам маката да размислувам и да пишувам.

Затворот ги обезбедува токму спротивните услови. Нема телефони и освен околу еден час на ден, нема посетители. Затворските службеници се груби, не се дружељубиви и генерално се толку здодевни што и онака не би сакал да зборуваш со нив. Се наоѓаш во физичка пустелија и затвореност, од каде очајно се обидуваш да побегнеш. Бидејќи

нема можност физички да се избега, се стремиш имагинативно да ја избришеш околината: бегаш во размислување и пишување. Токму во периодот на периодичните затворања, ја осмислив основата за мојата прва публикација и за прв пат мислите, идеите и целите добија филозофски редослед.

## ВРЕМЕТО ВО ТАКТИКАТА

Доста беше за филозофските ќелии – да се вратиме на бизнисот на активните нужности на организирањето. Меѓу нужните работи е тајмингот.

Тајмингот е важен за тактиката како што е важен и за сè друго во животот – тоа е разликата меѓу успехот и неуспехот. Не мислам на тајминогот кога да се започне тактиката – тоа секако е важно, но како што е многу пати речено, животот обично не му го дозволува на тактичарот луксузот да одбере време и место кога да започне конфликтот. Сепак, животот му дозволува на искусниот тактичар да биде свесен за искористувањето на времето при користењето на тактиката.

Откако ќе започне битката и се применува тактиката, важно е конфликтот да не се оддолжува премногу долго. Ако се сеќавате, ова беше седмото правило забележано на почетокот на ова поглавје. Има многу причини од човековото искуство кои одат во прилог на оваа точка. Никогаш не е премногу често да се повтори дека *конфликтот кој предолго трае станува здодевност.* Истата универзална вистина се однесува и на тактиката, како и на секоја друга специфична активност.

Помеѓу причините е едноставниот факт дека човечките суштества можат да одржат интерес за конкретна тема само во еден ограничен период. Концентрацијата, емотивната возбуда, дури и физичката енергија, определено искуство кое е возбудливо, предизвикувачко и привлечно, може да трае само некое време – ова е точно за поголемиот дел на човечкото однесување, од сексот до конфликтот. По некое време тоа станува монотоно, се повторува, претставува емотивно тапкање во место и, најлошо од сè, станува здодевно. Од моментот кога тактичарот го започнува конфликтот, непријател му е времето.

Ова треба да се има на ум кога се размислува за бојкот. Прво, при секоја размисла за бојкот треба внимателно да се избегнуваат

основните намирници како што се месото, млекото, лебот или основните зеленчуци, бидејќи дури и селективното купување попушта по некое време, кога опонентот ќе ги намали цените пониско од неговите конкуренти. Со другите работи – грозјето, бананите, ф'стаците, вишните и слично – многу либерали можат да „се жртвуваат“ и истовремено да се чувствуваат благородно.

Како и да е, секој вешт организатор знае дека може да ја претвори оваа негативност во позитивност: може да ја принуди или да маневрира со опозицијата со цел таа самата да направи грешка. Драмата на постојана вклученост гради имунитет за сите идни возбудувања. Последиците се тие што опозицијата, поради замор, конечно ќе попушти.

Кога почнува со некоја акција, тактичарот мора постојано да го има на ум притисокот на времето. Ова се однесува на физичката акција, како што се масовните демонстрации, но и на нивните емотивни делови. Кога Организацијата Вудлон во Чикаго одлучи масовно да влезе во градското собрание на Чикаго со 5.000 до 8.000 луѓе, требаше да го исполни лобито на зградата на собранието во 10.00 часот наутро, за да се соочи со градоначалникот. Во време кога се подготвуваше стратегијата, функцијата на времето при употребата на тактиката беше испитана и утврдена и затоа потенцијалите на тактиката беа до крај искористени и не се случи дебакл, како што беше случајот со неодамнешниот марш на сиромашните, Градот на воскреснувањето итн. На лидерите им беше сосема јасно дека кога неколку илјади луѓе ќе се соберат во центарот на градот, физичкиот замор од стоење, од престојување на исто место подолг период, брзо ја намалува страста, па мали групи ќе почнат да исчезнуваат и да одат по продавници да купуваат, да се прошетаат, да се освежат. На кратко, животот во строгиот градски центар станува многу попривлечен од едноставното стоење во градското собрание во акција, во која веќе се истрошила возбудата која настанала кога се видел шокот на опозицијата. По некое време – под „некое“ мислам на два или три часа – 8-те илјади ќе станеа 800 или помалку и ефектот на масовни броеви сериозно ќе се намалеше и ослабеше. Понатаму, ефектот врз опозицијата ќе беше тој што градоначалникот гледајќи дека масовната акција од 8.000 се намалува на 800, ќе претпоставеше дека ако и понатаму уште два-три часа само се седи, бројката од 800 ќе се намали на 80, а ако се чека цел ден, никој нема да остане. Со тоа ништо немаше да добиеме.

Имајќи го ова на ум, лидерите на Организацијата Вудлон му се противставија на градоначалникот, му кажаа дека сакаат акција за нивните конкретни барања, и тоа брзо, и дека ќе му дадат само кратко време да ги исполни нивните барања. Откако ја пренесоа својата порака, рекоа дека засега ги повлекуваат своите демонстранти, но дека ќе се вратат во ист или поголем број. Потоа се свртеа и ја поведоа својата сè уште ентузијастичка армија во организирано, вооружено, моќно повлекување и оставија силен впечаток врз властите во градското собрание.

Постои начин акцијата да се одржува, а да не стане здодевна, но ова значи постојано да се изнаоѓаат нови теми во текот на акцијата, така што кога ентузијазмот и емоциите за една тема ќе почнат да се намалуваат, на сцената да се појави нова тема која ќе донесе освежување. Со постојано воведување нови теми, акцијата и понатаму ќе се одвива. Тоа се случува кај многу продолжени борби; на крајот, преговорите дури и не ја опфаќаат темата околу која првично започнал конфликтот. Тоа потсетува на една стара анегдота за Стогодишната војна во Европа: кога конечно страните седнале да преговараат за мир, никој не можел да се сети која била причината за војната и како таа започнала – уште повеќе, кои и да биле првичните проблеми, тие биле ирелевантни за мировните преговори.

## НОВА ТАКТИКА И СТАРАТА ТАКТИКА

Кога веќе зборуваме за проблеми, да го видиме проблемот со загадувањето. И тука повторно можеме да ги искористиме имотните против самите себе за да го добиеме она што го сакаме. Кога комуналните претпријатија или тешките индустрии зборуваат за „луѓето“, тие мислат на банки и други моќни сектори кои се дел од нивниот свет. Ако, да речеме, нивните банки почнат да ги притискаат, тогаш тие ги слушаат и трпат. Затоа мета треба да бидат банките кои работат за челичната, автомобилската и другите индустрии, со цел значително да се намали загадувањето.

Да почнеме со тоа што ќе ги натераме банките да ги почитуваат своите изјави дадени во јавноста.

Сите банки сакаат пари и рекламираат нови штедни и тековни сметки. Тие дури нудат и попусти за тие што ќе отворат сметка. Отворањето на штедна сметка во банка е повеќе од рутинска работа. Прво, седнувате со еден од многуминате потпретседатели или службеници и почнувате да пополнувате формулари и да одговарате на прашања најмалку триесет минути. Ако илјада или повеќе луѓе влезат да отворат штедна сметка и секој има 5 или 10 долари, функционирањето на банката веднаш ќе се парализира. Повторно, како во случајот со купувањето, полицијата би била со врзани раце. Нема нелегална окупација. Банката е во тешка позиција. Знае што се случува, но сепак не сака да ги иритира идните штедачи. Јавниот имиџ на банката ќе се уништи ако се уапсат околу илјадата можни штедачи или ако насилно се избркаат од просториите.

Тука повторно се јавува и елементот на исмевање. Се формира континуиран синџир на акции и реакции. Потоа, луѓето може да се вратат по неколку дена и да ги затворат своите сметки, а потоа да се вратат повторно подоцна и да отворат нови сметки. Тоа е она што јас би го нарекол герилски напад на средната класа. Секако дека ќе предизвика ирационална реакција кај банките, која може да се насочи кон нивните големи клиенти, на пример, комуналните претпријатија кои загадуваат или некои други очигледни цели на организациите на средната класа. Секундарниот напад како овој секогаш предизвикува бес кај нападнатиот; затоа е веројатно дека банката ќе реагира поемотивно, бидејќи таа како тело смета дека е недолжна и дека е казнета поради гревовите на некој друг.

Во исто време, овој вид активност може да се комбинира со општествени настани и средби во центарот на градот, како и со општото уживање да се гледа незгодата и збунетоста на естаблишментот. Герилите од средната класа ќе уживаат во тоа што ќе го зголемуваат притисокот врз нивните непријатели.

Откако еднаш ќе се употреби специфична тактика, таа престанува да биде надвор од искуството на непријателот. За кратко тие подготвуваат контрамерки за поништување на дотогаш ефективната тактика. Неодамна, директорот на една корпорација ми ги покажа плановите за нова фабрика и ми посочи голем простор на приземјето: „Леле, баш имаме архитект кој се разбира од работите!“ се насмеа. „Ја гледаш оваа голема хала? Тоа е нашата просторија за протести со

седнување! Кога ќе дојдат демонстрантите, ќе ги внесеме внатре каде што ќе има кафе, ТВ и добри тоалети – ќе можат да си седат таму колку сакаат!“

Сега можете протестите со седење да ги пратите право во музејот Смитсонијан.

Но порано – а во ретки околности дури и денес – протестните седења беа навистина револуционерни. Добра илустрација за тоа беа речиси спонтаните штрајкови со седнување на Обединетиот синдикат на работниците во автомобилската индустрија, кога во 1937 година организирано влегоа во Џенерал моторс. Запленувањето приватен имот предизвика метеж во земјата. Со ретки исклучоци, сите работнички лидери се скрија – ова беше премногу револуционерно за нив. Штрајкувачите што седеа започнаа да се прашуваат за легалноста на нивната акција, за целта и последиците, но токму во тој момент дојде образложението од шефот на сите организатори на КИО, Луис. Тој згрме: „Правото на работа е поголемо од правото на приватна сопственост! КИО цврсто стои зад овие протести со седење!“

Штрајкувачите во ЏМ го отпоздравија тоа. *Сега* знаеја *зошто* го сториле тоа што го сториле, и *зошто* ќе останат до крај. Поуката од ова е дека главната работа на организаторот е веднаш да развие образложение за акциите до кои дошло случајно или од импулсивен гнев. Отсуството на образложение ја прави акцијата необјаснива за учесниците и таа брзо се дезинтегрира во пораз. Образложението ѝ дава на акцијата значење и цел.

# ГЕНЕЗА НА ТАКТИКАТА СО ОВЛАСТУВАЊА

НАЈГОЛЕМАТА БАРИЕРА во комуникацијата меѓу мене и оние кои се обучуваат за организатори се појавува кога сакам да ги подучам на тоа дека тактиката не е производ на чисто здраворазумско расудување и дека нема некоја организациска табела или план за напад што треба да се следи. Насоката и природата на тактиката ја диктираат случајноста, непредвидливите реакции на вашите акции, нужноста и импровизацијата. Потоа е потребна аналитичка логика со која ќе се процени каде се наоѓате, што може да ви биде следниот чекор, кои ризици може да ги очекувате и на што да се надевате. Ваквата анализа ве штити од опасноста да станете слепи заробеници на тактиката и на чистите случајности кои одат со неа. Но, од извонредна важност е да се истакне дека самата тактика произлегува од слободното течење на акцијата и реакцијата и од организаторот бара лесно прифаќање на очигледната дезорганизација.

Организаторот ја следи акцијата. Неговиот пристап мора да биде слободен, отворен, љубопитен и со осет за секаков вид можности и рачки кои треба да ги зграпчи дури и кога опфаќаат теми поинакви од оние што тој ги има на ум во дадениот момент. Организаторот никогаш не треба да се чувствува загубен, бидејќи тој ниту има некое готово сценарио, ни некој временски план, ни некои дефинитивни референтни точки. Како голем прагматист, Абрахам Линколн ѝ рекол на својата секретарка во времето кога започнала војната: „Мојата политика е да немам политика". Три години подоцна, во писмо до еден пријател од Кентаки, тој едноставно признал: „Ме контролирале настаните".

Најголемиот проблем во обидот да се пренесе оваа идеја е дека таа е надвор од искуството на практично секој кој поминал низ нашиот божем образовен систем. Производите на овој систем биле обучени да стават акцент на редот, логиката, рационалната мисла, насоката и целта. Ние тоа го нарекуваме ментална дисцилина и тоа резултира со структуриран, статичен, затворен и крут ментален склоп. Дури и изразот „да имаш отворен ум" станува само празна фраза. Настаните

кои не може да се разберат во моментот или не се вклопуваат во акумулираната „образовна“ шема, се сметаат за чудни и сомнителни и се избегнуваат. За да може некој да разбере што прави некој друг, тој мора тоа да го разбере во рамките на логиката, рационалните одлуки и намерната свесна акција. Затоа кога ќе се обидеш да ги пренесеш причините и последиците на твојата активност, приморан си да ги фабрикуваш овие логички, рационални, структурирани причини во рационализации. Тоа не е така во вистинскиот живот.

Бидејќи природата на развојот на една тактика не може да се опише со општи искази, ќе се обидам наместо тоа да прикажам еден конкретен случај на развивање на тактиката со овластувања*, која ветува дека ќе биде значајна тактика подолго време во наредниот период. Ќе се обидам да го внесам читателот во *моето* искуство, со надеж дека тој потоа самостојно ќе размисли за начините и причините за неговото сопствено искуство со тактиката.

Знаеме дека претежно сме општество на средната класа, кое живее во корпоративна економија, економија која има тенденција да формира конгломерати, така што за да дознаете каде лежи моќта, мора да дознаете кој кого поседува. Веќе подолго време во изминатиов период тоа наликува на барањето под кој кибрит е скриено топчето – само што сега има силни рефлектори кои трепкаат за повеќе да ве збунат. Но едно нешто е сигурно: Американците од средната класа се масовно подготвени да тргнат во големи конфронтации со корпоративна Америка.

Универзитетските студенти бараат универзитетската администрација да им даде на студентските комитети овластувања во нивните акционерски собранија кои би ги користеле во борбата за мир и против загадувањето, инфлацијата, политиките на расна дискриминација и разни други зла.

Граѓаните од Балтимор до Лос Анџелес организираат застапнички групи на кои ќе им ги пренесат своите здружени гласови за акција во врска со социјалните и политичките ставови на „нивните“ корпорации. Чувствувајќи дека застапничкото организирање на национално ниво може за прв пат да им даде моќ да сторат нешто, тие сега

* Се мисли на овластувањата за користење на гласачкото право на акциите: сопственикот на акции може да овласти друго лице како свој застапник кој ќе присуствува на собранието на акционери и ќе гласа по сопствен избор за одлуките на собранието (*заб. на ред.*).

имаат сѐ поголем интерес за односот на нивните корпорациски акции со Пентагон.

Овие прагматични средства во насока кон политичка акција ослободиле нови сили. Неодамна зборував со тројца студенти на Одделот за администрација во бизнисот на Универзитетот Станфорд за начините и средствата за користење на овластувањата. Ги прашав која е нивната главна цел и тие одговорија: „Да излеземе од Виетнам". Кога ги прашав дали биле активни на тоа поле, одмавнаа со главите. „Зошто не?" ги прашав. Нивниот одговор беше дека не веруваат во ефикасноста на демонстрациите на улица и дека се повлекле од такви активности како што се носењето на знамето на Виетконг, горењето на повикот за војска* или избегнувањето регрутација, но дека веруваат во користењето овластувања. Зачленете тројца нови регрути и сметајте на тоа дека естаблишментот дополнително ќе ги радикализира.

Како и секоја нова политичка програма, тактиката на овластувања не произлезе од расудување и логика, туку делумно од случајност, делумно од нужност, делумно како одговор на реакција и делумно од имагинација, и секој дел се одрази на другиот. Се разбира, „имагинацијата" е исто така и осет за тактика: кога ќе се случи „случајност", имагинативниот организатор ќе ја препозне и ќе ја зграпчи пред да му се измолкне.

Во разни прикази на „историјата" на развојот на тактиката со овластувањата може да прочитате за расудување, цел и ред кои всушност никогаш не постоеле. Митологијата на „историјата" обично е толку многу пријатна за егото на субјектот, што тој ја прифаќа со „скромен" молк, како афирмација на валидноста на митологијата. По некое време, тој почнува и да верува во неа.

Друга опасност од митологијата е тоа што таа ја носи сликата на „дело на генијот" лажно имплицирајќи целисходна логика и планирани дејности. Со тоа станува потешко човек да се ослободи од структуралниот пристап. Ако поради ништо друго, тогаш барем поради ова митологијата треба да се разбере во нејзината вистинска суштина.

Историјата на чикашкиот Совет на Задните дворови гласи: „Од калта, од по меаните, црквите, синдикатите и, да, дури и од

* Горењето на повикот за војска (*draft-card burning*) претставувало форма на протест на младите Американци против војната во Виетнам, кое почнало масовно да се применува кон средината на 1965 година (*заб. на ред.*).

комунистичките и социјалистичките партии, потоа реонските здруженија на стопанственици, Американската легија и чикашкиот католички бискуп Бернард Шил, сите тие се здружија на 14 јули 1939 година. Четиринаесетти јули, Денот на Бастилја! Нивниот Ден на Бастилја, денот кој тие намерно и симболички го одбраа за да ги урнат барикадите на невработеноста, скапаното домување, болестите, деликвенцијата и деморализираноста".

Таа така гласи. Она што навистина се случи е дека 14 јули беше избран затоа што тоа беше единствениот ден кога просториите во домот во јавниот парк беа слободни – единствениот ден кога трудовите синдикати немаа закажани состаноци – денот за кој многу свештеници мислеа дека е најдобар – единствениот ден кога, сега покојниот, бискуп Шил беше слободен. Никому од нас не му ни прелета во свеста помислата на Денот на Бастилја.

Денот, на прес-конференција пред да започне конвенцијата, еден новинар ме праша: „Не мислите ли дека е донекаде премногу револуционерно тоа што намерно го одбравте Денот на Бастилја за вашата прва конвенција?" Се обидов да го прикријам моето изненадување, но во себе си помислив: „Прекрасно! Како подарок од небо!" Му одговорив: „Не, не мислам. Напротив, сметам дека токму така требаше да направиме и затоа така направивме".

Набрзина ги информирав сите говорници за „Денот на Бастилја" и тоа стана клучната поента во речиси сите говори. И така, историјата го наведува тоа како „пресметана, испланирана" тактика.

Разликата меѓу фактите и историјата се појави кога гостував како професор на еден универзитет на Источниот брег. Двајца кандидати полагаа писмен испит за нивните докторати во областа на комуналното организирање и криминологијата. Го убедив претседателот на универзитетот да ми даде копија од овој писмен испит и кога ги предадов моите одговори на прашањата, раководителот на одделот ги прегледа и ги оцени мислејќи дека само сум му пријател на претседателот. Три од прашањата беа за филозофијата и мотивите на Соул Алински. На две од нив одговорив погрешно. Јас не знаев кои се мојата филозофија и мотивација, но тие знаеја!

Се сеќавам дека кога ги организирав Задните дворови во Чикаго, многу од моите потези беа речиси интуитивни. Но, кога бев запрашан што сум направил и зошто, морав да пронајдам *причини*. Причини

кои во тоа време не постоеја. Она што тогаш го направив, го направив бидејќи требаше да се направи; или беше најдоброто нешто што можеше да се направи, или беше единственото нешто што можеше да се направи. Како и да е, кога ми беа побарани причини, морав да почнам да размислувам за некоја интелектуална структура на моите изминати акции – фактички, за рационализации. Се сеќавам дека „причините" ми беа дури и мене толку убедливи што си помислив: „А? Па да, се разбира, тоа го направив од тие причини – требаше да знам дека затоа сум го сторил тоа".

Тактиката со овластувања се роди во Рочестер, Њујорк, во судирот меѓу Истмен Кодак и организацијата на црнечкото гето наречена БОРБА, која нашата фондација помогна да се организира. Проблемите[14] кои го предизвикаа судирот не се релевантни за сегашнава тема, освен тоа што потпретседателот на Кодак, кој беше назначен да преговара со БОРБА, постигна договор со БОРБА и се чинеше дека тоа ќе ја реши работата. Сè до првиот инцидент, бидејќи тогаш Кодак го отфрли сопствениот потпретседател и договорот што тој го постигна. Ова повторно ја отвори битката. Доколку Кодак не си го прекршеше зборот, немаше повеќе да има проблем.

Тогаш на сцена настапи нужноста. Се исцртаа линиите за битка и стана јасно дека вообичаената стратегија на демонстрации и конфронтации би била залудна. Иако зградите и администрацијата на Кодак беа во Рочестер, нивниот вистински живот беше на американскиот и странските пазари. Демонстрациите би можело да бидат засрамувачки и незгодни, но тоа не е тактиката која ќе ги присили на договор. Не се грижеше Истмен Кодак за Рочестер. Нивниот имиџ во таа заедница можеше во секое време да се обнови со чисто финансиска моќ. Нивната ранливост лежеше на национално ниво и во странство.

[14] Оние кои беа вклучени во битката Кодак – БОРБА, знаеја дека имаше всушност едно прашање: „Дали Кодак или некоја друга корпорација ќе ја признае БОРБА како преговарачки застапник на црното гето на Рочестер, Њујорк? Кога Кодак би ја признал БОРБА како претставник на црното гето, би можеле да седнеме на маса да преговараме за сите други прашања, вклучувајќи го и вработувањето на повеќе црнци. Прифаќањето на БОРБА од страна на Кодак би резултирало и со исто такво прифаќање од страна на други корпорации и тоа би довело до други програми и други прашања. Откако Кодак потоа навистина ја призна БОРБА, тоа беше причина и Ксерокс да го направи истото, и како резултат БОРБА (FIGHT) во соработка со корпорацијата Ксерокс отвори фабрика наречена ФАЈТОН (FIGHTON - борбата продолжува) која ја поседуваа црнци и во која работеа црнци.

Тогаш почнавме да бараме соодветни тактики. Економскиот бојкот беше отфрлен поради огромната доминација на Кодак на пазарот на филмски негативи. Повикот на економски бојкот практично би значел да се побара од Американците да престанат да се фотографираат, што очигледно не може да функционира сè додека има бебиња што се раѓаат, деца што завршуваат училиште, сè додека се прават роденденски забави, се склучуваат бракови, се оди на пикник и така натаму. Идејата за бојкот ја поттикна во еден момент и помислата да се проба против нив со Шермановиот антимонополистички закон. Се завртеа и други откачени идеи.[15]

Идејата со овластувањата прв пат се појави како начин за добивање пристап на годишниот акционерски состанок со цел да се предизвика вознемирување и публицитет, и притоа повторно улога одиграа случајноста и нужноста. Во тој период прифатив неколку покани да говорам на некои универзитети, религиозни конвенции и слични организации во различни делови на САД. Зошто не би им зборувал за битката меѓу Кодак и БОРБА и не би им побарал овластувања? Зошто да не ги прифатам сите покани за говорење, дури и ако тоа значи

[15] *Нешанал обзервер,* 17 јули 1967: „Активистите за граѓански права развиле значаен нов план за вршење притисок врз некои од најголемите корпорации во земјата, дозна минатата недела Нешанал обзервер. Овие активисти планираат да започнат битки со застапување – во надеж дека ќе го притиснат менаџментот да отвори повеќе работни места за сиромашните белци и црнци...

„Случајот со Истмен Кодак беше земен како пример. Дури при крајот на битката со застапување БОРБА од Рочестер постигна напредок. Пред битката со застапништво постоеја само неколку начини да се изврши притисок врз доминантната меѓународна фотографска компанија".

„'Истмен Кодак не беше загрижен за тоа што може да направи БОРБА и јас не ги обвинувам нив', вели г. Алински. 'Бојкотот не доаѓаше предвид. Тоа ќе беше исто како да побарате од сите да престанат да се фотографираат. Тука требаше нов вид тактика и ние се обидовме со една'".

„Имавме секакви видови планови. Разбравме дека кралицата Елизабета има акции во Кодак. Затоа размислувавме да направиме протест околу Бакингемската палата во Лондон и да ги обвиниме дека смената на стражата е заговор за да се поттикне фотографирањето. Но, немавме време да го спроведеме тоа, како ни многу други работи. Да имавме време да ја испланираме камапањата, ќе бевме многу поефикасни".

„Идејата за демонстрации околу Бакингемската палата можеби се чини налудничава, но тоа е типичен метод на Алински – привлекување внимание и шокирање до ниво на забава. Неговата основна филозофија, како што самиот често вели, е дека сиромашните, кои немаат ни пари ни авторитет да ја предизвикаат „структурата на моќта", мора да го користат единственото оружје со кое можат да управуваат – луѓето и публицитетот.

деведесет континуирани денови во деведесет различни места? Тоа не би нè чинело ни пени. Овие места не само што ѝ плаќаа надомест на мојата организација, туку ги плаќаа и патните трошоци.

И тоа така започна, без некоја конкретна помисла освен да се побара од акционерите на Истмен Кодак да ѝ ги доделат овластувањата за своите акции на црнечката организација од Рочестер, или да појдат на собранијата на акционерите и да гласаат во корист на БОРБА.

Никогаш не постоеше помисла, ниту тогаш ниту сега, за користење на овластувањата за здобивање со економска моќ во корпорацијата или за избор на директори во бордот. Воопшто не ми беше грижа дали ќе се избереле двајца директори во одборот на Кодак или во некоја друга корпорација. Сè додека опозицијата има мнозинство, тоа е тоа. Исто така, бордовите на директори се само помагала на менаџментот. Со исклучок на неколку луѓе од менаџментот кои се „пензионирале“ во бордот, останатите не знаат што е што.

Првиот вистински пробив следуваше по моето обраќање пред Националната унитаристичка конвенција во Денвер, на 3 мај 1967 година, во кое побарав и добив усвојување разолуција со која овластувањата од нивната организација ќе ѝ се дадат на БОРБА. Реакциите на локалните политичари ме натераа да сфатам дека сенаторите и конгресмените кои се пред реизбор, ќе се обратат на своите директори за истражување и ќе прашаат: „Колку унитаристи имам во мојата единица?“ Тактиката со овластувањата сега почна да заличува на политички кош одбиен од таблата. Политичките лидери кои видоа како нивните цркви ни доделуваат овластувања, можеа да видат како тие во иднина ќе ни ги дадат, исто така, и нивните гласови. Тоа ќе значеше политичка моќ. Кодак има пари, но парите на избори се важни за купување телевизиско време, реклами во весници, публицитет, политички работници, исплати и притисоци. Ако ова не успее да ги обезбеди гласовите, парите се политички бескорисни. Очигледно беше дека политичарите кои би нè поддржале би добиле многу.

На овластувањата не се гледаше како на доказ за политички намери доколку доаѓаа од организации со големо членство. Црковните организации имаа масовно членство – гласачи! Тоа значеше публицитет, а публицитетот значеше притисок врз политичките кандидати и функционери. Поставивме транспарент со нашата парола: „Задржете си ги проповедите, дајте ни ги вашите овластувања!“ и запловивме по

морето од цркви. Не можев да не ја зебележам иронијата дека црквите кои веќе ја продале нивната духовна светлина во замена за донации во вид на акции, сега повторно можат да станат исправни преку давање овластувања на сиромашните.

Притисокот почна да расте. Моја единствена грижа беше дали Кодак ќе ја прими пораката. Никогаш пред тоа, или потоа, не сум сретнал американска корпорација која е толку политички нечувствителна. Се прашував дали Кодак треба да биде изведен на сослушување пред поткомитетот на Сенатот за да се разбуди и да се откаже. Градењето политичка поддршка би ја подготвило почвата за две активности: (1) сослушување во поткомитет на Сенатот на кое би биле разоткриени повеќе практики и (2) можност за поведување истрага од страна на канцеларијата на јавниот обвинител. Доколку тоа беа алтернативите, Кодак би размислил за преговарање со нас. Имав договор со починатиот сенатор Роберт Кенеди да му кажам кога ќе сакаме да се свика сослушувањето. Во моите дискусии со Кенеди дознав дека неговата решеност да ни помогне не беше политичка, туку човечка. Беше ужаснат од состојбите во гетото Рочестер.

Почнав да ја разгледувам состојбата низ целата земја, барајќи простор за напад. Фондациите со значителни инвестиции, како Форд, Рокфелер, Карнеги и други, беа наводно посветени на општествениот напредок. Исто така беа и синдикалните пензиски фондови. Планирав да им речам: „Ако сте на тоа ниво, тогаш докажете се без никакви трошоци. Не ви бараме ни едно пени. Само назначете нè како застапници на акциите што ги имате!" Ефектот на застапувањето фондации ќе беше, се разбира, маргинален, бидејќи нивните акции не претставуваат гласачки тела, како што претставуваат црковните акции. Но и покрај тоа, тие не беа за занемарување.

Почнаа да ми доаѓаат и други идеи. Ова беше сосема нова игра за мене и мојата љубопитност ме наведе да барам и намирисувам меѓу многубројните можности низ големата волстритовска земја на чудата. Не знаев во кој правец одам, но и тоа беше дел од фасцинацијата. Воопшто не бев загрижен. Знаев дека или случајноста или нужноста, или и двете заедно, ќе ни речат: „Еј, ние одиме навамy". А бидејќи не изгледав ни вознемирен ни збунет, сите веруваа дека имам скриена и целосно организирана макијавелистичка кампања. Никој не ја насетуваше вистината. *Лос Анџелес тајмс* напиша:

> ... Битката со овластувањата за акциите на Кодак го бранува корпоративниот свет. Шефовите на неколку големи корпорации и претставниците на неколку заеднички фондови се обиделе да стапат во контакт со Алински, со цел да ги дознаат неговите понатамошни планови. Еден извршен директор на корпорација му изјави на репортерот: „Кога го прашав кој му е следниот потег, тој ми рече дека не знае. Јас не верувам во тоа".
>
> Еден новинар го запраша Алински кој му е наредниот чекор со овластувањата. „Искрено, не знам" – рече тој. „Се разбира дека имам планови, но знаете дека една ваква работа секогаш отвора нови можности, работи на кои никогаш не сме помислиле. Човеку, ова може да биде забавно, навистина забавно!"

Сето ова беше недопрена територија. Во минатото, само малкумина отишле на собранијата на акционерите за да го кренат гласот и тие во најдобар случај направиле мала иритација. Никој никогаш не организирал кампања за употреба на овластувањата за општествени и политички цели.

Добриот стар естаблишмент го даде својот вообичаен придонес. Ме побараа извршните директори на корпорациите. Од нивните нервозни прашања ми беше јасно дека го имаме сечилото со кое можевме да ја пробиеме златната завеса која го штитеше таканаречениот приватен сектор од соочување со неговите јавни одговорности. Работите ми станаа уште појасни кога бизнис-списанијата се приклучија со свои насилни напади.[16] Во сите мои дотогашни војни со естаблишментот, никогаш ги немав видено толку напнати. Знаев дека во заканата со овластувањата има експлозив. Но, каде? „Каде" значеше „како".

Како што се движев низ оваа џунгла, барајќи некаква матрица на моќта, започнав да забележувам некои работи. Види, види! Дупонт

[16] Баронсовиот *Нешанал бизнис енд фајненшел викли* од 1 мај, 1967 година, „Кој не е фокусиран?": „...можеби настанот кој најмногу останува во сеќавање од изминатава сезона се случи во Флемингтон, Њу Церси, каде што во вторникот компанијата Истмен Кодак го одржа својот годишен состанок... Можеби е само коинциденција, но на генерално силниот пазар, акциите на Исмтен Кодак паднаа наеднаш за шест поени... Компаниите најдобро им служат на своите акционери и заедници кога се држат до бизнисот... [Алински беше опишан] од страна на 'Мухамед Говори', тело на Црните муслимани, како 'еден од најдобрите социолози и криминолози во светот'... Време е Кодак и другите од индустријата на САД да престанат да го вртат и другиот образ... Менаџментот е управувач со имотот на други луѓе. Не смее никогаш да си дозволи да заборави која е неговата примарна обврска".

поседува големко парче од Кодак, а богами и оваа и онаа корпорација. И оние заеднички фондови! Тие ти имале инвестирано повеќе од 60 милијарди долари во акции, а меѓу нивните холдинзи е и Кодак. На крајот на краиштата, и заедничките фондови имаат годишни состаноци и овластувања. Да претпоставиме дека имаме овластувања во сите корпорации во Америка, да претпоставиме дека се бориме со корпорација Икс и да претпоставиме дека покрај тоа имаме овластувања и за разни други корпорации кои имаат акции во корпорацијата Икс, како и овластувања за други корпорации кои имаат акции во корпорациите кои имаат акции во корпорацијата Икс.

Наскоро бев зашеметен од изобилството можности. Можеше да почнеме да си поигруваме со целиот Вол Стрит. Можеше да појдете во корпорацијата Зед, на пример, да им ги посочите вашите овластувања таму, да им спомнете дека имате некои поплаки против нив поради нивните операции засновани на лоша политика, но дека сте подготвени да заборавите на тоа (засега) доколку тие ги употребат нивните акции за да извршат притисок врз корпорација Кју со цел да се повлијае врз корпорацијата Икс. Истиот притисок може да се изврши и врз самата корпорација Кју. Можете со сите да правите договори. Она што секогаш работи во ваша корист е личниот интерес на корпорациите и фактот дека тие се мразат меѓусебно. Тоа е она што јас го нарекувам корпоративно џиуџицу.

Неодамна бев на работен ручек со еден број претседатели на големи корпорации и еден од нив го изрази своето стравување дека јас на работите гледам само низ призмата на моќта, наместо од гледна точка на добрата волја и разумот. Одговорив дека кога тој и неговата корпорација ќе им пристапат на другите корпорации со разум, добра волја и соработка, наместо да ги фаќаат за гуша, тогаш и јас радо би ја продолжил расправата. Темата беше отфрлена.

Овластувањата претставуваа клуч за учеството на средната класа. Но, прашањето беше како да се организираат. Тука важна улога одигра фантазијата. Беше време на сцената да настапи играта на случајот или нужноста, или и на двете. Се фатив себеси како велам: „Случају, случају, каде си по ѓаволите?“

И тој дојде! *Лос Анџелес ӣајмс* објави статија на насловната страница за тактиката со овластувањата. Наскоро бевме преплавени од писма, меѓу кои и полни вреќи овластувања во разни корпорации.

Во едно писмо пишуваше: „Имам 10.000 долари за инвестирање. Какви акции треба да купам? Какви овластувања ви се потребни? Да купам од Дау кемикал?" Но, двете најбитни писма го донесоа *случајот* кој укажа на наредниот чекор. „Во прилог ви ги испраќам моите овластувања. Ме интересира дали и други од моето предградие ви испратиле овластувања за нивните акции? Доколку ви испратиле, би ви бил благодарен ако ми ги дадете нивните имиња и адреси за да можам да свикам состанок на жителите и да организирам Секција на полномоштва за народот во долината на Сан Фернандо". Во второто писмо пишуваше: „Јас сум целосно за тоа, но не знам зошто вие треба да го имате правото да решавате кои корпорации треба да се нападнат – на крајот на краиштата, тоа се наши овластувања и ние би сакале да се чуе и нашиот глас за тоа. *Исто така, не знаеме зошто е потребно вие да одите на состаноците на одборите со нашите овластувања – зошто ние да не одиме со нашите овластувања, се разбира откако сите ќе се организираме и ќе знаеме што сакаме, но ние би сакале самите да одиме*".[17] Овие две писма целосно ја отворија вратата. Па, се разбира! Со години велев дека моќта е во народот! Зар можев да бидам олку глупав? Ете! Наместо годишните претстави како онаа на Истмен Кодак во Флемингтон, Њу Џерси, кога компанијата со десетици автобуси ги носи своите вработени акционери во салата на некое јавно училиште – на платено еднодневно отсуство со бесплатен ручек (и тоа мизерен) за да го отпеат нивниот Зиг хајл, па ги враќа во Рочестер – да ги натерам да ги одржуваат нивните собранија на стадионот во Њуарк или Џерси Сити, или на отворено во Атлантик Сити, каде што ќе може да присуствуваат илјадници овластени застапници. Стадионот на Јенки во Њујорк или Солџер филд во Чикаго можеби би биле уште подобри, но голем број од корпорациите во Америка се инкорпорирани во специјални заштитни прибежишта како што е Њу Џерси или Делавер, па ќе тврдат дека мора да се состануваат во тие држави. Всушност, претседателот Никсон го постави преседанот за прибежиштата. Да видиме што ќе се случи кога Флемингтон, Њу Џерси, со неговиот еден, скапан хотел и два мотели ќе се соочи со инвазија од 50.000 акционери. Дали државата ќе ја повика Националната гарда за да ги спречи акционерите да присуствуваат на своето годишно собрание? Не заборавајте дека ова не се хипици, туку

[17] Курзивот е додаден.

граѓани на Америка во најестаблишментска смисла – акционери! Што може да биде поамериканско од тоа?

Да замислиме ситуација во која 75.000 луѓе гласаат „против", а еден човек вели: „Во име на мнозинството овластувања кои ѝ се дадени на управата, јас гласам „за" и со тоа предлогот се прифаќа. Ајде да видам дали има некоја управа што би се експонирала на ваков начин.

Но, вистинската важност на оние писма беше во тоа што тие покажаа начин како да се организира средната класа. Овие луѓе, големо мнозинство меѓу Американците, кои се чувствуваат беспомошни во огромната корпоративна економија и не знаат на која страна да се свртат, почнаа да *ѝ го вртат грбот* на Америка, да абдицираат како граѓани. Тие ја оправдуваат својата постапка велејќи дека сето тоа, на крајот на краиштата, ќе го средат експертите и власта. Тие се како безимотните кои, кога се неорганизирани и немоќни, едноставно се помируваат со тажната сцена. Овластувањата може да бидат механизмот со кој овие луѓе би можеле да се организираат, а штом ќе бидат организирани, ќе се вратат во политичкиот живот. Штом ќе бидат организирани околу овластувањата, ќе имаат причина да истражуваат, да се образуваат за разните домашни и странски корпорациски политики и пракси – затоа што сега ќе можат да направат нешто во врска со нив.

Ќе има и „периферни" придобивки. Патувањата на акционерските собранија ќе внесат драма и авантура во инаку безбојниот и неактивен живот во предградијата. Организациите на застапници ќе помогнат да се премости генерацискиот јаз, затоа што родителите и децата ќе се здружат во борбата против Пентагон и корпорациите.

Овластувањата може да бидат ефикасен пат до Пентагон. Покојниот генерал Даглас Мек Артур, во неговиот проштален говор во Конгресот изрече една полувистина: „Старите генерали никогаш не умираат, тие само избледуваат". Генералот Мек Артур требаше да ја доврши својата изјава со зборовите: „Тие избледуваат во Локид, Боинг, Џенерал дајнемикс и другите корпорации". Две години пред неговото пензионирање, веќе може да го најдете генералот како извидува и си го поставува корпорациското прибежиште во кое ќе „избледува".

Може да си замислите сцена во која еден генерал информира некој извршен директор дека неговата корпорација ќе добие нарачка во вредност од 50 милиони долари за производство на нервен гас,

напалм, дефолијанти* или некој друг производ кој го извезуваме на човештвото. Наместо реакција на благодарност и: „Генерале, веднаш штом се пензионирате, би сакале да разговараме со Вас за вашата иднина“, тој се соочува со: „Па, видете Генерале, ви благодарам за тоа што нѐ зедовте предвид за овој договор, но следниот месец имаме собрание на акционерите и вревата што ќе настане кога тие илјадници акционери ќе слушнат за ова – на тоа, Генерале, не сакам ни да помислам. А тоа никако не ќе можеме да го скриеме. Ми беше мило што се видовме“.

Значи, што се случи сега? Прво, генералот наеднаш сфати дека корпорациите се повлекуваат од целата воена сцена. Второ, фактот дека илјадници акционери би се противставиле на тоа, нему му се преведува во факт за илјадници американски граѓани кои не се ни долгокоси, ни бељации, ни комунисти, туку двестепроцентно автентични Американци. Човек би можело да почне да комуницира со уникатниот (наводен) менталитет на суштествата од видот Пентагон.

Она што ќе биде потребно е компјутеризирана операција која брзо ќе овозможи (1) детален преглед на уделите на секоја корпорација, (2) детален преглед на уделите на други корпорации кои поседуваат акции во целната корпорација и (3) детален преглед на поединечните овластувања за акциите во целната корпорација и во корпорациите кои имаат удели во целната корпорација. Информацијата за овластените акции на поединците ќе мора да остане доверлива, за да се заштитат луѓето кои не би сакале нивните соседи да дознаат колку акции поседуваат.

Ќе има организација на национално ниво, што ќе ја формирам јас или некој друг, со национален штаб во Чикаго или Њујорк, или и на двете места. Канцеларијата во Њујорк би можела да ги води сите компјутеризирани операции, а канцеларијата во Чикаго би служела како штаб на ангажираните организатори кои постојано би се движеле низ многубројните заедници во Америка, од долината Сан Фернандо до Балтимор и сите места меѓу нив.

Одговарајќи на интересите и барањата на локалните групи од предградијата, тие би ги користеле нивните вештини за да договорат организациски состаноци и да обучат волонтерски организатори кои

---

* Хемиски агенси кои се користат за уништување на лисјата на растенијата. Биле нашироко користени во Виетнамската војна (*заб. на прев.*).

би ја продолжиле работата. Вработените организатори би ѝ приоѓале на секоја сцена со една идеја на ум – да започнат формирање масовна организација во средната класа. Тактиката со овластувања ќе им биде заедничка за сите овие групи, а секоја група ќе се собира за секое друго прашање околу кое луѓето би биле заинтересирани да се организираат. Тие можат да започнат со тоа што ќе организираат групи за учење на корпоративните политики, давајќи препораки за тоа со кои корпорации би требало „да се искомуницира" и би избрале еден свој член како претставник во националниот одбор. Националниот одбор ќе биде одговорен за одлуките во однос на корпорациските цели, теми и политики. Разните претставници во националниот одбор ќе бидат одговорни и за регрутирање нови членови во нивните локални организации, кои ќе присуствуваат на годишните собранија на акционери. Во овој национален одбор ќе има, исто така, претставници и од сите видови организации на потрошувачите, како и цркви и други институции посветени на оваа програма. Тие ќе можат да придонесат со вредни технички совети, како и со поддршката од страна на нивните членства.

Запомнете дека целта на пристапот со овластувањата не е само да се добие инструмент на моќта во однос на нашата корпоративна економија, туку механизам кој ќе обезбеди експлозија на организации на средната класа – почнувајќи со овластувањата, тој механизам подоцна ќе почне да активира други искри низ целата политичка сцена, од локалните избори, до конгресот. Штом луѓето се веќе организирани, тие ќе продолжат да се ангажираат од тема на тема. *Вистинската цел е моќта на народот; овластувањата се само средството за тоа.*

Целата оваа операција ќе бара специјално собирање средства за буџетот неопходен за операцијата. Има многумина кои доброволно инвестираат време и пари, но собирањето средства ќе биде тешко затоа што е очигледно дека нема да има придонес од корпорациите и фондациите – исто така, ниеден прилог нема да биде ослободен од данок.

Несомнено е дека корпорациите ќе возвратат укажувајќи им на акционерите дека превентивните програми против загадувањето, одбивањето воени договори и сличните други барања на акционерите ќе резултираат со намалени дивиденди. Но додека тоа се случи, акционерите ќе доживеат огромна сатисфакција и важност во нивните

кампањи, која ќе им биде поважна од делот што го добиваат преку дивидендата.

Корпорациите ќе го променат нивниот придонес во акции кон универзитетите. Веќе е соопштено дека Универзитетот во Рочестер нема да може да гласа со акциите што ги има во Кодак, бидејќи гласачката моќ на тие акции ја задржала управата на Кодак – што претставува едно интересно правно прашање. Ова се некои од потенцијалите и проблемите на функционирањето на овластувањата на американската сцена. Тоа може да означи почеток на целосно нов вид кампања на универзитетските кампуси против управата на универзитетите преку нивните акции. На 12 мај 1970 година, доверителите на универзитетот Станфорд ги доделија гласовите на нивните 24.000 акции во Џенерал моторс на раководството на корпорацијата, не земајќи ги предвид предлозите на студентите на Станфорд, овластувањата за акциите да се употребат против раководството. Истото се случи на Универзитетот на Калифорнија со 100.000 акции, Универзитетот Мичиген со 29.000 акции, Универзитетот на Тексас со 66.000 акции, Харвард со 287.000 акции и МИТ со 291.500 акции; исклучоци беа Универзитетот на Пенсилванија и колеџот Антиох, каде нивните 29.000 и 1.000 акции беа гласани според предлозите на студентите.

Зборуваме за „релевантна универзитетска наставна програма“! Што може да биде поедукативно од тоа студентите да почнат да ги изучуваат американските корпоративни политики и да се вклучат во акционерските собранија преку овластувањата на универзитетите? Со години, универзитетите без двоумење го спроведуваа она што тие го викаат програми за теренско истражување и активности меѓу сиромашните, но кога станува збор за истражување и активност кај корпорациите, никаде ги нема. Јас велам дека американските корпорации се духовно бедни, а нивната ароганција е главната закана за нашата иднина како слободно општество. За ова прашање ќе има и треба да има голема борба на универзитетските кампуси во оваа земја.

Ако навлезам во ова, тоа ќе значи дека ја напуштам Фондацијата индустриски области по триесет години – организацијата што јас ја изградив. Она што најверојатно ќе се случи е дека ќе дојдат други кои ќе го посветат сето свое време на оваа кампања, а јас ќе бидам тука цело време додека се основа и почне да функционира. Но, ако по она што го видовме во однос на генезата на тактиката со овластувањата не е

јасно дека генезата на Овластувањата за народот е непредвидлив, дека ќе се развие преку случајности, потреби и фантазија, тогаш и јас и вие залудно сме губеле време – јас пишувајќи го ова, а вие читајќи го.

Неодамна, еден од главните советници на претседателот Никсон ми рече: „Овластувањата за народот ќе значат револуција – никогаш нема да дозволат тоа да ти помине". Верувам, во право е дека тоа „би значело револуција". Тоа би можело да значи организација за моќ на дотогаш тивкиот народ. Начинот на учество преку овластувања би можел да значи демократизација на корпоративна Америка. Би можело да резултира со промена на нивните активности во странство, што би предизвикало големи поместувања на државната надворешна политика. Ова би можело да биде најбитниот пробив во револуциите на нашето време.

# ПАТОТ ПРЕД НАС

ОРГАНИЗИРАЊЕТО ЗАРАДИ АКЦИЈА сега и во наредните децении ќе се фокусира врз белата средна класа во Америка. Таму лежи моќта. Кога повеќе од три четвртини од нашите луѓе припаѓаат на средната класа, и според економистите, но и според нивното самоидентификување, јасно е дека нивното дејствување, односно недејствување ќе ја определи насоката на промената. Мора да се активираат големи делови на средната класа, т.е. „тивкото мнозинство“; акцијата и артикулацијата се едно исто, како што се едно исто и молкот и откажувањето.

Ние почнуваме тоа со задоцнување да го разбираме, да сфаќаме дека дури и кога сите делови на нашето население со ниски примања – сите црнци, американски Мексинаци, Порториканци и сиромашни бели Апалачи – би се организирале, дури и кога преку некоја генијална организација сите би се обединиле во коалиција, таа организација нема да биде доволно моќна да ги направи оние значајни, основни промени кои се потребни. Таа ќе мора да го стори она што мора да го прават сите малцински организации, мали нации, синдикати, политички партии и други мали организации – да си бараат сојузници. Прагматиката на моќта не дозволува никаква друга алтернатива.

Единствените потенцијални сојузници за сиромашните во Америка би можело да се најдат во разните организирани сектори на средната класа. Ги видовме сезонските земјоделски работници на Цезар Чавез како ѝ се обратија на средната класа со нивниот бојкот на грозјето. Во борбата против Истмен Кодак, црнците од Рочестер, Њујорк, се свртеа кон средната класа и нивните овластувања.

Активистите и радикалите по нашите универзитетски кампуси и надвор од нив – луѓето кои се посветени на промена – мора да направат комплетен пресврт. Со ретки исклучоци, нашите активисти и радикали се производ на нашето општество на средната класа, но и бунтовници против него. Сите бунтовници мора да ги нападнат моќниците во своето општество. Нашите бунтовници прекорно ги отфрлаат вредностите и начинот на живот на средната класа. Тие го стигматизираат како материјалистички, декадентен, буржоаски,

дегенериран, империјалистички, кој креира војни, бруталeн и корумпиран. Во право се; но ако сакаме да изградиме моќ која ќе донесе промена, мора да започнеме од онаму каде што се наоѓаме, а моќта и луѓето се наоѓаат во мнозинската, средна класа. Затоа претставува бескорисно самозалажување за еден активист да го остави своето минато зад себе. Наместо тоа, треба да ја сфати бесценетата вредност на своето искуство во средната класа. Неговиот идентитет во средната класа, неговото познавање на вредностите и проблемите, се непроценливи за организирањето на „неговите луѓе“. Тој има искуство на кое може да се наврати, да го проучи и да се обиде да го разбере начинот на живот на средната класа; а сега има и причина да знае, бидејќи доколку сака да организира, ќе мора да знае. Мора да знае за да биде ефективен во комуникацијата, тактиката, создавањето прашања и организацијата. На поинаков начин ќе гледа на своите родители, нивните пријатели и нивниот начин на живот. Наместо инфантилната драма на отфрлање, тој сега ќе почне со дисекција и испитување на тој начин на живот, како никогаш порано. Ќе знае дека „човекот по прописи“ повеќе не треба да се отфрла затоа што е таков – напротив, неговиот сопствен пристап мора да биде доволно „по прописи“ за да може акцијата да започне. Свртувајќи се назад кон средната класа како организатор, тој ќе открие дека сега сè има поинакво значење и цел. Тој учи да ги гледа активностите надвор од искуството на луѓето како средства чија цел е само да ги збунат и да ги противстават луѓето. Тој почнува да ги разбира разликите во вредносната дефиниција на постарата генерација во однос на „привилегијата на универзитетско искуство“ и нивната сегашна реакција на тактиката што ја користи значително малцинство студенти при бунтовите во кампусите. Тој открива што е нивната дефиниција за полицијата и кој е нивниот јазик – ја отфрла реториката која секогаш го употребува зборот „свиња“. Наместо непријателско отфрлање, тој бара мостови на комуникација и поврзување преку јазовите, генерациите, вредностите и слично. Со стратешка сензитивност ќе гледа на природата на однесувањето на средната класа и сите нејзини фрустрации поради непристојноста или агресивните, навредувачки и профани дејства. Сето ова и уште многу други нешта треба да се сознаат и да се употребат за да се радикализираат делови на средната класа.

Непрецизната категорија „средна класа“ може да се подели на три групи: ниска средна класа со приходи од 6.000 до 11.000 долари, средна средна класа со 12.000 до 20.000 долари и горна средна класа со 20.000 до 35.000 долари. Постојат утврдени културни разлики меѓу ниската средна класа и останатиот дел на средната класа. Во ниската средна класа среќаваме луѓе кои цел живот се бореле за она малку нешто што го имаат.

Со неколку исклучоци, како што се наставниците, тие никогаш не отишле потаму од средно училиште. Биле посветени на вредности како што се успехот, напредувањето, сигурноста, поседувањето „сопствен“ дом, автомобил, телевизор во боја и пријатели. Нивните животи се 90 проценти неисполнети сништа. За да им избегаат на своите фрустрации, се фаќаат за последната надеж дека нивните деца ќе завршат факултет и ќе ги исполнат тие неисполнети сништа. Тие се плашливи луѓе, кои се чувствуваат заплашено од сите страни: ноќниот кошмар на пензионирањето кој им виси над глава и староста со пензиското осигурување десеткуван од инфлацијата; сенката на невработеноста поради лошата економија, каде црнците, веќе уплашени од судирот на култури, заканувачката конкуренција за работни места, високите трошоци на долготрајни болести и, конечно, неисплатените станбени кредити, дополнително се плашат и од можноста дека имотот ќе им го девалвира доселувањето на други небелци во нивните соседства. Преоптоварени се со даноци на приход, на храна, на недвижен имот и автомобили на сите нивоа, од градски и државни до национални. Заведени од вредностите достапни со исплата на рати, се доведуваат во ситуација одвај да успеваат да ги покријат овие долгорочни исплати, а да не зборуваме за тековните трошоци на живот. Виктимизирани од телевизиските реклами со нивните лажни понуди за храна и здравствени производи, тие ги гледаат вестите емитувани меѓу рекламите, каде на седници на комисии на Сенатот се покажува дека купувањето на овие производи е во голема мера залудно трошење на нивните тешко заработени пари. Повеќекратните финансиски кризи резултираат од незгоди за кои тие мислеле дека се осигурани, а всушност само им овозможуваат да ја доживеат повредата со ситни букви од едно од нашите денешни најшокантни рекетирања на довербата – осигурителниот рекет. Нивните задоволства се едноставни: уредување на малиот заден

двор на малата куќа, бунгалов или барака во некој монотон дел на работ на предградијата; неделна прошетка во природа со автомобил, излегување на вечера еднаш во неделата во некој ресторан како Хауард Џонсонс. Оваа класа опфаќа многумина од градежните работници, полицијата, пожарникарите, санитарните работници, наставниците во училишта и голем дел од државните службеници, механичари, електричари, чистачи и полуквалификувани работници.

Во невработените сиромашни тие гледаат паразити кои треба да ги издржуваат, корисници на широк спектар огромни јавни програми кои ги плаќаат тие самите, „јавноста". Гледаат како сиромашните одат на факултет без да плаќаат школарина и уште примаат посебна финансиска помош. Во многу случаи, припадниците на ниската средна класа не се примени на факултет токму поради овие исти околности. Нивната огорченост е уште поголема и затоа што тие уште плаќаат и даноци за тие факултети, за подобри јавни услуги, противпожарни услуги, полиција, јавно здравство и социјална помош. Тие ги слушаат сиромашните како ја бараат социјалната помош како свое „право". За нив ова е иритирање на жива рана.

Барајќи смисла во животот, тие се претвораат во екстремни шовинисти и стануваат бранители на „американската" вера. Сега дури развиваат и рационализација за бескорисниот живот и фрустрацијата. „Тоа е црвената напаст!" Сега тие не се само највокални во нивната поддршка на законот и редот, туку се и зрели да им станат жртви за таквите демагози како Џорџ Волис, Друштвото Џон Бирч и вечната Црвена закана.

Несигурни во овој свет кој брзо се менува, тие се држат за некои илузорни утврдени точки – кои за нив се многу реални. Дури и разговорот е во насока на зацврстување на нивната позиција во светот: „Не сакам да се расправам со тебе, само кажи ми што ти значи тебе нашето знаме?" или: „Што мислиш за оние дигнатите со завршен факултет, кои не работеле ни еден ден во животот?" Тие користат придавки кои откриваат, како што се „надворешни агитатори" или "проблематични лица" и други прашања од типот: „Кога последен пат ја истепа жена ти?"

Од друга страна, тие гледаат како средната средна класа и горната средна класа заземаат либерална, демократска позиција посвета од нивната и ги напаѓаат предрасудите против вработените сиромашни.

Тие гледаат како преку разни видови даночни избегнувања, средната средна класа и горната средна класа можат да го избегнат нивниот дел од даночните товари – така што најголем дел од него (според нив) паѓа врз грбот на ниската средна класа.

Тие го гледаат Сенатот на САД, во кој приближно една третина од членовите се милионери, а другите, со ретки исклучоци, се многу богати. Гледаат дека законот кој бара целосно јавно објавување на финансиските интереси на сенаторите, пророчки наречен Закон за Сенатот 1993 (што е веројатно годината кога конечно ќе биде усвоен), се наоѓа во „комисиска процедура“ и си велат: „Владата ја претставува горната средна класа, но не и нас“.

Многу од ниската средна класа се членови на синдикалните организации, цркви, тимови за куглање, здруженија, служби и организации по национална основа. Тие се организации и луѓе со кои мора да се соработува, исто како со секој друг дел од нашето население – со почит, разбирање и сочувство.

Ако ги одбиете, сигурно е дека ќе ги загубите. Тие нема да се смалат и да исчезнат. Не можете да се ослободите од нив со тоа што ќе го смените каналот на телевизорот. Тоа е она што постојано го правите во вашиот радикализиран свет на соништата, но тие се тука и тука ќе останат. Ако не ги здобиеме, ќе ги здобијат Волис или Спајро Т. Никсон*. Бидете убедени дека иако е гласот можеби на Егњу, зборовите, одмаздничкото навредување, се всушност секогаш на Никсон. Никогаш немало потпретседател кој не бил верен службеник или така што бил верен мегафон на својот претпоставен или така што молчел.

Не заборавајте дека дури и ако не можете да ја победите ниската средна класа, морате барем дел од неа да убедите на комуникација, потоа на серија делумни договори и на желба да се апстинира од тврдата опозиција кога настапува промената. Тие имаат улога во главната увертира во реформата, преку нивното прифаќање дека старите начини со своите ветувања за иднината веќе не функционираат и дека мораме да одиме напред – можеби не е утврдено или сигурно каде одиме, но мораме да одиме.

Луѓето мора да се „реформираат“ – за да не се деформираат во зависници од други и преку очај да доведат до диктатура и смрт на

---

* Алузија на тандемот Ричард Никсон (претседател) - Спајро Т. Егњу (потпретседател) во Белата куќа во периодот 1969 - 1973 година (*заб. на ред.*).

слободата. „Тивкото мнозинство" е сега повредено, огорчено, недоверливо, се чувствува отфрлено и заробено. Оваа болна состојба на многу начини е еднакво експлозивна како и сегашната расна криза. Нивните стравови и фрустрации и нивната беспомошност се издигаат до ниво на политичка параноја, која може да ги демонизира луѓето дотаму што ќе се завртат кон законот на преживување во неговата најтесна смисла. Овие емоции можат да отидат или кон крајната десница на тоталитаризмот или напред кон Вториот чин на Американската револуција.

Проблемите на 1972 година ќе бидат исти како овие од 1776 година. „Нема оданочување без застапување". За да се има вистинско застапување треба јавните фондови да бидат достапни за трошоците за кампањи, за да може претставници од ниската средна класа да учествуваат на изборите за политичка функција. Ова може да биде проблем за мобилизација на ниската средна класа и значителни сектори од средната средна класа.

Останатиот дел на средната класа, со неколку исклучоци, живее во предградијата, во илузија на делумно бегство. Со тоа што се сè пообразовани, тие се и поизгубени. Во ништо не гледаат смисла. Мислеле дека успеале во животот со тоа што имаат куќа во предградие, на две нивоа, два автобомила, два телевизора во боја, членство во клуб, сметка во банка, деца во добри училишта и потоа на факултет. Верувале во тоа, а откриле дека не успеале. Многу од нив ги изгубиле децата – ги изгубиле од вид поради нешто што се нарекува генерациски јаз. Виделе како вредностите кои им биле свети се исмеани и самите се почувствувале исмеани како „прописни" или како чувари на реликвии од еден мртов свет. Френетичната сцена околу нив е толку жестока што ги принудува или да се повлечат во приватен свет, во непостоечкото минато, згадени од својата лична форма на општествена шизофренија – или да се соочат со тоа и да дејствуваат. Ако некој сака да дејствува, дилемата е како и каде; не се прашува „кога?", бидејќи времето изминува, очигледно времето е сега.

Пред нас претстојат огромни основни промени. Не можеме да продолжиме и да опстоиме во нихилистичките апсурдности на нашето време, каде ништо од она што го правиме нема смисла. Сцената околу нас нè принудува брзо да го одвратиме погледот, доколку сакаме да си го задржиме разумот. Ние сме генерацијата на загаденост, прогресивно

се трошиме во нашето сопствено ѓубре. Објавивме дека водата ни е загадена од нашите лични секрети, инсектициди и детергенти и потоа ништо не направивме за тоа. Дури и помалку умните луѓе, ако се разумни, одамна ќе направеа нешто едноставно и очигледно – ќе ги забранеа сите детергенти, ќе развиеја нови инсектициди кои не ја загадуваат средината и веднаш ќе изградеа капацитети за складирање на отпадот. Очигледно ние повеќе сакаме да бидеме скелети во чисти кошули. Повеќе сакаме да дишеме загаден воздух, отколку да имаме нечиста јака на кошулата. До крај сакаме да бидеме закопани во бели светли кошули. Нашето упорно користење на инсектицидите кои ги имаме, ќе придонесе светот да им остане на инсектите.

Од сите загадувања околу нас, ниедно не е толку големо колку политичкото загадување на Пентагон. Од војната во Виетнам, која е истовремено и самоубиствена и убиствена, политиката на излегување преку влегување сѐ подлабоко и подлабоко, извештаите на Пентагон кои ја потценуваат дури и интелигенцијата на мороните дека војната ќе ја добиеме во рок од шест месеци, па уништувањето повеќе мостови во северен Виетнам отколку што воопшто ги има во светот, броењето и известувањето за жртвите на непријателот од хеликоптери: „Добро Џо, бевме тука 15 минути, ајде да се вратиме и да речеме дека има 150 мртви“, брутализирањето на нашата помлада генерација со Ми Лај* додека истовремено ги игнорираме сопствените принципи од Нирнбершкиот процес, па сѐ до ставањето на нашите војници во услови кои се толку подложни на користење дрога што истапуваме како застапници за слободното користење на марихуаната. Овој Пентагон, чија економска пустош и корупција и морално и финансиски ја банкротира нашата нација, ѝ дозволува на компанијата Локид еаркрафт да лоцира една четвртина од своето производство во малото гратче во внатрешноста на Џорџија кое е родното место на покојниот сенатор Расел (моќна личност при одлучувањето за воениот откуп на земјиште) и потоа да ги пренесе нивните барања за федерална милионска помош како спас од финансиско фијаско. Ситуацијата во конгресната изборна единица на покојниот пратеник Мендел Риверс – кој беше во конгресната Комисија за воени работи – е уште полоша, со феноменални исплати

* Масакрот кај Ми Лај се случил за време на војната во Виетнам, кога една единица американски војници убиле стотици невооружени цивили, а делови од воената и политичката елита во САД се обиделе тоа да го забошотат (*заб. на ред.*).

за секаков вид инсталации од корпорации кои се тепаат за златото на Пентагон. Дури и нашиот здраворазумен потпретседател го опиша тоа на начин за кој тој самиот мислеше дека е забавен, иако всушност е неверојатно трагичен за секој слободољубив Американец.

> …Потпретседателот Егњу го пофали господинот Риверс за неговата „желба да застане зад таканаречениот и често дискредитиран воен индустриски комплекс", што со аплауз го поздравија 1.150 генерали, конгресмени и бизнис партнери на министерството за одбрана во балската сала на хотелот Хилтон во Вашингтон.
>
> ...Господинот Егњу рече дека сака „да ги запре грдите, злобни и бесрамни озборувања" дека господинот Риверс, во чија изборна единица во Чарлстон, Јужна Каролина, врие од воени постановки, „се обидува дел по дел да го пресели целиот Пентагон во Јужна Каролина. „А на помислата дека Чарлстон би можело да потоне под море од таквиот товар", рече потпретседателот, одговорот на господинот Риверс бил: „Жалам што имам само една конгресна изборна единица во земјава – мислам, да ѝ дадам на земјава".
>
> — *Њујорк тајмс,* 13 август 1970

Ова е истиот оној Пентагон кој произвел околу 16.000 тони нервен гас за кои не е јасно за што и за кого се, освен можеби за да има повеќе од она што веќе го има премногу. Никој не го отвори прашањето за тоа кој ги добил договорите, колку чинело, каде отишле исплатите? Сега е големо прашање како тој да се уништи, бидејќи како што стрее, постои опасност да протече кај нас. Пентагон изјавува дека потонувањето на нервниот гас е безбедно, *но тие отсега па натаму ќе барале некој безбеден начин за тоа!* Сосема се игнорира очигледниот американски начин на преземање лична одговорност за сопствените постапки – зашто инаку, штом Пентагон го произвел, тој нека си го чува кај себе и нека го складира во подрумите во Пентагон, или, штом претседателот како врховен командант на нашите воени сили верува дека потопување на 67 тони нервен гас во океанот е толку безбедно, зошто не се држи до своите уверувања и не го потопи во водите на Сан Клементе, во Калифорнија*? И едната и другата акција ќе ни донесеа барем малку надеж за иднината на нацијата.

* Гратче на калифорнискиот брег каде што претседателот Никсон имал вила која била неговото омилено место за одмор (*заб. на ред.*).

Тркалото и понатаму се врти без никакво скршнување кон некаква разумност. Армијата го одбра последниот ден од сослушувањата во Претседателската комисија која ги испитуваше убиствата на Националната гарда на Државниот универзитет Кент*, за да објави дека пушките М-16 сега ќе се користат и од Националната гарда. Извештајот на Претседателската комисија е осуден да остане необјавен сè додека не заврши фудбалскиот натпревар на Нова година, кога ќе го прочита нашиот претседател кој гледа фудбал на телевизија дента кога се одржува најголемиот марш во историјата на Вашингтон, Денот на Мораториумот**. Тука се и нашите генерали и нивните „научни“ гремлини, кои откако нè убедуваа дека не постои никаква радиоактивна опасност од атомските тестови во Невада, сега, повеќе од дванаесет години подоцна, запечатија 250 квадратни милји земјиште бидејќи биле „контаминирани со отровен и радиоактивен плутониум 239“ (*Њујорк тајмс*, 21 август 1970). Тоа било поради експлозиите во 1958 година! Дали „безбедното“ фрлање на нервниот гас во 1970 година сè уште ќе биде толку „безбедно“ и дванаесет години подоцна? Може само да се чудиме како ќе запечатуваат 250 милји од Атлантскиот Океан. Веројатно истите тие „научни“ гремлини ќе добијат задача да се ослободат од илјадниците тони дополнителен складиран нервен гас, од кој приближно 15.000 тони се во Окинава и треба да се префрлат на некој друг остров.

Додајте го ова на секојдневните извештаи за тоа како час сме биле во Камбоџа, час сме биле вон, час не сме биле во, туку сме биле над со нашите бомбардери, како нема да сме се мешале таму како во Виетнам, но не сме можеле да излеземе од Виетнам без да ја штитиме Камбоџа, како сме го правеле ова, но всушност сме го правеле она, без никакво разумно објаснување за целото ова лудило, освен половичната помош од Белата куќа со нивниот коментар: „Не слушајте што велиме, туку гледајте што правиме“, половична помош бидејќи и нивните изјави и нивните постапки нè оставаат замрени од стаписаност и неверување.

* Во 1970 година, на Државниот универзитет Кент, во Кент, Охајо, дошло до судир меѓу студентите кои протестирале против Никсоновата најава за воена акција во Камбоџа и Националната гарда на Охајо, при што гардистите убиле четворица студенти и раниле други деветмина (*заб. на ред.*).

** Мораториум за запирање на војната во Виетнам биле масовни демонстрации против американското учество во Виетнамската војна, меѓу кои бил и Маршот за мораториум во Вашингтон, одржан на 15 ноември 1969 година, на кој учествувале 500.000 демонстранти (*заб. на ред.*).

Токму во вакви времиња почнува да нè прогонува старата максима: „Боговите прво ги прават смешни оние што мислат да ги уништат“.

Средната класа е вкочанета, стаписана, занемена од страв. Тие не знаат што можат да направат, ако воопшто нешто можат да направат. Тоа е задачата за денешните радикали – да го разгорат жарот на безнадежноста во пламен за борба. Да речат: „Не може да се повлечеш како што направија многумина од мојата генерација!“ „Не може да го свртиш погледот – погледни – ајде заедно да направиме промена!“ „Погледни нè. Ние сме твои деца. Ајде да не се напуштаме едни со други, бидејќи дури тогаш е готово со сите нас. Заедно можеме да ги смениме работите како што сакаме. Ајде да започнеме тука и таму – ајде!“

Задачата е прво да се донесе надеж и да се направи она што секој организатор мора да го направи со сите луѓе, сите класи, места и времиња – да им ги соопшти средствата или тактиките со кои луѓето ќе почувствуваат дека имаат моќ да го направат ова или она. Денешната средна класа во голема мера се чувствува попоразена и поизгубена отколку нашите сиромашни.

Се враќаш, значи, на сцената во предградието на твојата средна класа, со нејзините разновидни организации, од училишните здруженија на родители и учители до Лигата на жените гласачи, групите на потрошувачи, црквите и клубовите. Задачата е да ги пронајдеш лидерите во тие разновидни активности, да ги идентификуваш нивните најголеми проблеми, да ги најдеш подрачјата за кои има општа согласност и да ја побудиш нивната имагинација со тактика која ќе внесе драматика и авантура и ќе ја разбие здодевноста на животот на средната класа.

Тактиката мора да започне со искуството на средната класа, прифаќајќи ја нивната аверзија кон неучтивост, вулгарност и конфликт. Започни полека со нив, немој да ги исплашиш. Реакцијата на опозицијата ќе го донесе „образувањето“ или радикализацијата на средната класа. Тоа се случува секој пат. Како што веќе реков, тука тактиката ќе се развие во течење на акција и реакција. Шансата да се организираме за акција против загаденоста, инфлацијата, насилството во Виетнам, расизмот, даноците и другите проблеми, зависи исклучиво од нас. Тактиките како што се овластувањата за акции и други, чекаат да бидат насочени во напад.

Револуцијата мора да се манифестира во корпоративниот сектор преку реалистична процена на состојбите во нацијата од страна на корпорациите. Корпорациите мора да престанат да баботат за „приватни сектори". Не само што владините договори и субвенции одамна ја избришале границата меѓу јавниот и приватниот сектор, туку и секој поединец и секоја корпорација во Америка се и јавни и приватни; јавни затоа што сме Американци и се грижиме за благосостојбата на нашата нација. Имаме двојна заложба и добро би било корпорациите да го разберат тоа ако сакаат да опстанат. Сиромаштијата, дискриминацијата, болестите, криминалот – корпорацијата треба да се грижи за сето тоа како што се грижи за профитот. Времето кога одделенијата за односи со јавноста во корпорациите имаа задача да ја заштитат својата корпорација од контроверзи, времињата кога се играше на сигурно, кога не смееше да се навредат клиентите демократи или републиканци, конкурентите или соработниците – тие времиња се минато. Ако може истите напаѓачки нагони за профит делумно да се пренаменат за прогрес, тогаш би започнале една сосема нова игра. Тврдам дека таквата нова политика ќе им даде на своите спроведувачи причина за она што го прават – можност за исполнет живот.

Голема битка ќе се поведе за квалитетот и цената на стоките за потрошувачка, чија цел особено ќе бидат масовните заведувачки рекламни кампањи, чија цена ја плаќа потрошувачот. Тоа ќе биде битка на народот против авенијата Медисон или „Битката кај Брдото на празните ветувања".

Секој временски план за ова би бил чиста спекулација, но доколку до 1972 година по ѕидовите не се појават натписи на организацијата на средната класа, може потоа да биде доцна.

Човечкиот повик за втората револуција е повик за смисла и цел на животот – причина за која вреди да се живее и – ако треба да се умре. Зборовите на Том Пејн: „Ова се времиња кои ја искушуваат душата на човекот", се порелевантни за Вториот дел на Американската револуција отколку за нејзиниот почеток. Ова е буквално револуција за душата. Големиот американски сон кој посегна по ѕвездите, се изгубил во пругите*. Заборавивме од каде дојдовме, не знаеме каде се наоѓаме и се плашиме од тоа каде би можело да стигнеме. Уплашени, се откажуваме

* Алузија на симболите во знамето на САД (*заб. на ред.*).

од славната авантура на потрагата по среќа и тргнуваме во потрага по илузорна безбедност во едно подредено, раслоено, пругасто општество. Нашиот начин на живот е симболизиран во светот преку пругите на воената сила. Дома го доведовме до потсмев значењето на чувар на својот брат, така што станавме чувари на неговиот затвор. Кога Американците повеќе не можат да ги видат ѕвездите, времињата се трагични. Мораме да веруваме дека е ова темнината пред да зазори нов убав свет; ќе го здогледаме кога ќе поверуваме во него.

# ЗА АВТОРОТ

Соул Алински е роден во Чикаго во 1909 година, и најпрвин се образувал по улиците на градот, а потоа на неговиот универзитет. За време на постдипломските студии по криминологија на Универзитетот во Чикаго се запознал со бандата на Капоне, а подоцна и со Државниот затвор Џолиет, каде што го изучувал затворскиот живот.

Основач е на идеологијата која денес се нарекува идеологијата на Алински и идеите на Алински за масовно организирање за моќ. Неговата работа во организирањето на сиромашните да се борат за своите права како граѓани е меѓународно призната. Кон крајот на 1930-тите тој го организирал чикашкиот реон Задните дворови (опишан во романот *Џунгла* на Уптон Синклер). Потоа, преку Фондацијата индустриски области, што ја формирал во 1940 година, Алински и неговиот персонал помогнале да се организираат заедници не само во Чикаго, туку и низ земјата, од црното гето во Рочестер, Њујорк, до населбите на Американците со мексиканско потекло во Калифорнија. Денес, фокусот на организација на Алински е свртен кон средната класа и тој и неговите соработници имаат Институт за обука на организатори. Почетните обиди за организирање на Алински резултираа со негово повремено апсење и затворање, и токму во една таква околност тој го напишал поголемиот дел од трудот *Будење на радикалите*. Тој почина во 1972 година.